# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од првото продолжение на 50-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27.12.2003 година

Седницата се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по 50-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Каролина Ристовска, Трифун Костовски, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Ѓорѓи Трендафилов, Ристо Пејоски, Љубчо Ѓеоргиевски, Љубисав Иванов Ѕинго и Али Ахмети, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Минатиот пат најавив дека госпоѓа Коезеклиска е прва да земе збор. Но бидејќи не е присутна во салата на ред е господинот Крстевски, но господинот Крстевски му даде предност на господинот Слободан Даневски. Потоа нека се припреми господинот Ѓорѓи Оровчанец.

Повелет господине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници го кршиме Деловникот во континуитет, еве реакција од пратениците дека е прекрше Деловникот, бидејќи го нема и претставникот на Владата. Мене не ми смета господине претсеателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако не ви смета повелете.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

На кого ќе се обраќам сега. За буџетот треба да зборуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во ред господине Даневски ќе причекаме да дојде претставникот. Можете да седнете на место.

Го молам претставникот на Владата ако е тука некаде во Собранието да влезе во салата.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Благодарам господине претседателе. Сигурно дека буџетот е интересна тема и момент да се направи една анализа, да се направи една ретроспектива во текот на изминатата година што е направено, затоа што буџетот е тој што ја отсликува реалната слика на една држава.

Она што го направивме ние во Парламентот да се ограничи дискусијата на 10 минути јас и го оправдувам. Тоа е демокртско право на мнозинството, сигурно следуваат и други популарни методи, можете Вие да ја ограничите и на 10 секунди, може да се донесе одлука и да нема пренос, може да се донесе одлука и на пратениците да не присуствуваат на седници, да бидат отстранети, да бидат притворен и ред други работи. Тоа е во склопот на демократијата. И сега да не излезе дека зборуваме, бидејќи укор добивме од минситерот за финансии, укорот беше ајде вие сконцентирајтесе на буџетот, зборувајте по параметри по она што е буџетот, немојте да бигате од тема на тема. Мислам дека стануваме витуози да може да зборуваме за темата како што е буџетот за 10 секунди, положуваме некои европски сандарди и она што вчера беше кажано и од говорницата, па и од господинот Хари Костов дека тие што ќе стиснат на зеленото копче се повеќе се европејци и мислам дека и ние парламентарците направивме прв изчекор, она што значи аплицирање кон европа ќе ги обориме сите рекорди да може некој пратеник да дискутира сериозно за буџетот за 10 минути. Мислам дека оваа европа ќе не прими. Но ако европјаните погледаат што е во буџетот и ги видат параметрите, многу, многу далеку сме ние од европа и од аплицирањето према европа. Во буџетот, сигурно дека би направил сега јас мое видување кратко за тоа да се кажат некој работи да се укаже на министерството да ги сослуша пратениците, без оглед дали е опозиција или позиција, затоа што немаме ние реална шанса да го протресеме буџетот, затоа што времето е малку, можеби ќе беше добро да донесевме одлука пратениците кога ќе

дискутираат за буџетот дури да не читаат и текстови. Тоа би било добро. Добро ќе беше секој да зборува вака, да им се забрани на пратениците да читаат текстови, мислам ќе бидеше подобро, затоа што такви се условите, така се наметнува целата филозовија.

Јас би апострофирал на неколку моменти, сигурно е тука претставникот на Владата и министерот за финансии што треба да размисли. Мислам дека буџетот е рестриктивен, по нешто е ист како ланскиот, препишана верзија со мало дотерување. Новина во овој буџет е тоа што имаме да кажеме некој пофалби што го носиме судскиот буџет, но во делот на судскиот буџет мислам дека не е направен изчекор, затоа што судскиот буџет односно судството никогаш немало проблем со буџетот. Она што значи да има судски буџет, ќе има независност во судството, мислам далеку е од реалноста и вистината . Моето размислување е на тоа дека масата да се зголеми на судскиот буџет. Дали ќе има судски буџет, даливаков или таков, и дали ќе биде независно судството, мислам далеку сме од реалноста.

Јас би апострофирал на друг момент, сигурно е тука министерството, што стана со средствата од така нарeчениот Бранков закон. Имено, имаме една неприродна ситуација за она што е како проект Бранковиот закон, доживеа фијаско, доживеа катастрофа, останаа добар дел на средства 30 или 40 милиона евра, тие се сигурно распределени во Министерството за труд и социјална политика. И ако гледаме дека и буџетот ни е од тој тип социјален и дека повеќе пари одат во социјалните трансфери, мислам дека би било добро овие средства, еве нека се направи еден изчекор, СДСМ нека ги даде на свои бизнисмени нека им даде по 500 илјади евра на било кој во 30 или 40 града, нека вработат по 100 или 200 луѓе, нека ги направат тие пари, нека им дадат да направат фирми. Знаеме дека во оваа држава најголем проблем ни е невработеноста. Ние во овој буџет никако не можеме да го решиме она што значи невработеност. Најголем проблем е затоа што ни се мултиплицира. Ни оди бројката феноменално 400 илјади. Невработеноста се зголемува. Ќе се наруши сега Фондот за пензиско, затоа што последните показатели ако беше во текот на оваа година 1,2 еден вработен дава сега ќе ни дојде, ќе ни се случи дека вработените ќе го намалат и Фондот за пензионери. Ќе дојде во опасност и Фондот. Ако се намали пензискиот фонд овде влегуваме во една спирала која што неможе да се поправи, затоа што во случајот ако дојде до искривување и

нарушување на балансите помеѓу вработените и оние кои издвојуваат за Фондот за пензиско, тогаш незнам како ќе се исправи целата ситуација.

Кога зборуваме за стопанството, гледаме дека буџетот како што е даден во оваа проекција, во развојната компонента ја нема, гледаме дека стопанствениците што можат да очекуваат од буџетот. Ние наместо како Парламент, како Влада, во Министреството за финансии да се стимулираат стопанствениците, стопанствениците се оставени да незнаат што да прават. Нонстоп имаат контроли, нон стоп се притиснати со некој законски проекти, нон стоп им се измислуваат давачки и што ние ќе бараме.

Прашањето до министерот ми е што и кој ќе го полни буџетот кога го уништуваме стопанството. Ако оговори министерот само на ова прашање нема потреба да дискутираме во делот на буџетот. Што и кој и како ќе го полни буџетот. Во дадениот момент стопанството ни умира на раце. Кој ќе го полни буџетот. Овие отпуштања кои беа сигурни плаќачи на давачките. Имаше масовни отпуштања од ЕСМ, од Телеком, а тие беа сигурни плаќачи на буџетот. Ако тие сега се тргнат, кои и како ќе го полни буџетот. Знаме дека стопанството ни е во распаѓање. Знаеме дека инфлацијата е 1%, а не се стимулираат извозно ориентираните фирми. Тие приказни се веќе кажани. Како ќе се полни буџетот и од кои средства. Ние влегуваме секоја година од лошо во полошо. Да не зборуваме сега за земјоделците. Еве гледаме ни дојдоа тука пред Праламентот, со крави, со кокошки, бараат помош. Владата и Парламентот не ги удостоија ни да ги примат. Како ќе им кажеме на земјоделците.  Немаме регреси, немаме премии. Ние едноставно, немаме стратегија во државата. Без разлика дали ќе ги ограничиме дискусиите на 1 секунда, или ќе правиме светски рекорди, ние знаеме која е најголемата грешка и најголемата грешка  што ја направила Владата, затоа што требаше да го чуе мислењето на сите пратеници. Да се види што, да се фондира. Не е тоа само ако се аминува да каже деа Владата ќе го истурка проектот. Сигурно дека ќе го истурка проектот. Ова ни се повторува нас со години во Македонија. Кога доаѓа буџетот и оваа Влада и претходната Влада и пред предходната Влада, ние минута до 12 го носиме буџетот. Зошто? Бегаме од одговорноста, бегаме да ја чуеме реалноста. Затоа што реалноста боли во Македонија. Научени сме да чуеме добри работи. Добро е да се чујат разни размислувања, да се упати добронамерната критика. И ова што го слушаме многу години ќе имаме вели констуктивна опозиција. Тоа е најголемата глупост. Нема конструктивна опозиција.

Опозицијата е да ја струши власта и нема што конструктивно. Конструктивноста не постои. Тоа се фрази од реал социјализмот што се наметнуваат тука. Туку да се чуеше опозицијата, да се чуеа критиките. Критиките треба да бидат упатени за да може законодавецот, за да може министерот да размисли со екипата да види што е тоа што боли, што е тоа што треба да се направи, што е тоа што треба да се измени. Да се менуваат закони, проекти. Оној што ќе доаѓа од позицијата едноставно, ќе се додворуваат пратениците до министерот, да му заврши некоја работа, да му направи некое вработување, сестра, братучетка, да му префрли пари. Ако има некој средства неплатени тоа ќе биде укажувањето на пратениците колеги од СДСМ. Тие како да дојдат до министерот Поповски не може поинаку, ќе речат браво министре добар си. Му правите лоша услуга на господинот Поповски. Немојте да го ставите човекот во незгодна позиција да ја испомеша работата. Треба да настапите отворено. Да ги кажете сите лоши работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам продолжете, имате 15 секунди плус.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ова мое укажување, уште колку ми остануваат господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Уште минута и пол.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Најдобар потек е ова ти се вели напушти. Што ќе се направи за минута ипол. Она што стои во самиот даден буџет, ние многу дискутиравме во делот на оној законски проект така наречен тетовски универзитет. И сигурно фарска и демагогија е во самиот буџет кој што нема средства за тетовскиот универзитет, тука се измачуваме и имавме исцрпни дискусии во делот на тоа што ќе значи легализација на т.н. Тетовски универзитет, не се прелиени средства и се повторува она што ние е пракса во Република Македонија , најкомепетентни, најстручни луѓе во делот на високото образование, почнувајќи од ректорите, не го кажаа своето мислење и обично бегаат од одговорноста и

секогаш ни велат што се доведовме во оваа држава, кој ни ја водат државата, т.н. некои политичари кои се нашле во играта на случајностите и станале политичари и не се ни стручни, не се ни компетентни. Тие што се стручни и компетентни бегаат, да не кажам како што. Бегаат од одговорноста да го кажат тоа што треба да го кажат. Бегаат затоа што да го чуеме ние гласот на тие стручни и компетентни луѓе, да може ние да направиме една градација, да направиме едно расудување  да размислиме, да поддржиме, да критикуваме. А што, тие кога треба, кога е густо нешто во државата професори универзитетски бегаат. Кога треба нешто да искритикуваат ќе најдат некое новинарче или преку Колумна ќе ни кажат некои работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски завршија вашите единаесет ипол минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас ве разбирам господине претседателе, дојдоа такви времиња подобро да се жив отколку мртов. Така е господине претседателе. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинот Оровчанец, а нека се припреми пратеникот Спиро Мавровски.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Во овие услови на еден рестриктивен буџет и рестриктивна демократнија од страна на Парлементот, со 10 минутно изјаснување, морав да го срочам и напишам она што сакав да го кажам, бидејќи не сум во состојба слободно да го изразам, затоа што ми треба повеќе време. Овие 10 минути се малку за ова, па и неизлегувам надвор, затоа што и пиењето вода на говорницата би ни одземало време.

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници.

Буџетот е правен и економски акт во секоја земја. Секоја земја, се разбира, е претставувана од предлагачот на овој акт, во овој случај Владата, треба навремено, потенцирам навремено да се осврнува на процедурата, содржината, тајмингот за донесување на истиот и тоа поради специфичноста која буџетот ја поседува.

Факт е дека буџетот не се става на расправа на само една недела пред отпочнување на календарската година за кој е наменет и народски кажано 5 минути до 12.

Буџетот е документ кој нужно бара огромна опсервација во сите негови делови. Опсервацијата би довела до систематско проникнување во неговата содржина и анализирање на квалитетот на распределбата на средствата со што би се воочиле определените пропусти и во крајната инстанца би се корегирале. Тоа не може да се направи во таков краток период или не е квалитетна анализа на евентуални предлози или нема да бидат во онаа мера кои требаат и заслужуваат.

Ова го упатувам како најдобронамерна критика до Владата, а во итнерес и на македонската јавност и на граѓаните за кои ние постоиме и функционираме.

Доколку го погледнеме Предлог-Буџетот ќе увидиме дека недостасува неговата развојна компонента. Непостоењето или подобро речено неприсуството на значителен дел од средствата кои ќе бидат искористени во функција на развој, не е во согласност со напорите за приближување од незавидна позиција и избегнување на колапсот и крахирање на општеството и државата. Дополнителна критика давам кон неодговорниот однос на одредени општествени сегменти во издвојување на поголеми средства кои би биле во функција на подобрување на нивната позиција.

Во рамките на оваа теза би сакал да се осврнам на еден исклучително битен сегмент од македонската полулација која во последно време беше доста присутна и актуелна во јавноста. Станува збор за студенската популација која претставува генератор на сите општествени процеси, тоа е популација од чии понатамошен квалитет ќе зависи и степенот на развој во државата. Тоа е факт, тоа е природен закон и токму затоа, на таа популација треба да и посветиме особено внимание и тоа во прв ред во насока на подобрување на условите за живот, т.е. сместувањето, исхраната и условите во домувањето, за зголемување на фондовите за стипендирање на млади таленти и перспективните студенти за подобрување на квалитетот на наставата преку обезбедување на средства за дополнителна поддршка на наставниот процес и ред други работи кои мораат да бидат направени. Едноставно кажано треба да работиме во насока на подобрување на стандардот на студентите и секако на учениците затоа што по аналогија и правило тие се идните академски граѓани. Затоа ме заинтересираа ставките кои по правило се наоѓаат првенствено во рамките на Министерството за образование и наука и второстепено во значителен помал обем во Агенцијата за спорт и млади. Најискрено се разочарав, некои средства се толку мали, толку минорни што неодаваат

впечаток на сериозност на оној кој ги предложил. Некој пак не се во таа мера во која треба да бидат и кое секое општество кое држи до својата вредност ги одделува. Образованието е битен сегмент во процесот и заложбата за развој, па затоа и треба да се одвојуваат повеќе средства за таа функција. Во таа смисла е даден и амандман каде што гледаме дека вкупно за наука се даваат средства кои се дупло по големината на средствата одделени за мебел и други тракатанци во Министерството за образование и наука. Незамисливо и нелогично е да се издвојуваат толку мали суми за стандардот на учениците и студентите. Нивните потреби треба да бидат приоритет во сервисирање од страна на државата, сатоа што само на тој начин ќе докажеме дека од декларативно ќе поминеме кон конкретно и практично. И само на тој начин ќе им покажеме на тие млади луѓе дека вредат, дека државата одвојува посебно внимание на нивниот развој со што дополонително ќе ги мотивираме комплетно да се вложат во надградба на своето знаење и да ја совладаат наставната материја поефикасно. Катастрофалниот нискиот износ кој се одвојува за поддршка на млади таленти, односно средтва за стимулации, или подобро кажано за прежување на студентите во прв ред, стипендии и кредити треба да има во огромен број , бидејќи факт е дека во оваа ситуација, во која се наоѓа државата,. родителите не се во можност во целост да ги подмират трошоците за образование на своите деца. Чинам и дека токму овие стипендии и кредити во реалноста се повеќе во нив ја содржат социјалната компонента и се повеќе имаат улога на еден вид на социјални трансфери. Затоа е и потребно драстично зголемување на средствата за таа намена.

Длабоко сум уверен и знам дека и вие се согласувате со тоа дека одвојувањето на наменски пари, токму за студентите ќе наиде на широк граѓански и политички консензус и никој нема да биде навреден или лут поради тоа. Тие млади луѓе заслужуваат многу повеѓе неоспорно. Несватливо исклучително малку средства се наменети за набавка на дополнителна помош на наставниот процес, како што се лабораториска опрема, технички помагала за поефективно изведување на наставата и останати средства од кои korиста е навистина голема.

Би сакал да се осврнам на една поента која според мене и фактичката состојба е контрадикторна. Имено, во последнава година, особено во последниот месец министерот за образование и наука ја форсира тезата дека во идната година ќе се поработи на зголемување на студенскиот стандард и тоа преку донесување на нов закон кој ќе донесе

поголеми бенифиции за студентите и ќе ја подобри нивната позиција која моментално е очајна. Значи министерот тврди дека со тој нов закон кој ќе се донесе во идната година драстично ќе се зголеми стандардот на учениците.

Доколку ги истаргетираме проблемите кои ги оптоваруваат студентите, а кои се директно поврзани со нивниот стандард, ќе забележиме дека основни проблеми се лошите услови за живеење во домовите, лоши санитарни јазли, прокиснати соби, руинирани и застарен инвентар, слаба исхрана и слаби хигиенски услови.

Дополнителен проблем е недостаток на капацитети за сместување во постоечките студентски домови кои не обезбедуваат легла за илјадници студенти кои потоа се приморани да се снаоѓаат со изнајмување на станови што дополнително го оптоварува нивниот семеен буџет.

Тој недостаток на сместувачки капацитети придонесува на почетокот на студентската година во октомври студентските домови да прераснат во вистински пазари каде цената на место за спиење достигнува до 700 евра. Тоа се проблемите.

Од друга страна, како што веќе реков, најавата за драстично подобрување на стандардот со новиот закон кој треба да биде донесен, по редот на нештата и по логиката на здрав разум тоа би значело комплетно или делумно реновирање на домовите и замена на уништениот инвентар. Во поголема инстанца драстично би значело изградба и на нови студентски домови.

Ако ги погледаме средствата предвидени за стандардот од кои треба да се финансира и законот кој министерот го најавува ќе видиме дека тие не се доволни за делумно поправање на студентските домови, а камоли за нешто повеќе. Значи, или министерот лаже дека новиот закон ќе биде супер позитивен или направиле превид во определувањето на средствата. Во секој случај она што и претстаавникот на студентите Стамболиева го кажуваше во Буџетот, во разговорите со министерот не може да се согледа или со други зборови кажано студентите и те како беа во право кога штрајкуваа за своите права и подобрување на нивниот стандард.

Мора да се обрне внимание на студентската популација, внимание за учениците за условите во кои се образуваат и живеат. За таа цел јас поднесов неколку амандмани со

кои мислам дека би ја подобриле состојбата во овој исклучително битен и значаен општествен сектор.

Во зависност од времето и валидните калкулации и политики ќе видиме дали ќе бидат уважени овие предлози. Сепак обврска на сите нас ќе биде поактивно да се вложиме во подобрување на условите за студирање на младите луѓе затоа што тоа е наш долг и обврска.

Се надевам дека во иднина за студентите и учениците ќе бидат издвојуваани повеќе средства. Корист од ова ќе имаме сите ние. Ви благодарам,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам господине Оровчанец.

На ред е господинот Никола Груевски, но него не го гледам, по него е на ред господинот Ангел Димитров, а нека се подготви пратеникот Јусуф Арифи.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Министерството за финансии.

Деновиве една новоформирана коалиција во сите дневни весници објави декларација во која, покрај другите работи, наведе дека доколку тие дојдат на власт Буџетот наместо потрошувачки ќе го направат развоен. Сето тоа не би било толку нелогично и интересно ако во Македонија имавме многу силна социјална држава во која износите на социјална помош и другите социјални давачки се толку многу високи да не само што ги задоволуваат нормалните потреби на населението, туку предизвикуваат кај невработените незаинтересираност за вработување. За жал, во Македонија износите за социјални примања и надоместоци се толку ниски што овие граѓани едвај ја обезбедуваат својата егзистенција. Затоа е незамисливо да се спроведе таква буџетска политика со која ќе се скратат износите за социјални трансфери со цел повеќе пари да останат во стопанството кое ќе ги употреби за неговото заздравување, за нови инвестиции и за нови вработувања.

Пишувачите на декларацијата не кажаа како Буџетот ќе го направат развоен. Можеби ќе ги зголемат даноците, а зголемените приходи во Буџетот ќе ги употребат за капитални инвестиции, за помош во земјоделието итн.

Ова би било возможно ако нашите фирми се финансиски стабилни и без проблем можат да го понесат зголемениот даночен товар. Но, овој момент нашите трговски друштва препуштени на ветрометината на светската конкуренција и се уште незаздравените рани од транзицискиот период едвај го издржуваат и овој даночен товар, а камоли додатни задолжувања.

Ако подобро размислиме во овој момент кога 90% од буџетските средства се трошат за плати за јавната администрација, за социјални трансфери, за тековни трошоци и за отплата на долговите спрема странство, неможно е да направиме развоен буџет кој ќе влијае на зголемување на ставката на раззвојот. Затоа дискусиите од типот дали средствата за детски додаток предвидени во Буџетот се доволни, дали социјалните додатоци се доволни, дали средствата за земјоделците се доволни, дали за културата доволно сме издвоиле се обична демагогија ако притоа не се предложи од кого овие средства треба да ги земеме за да на овие потрошувачи ги зголемиме.

Се разбира, мораме да работиме на намалување на јавната администрација, како би се намалиле расходите за плати од Буџетот, но сите ние многу добро знаеме дека е тоа многу голем процес кој не можеме да го направиме на краток рок.

Навистина ми е жал што ваквите реалистички гледања на економската состојба во која се наоѓа Македонија звучат песимистички и предизвикуваат растечко разочарување кај нашите граѓани. Но, ова се случува во сите земји во транзиција каде новите демократски процеси и институции не можат да го спречат процесот на натамошно социјално и економско назадување.

Дали имаме шанси за зголемување на економскиот раст, отворање на нови работни места, а со тоа и за намалување на сиромаштијата. Се разбира одговорот е да, затоа што буџетската политика не е единствената која може да се искористи за развој на економијата.

Во натамошното мое излагање ќе се обидам да наведам некои мерки и инструменти на макроекономската политика кои можат да го поттикнат развојот.

Во прв ред сакам да ја истакнам неопходноста од промена во монетарната политика која во последните десетина години имаше една единствена цел фиксен девизен курс на денарот и ниска инфлација. Многу наши, но и странски експерти докажуваа дека прифаќањето на фиксниот девизен курс навистина води до ниска инфлација, но истовремено доведува до побавен економски раст особено кај транзициските економии, како што е нашата.

Политиката на раководење со побарувачката или подобро кажано ограничувањето на побаарувачката која сите овие десетина години беше сугерирана од страна на ММФ и од Светската банка навистина се покажа успешна во одржувањето на стабилноста на цените, но истовремено стана многу јасно дека само со управувањето на побарувачката не е возможен одржлив раст на економијата. Затоа во иднина мораме да водиме порелаксирана монетарна политика со што стапките на инфлацијата ќе ги држиме над 5% со што ќе влијаеме на зголемувањето на агрегатната побарувачка која позитивно ќе влијае на производството и на новите вработувања.

Од друга страна поради депресијацијата на курсот на денарот позитивно ќе влијае на зголемувањето на извозот и намалувањето на трговскиот дефицит кој бележи постојано зголемување.

Мислам дека стравот од неконтролирано зголемување на инфлацијата е сосема неоправдан и нелогично е Македонија да има стапки на инфлација многу пониски од многу развиени држави во светот.

Втората област во која ќе мораме да преземеме одредени промени е зголемувањето на кредитната активност т.е. поголемото искористување на странските кредитни линии кои, за жал, стојат неискористени во нашите деловни банки. Навистина е апсурд во моментов кога на стопанството му се неопходни дополнителни финансиски средства да опаѓа процентот на одобрените денарски и дефизни кредити кои банките ги одобруваат на претпријатијата, а притоа банките го зголемија интересот за купување на благајнички записи и покрај тоа што овие нудат многу пониски каматни стапки.

За оваа цел многу бргу мора да го донесеме законот за формирање на гарантен фонд кој долго време се најавува и ќе биде гарант за добрите проекти кај кои инвеститорите немаат недвижности како гаранција.

Истовремено ја поддржувам идејата за трансформација на Агенцијата за приватизација во инвестициски фонд во кој ќе се слеат не само средствата од неприватизирани претпријатија, туку и од продажбата на државните објекти, земјиштето и приваатизацијата на аптеките и на другите објекти од здравството.

Ова е добра можност овие средства да се искористат за инвестиции и за развој, а не за зголемување на буџетската потрошувачка. За разлика од Македонија каде само донесовме Закон за инвестициски фондови во Словенија и Хрватска овие фондови се главните носители на инвестициската активност.

Следната тема е привлекувањето на странските инвестиции и тоа не само во инфраструктурните објекти, туку и во бизнисот, со што ќе добиеме и современа технологија и нови пазари кои се неопходни за нашето стопанство.

На странските бизнисмени треба да им понудиме поволни концесии како во енергетиката, транспортот така и во земјоделието. Земјоделието, прехранбената индустрија и трудоинтензивните дејности ќе дадат резултати на многу краток рок. За таа цел треба да го стимулираме развојот на мрежа на регионални и локални развојни центри кои ќе ги потпомагаат не само малите и средните претпријатија, туку исто така и земјоделците кои располагаат со сопствена земја, но и плодоуживателите кои покажаа интерес за обработка на државното земјиште.

На крај, изградбата на капиталистички начин на стопанисување не значи целосно оддалечување на државата од бизнисот. Таа во иднина нема да именува директорите на државните претпријатија, но затоа мора да го потпомага претприемништвото. Впрочем, таква држава која целосно го применува принципот на (кажува странски збор) во економијата и не применува никаква државна интервенција, никаде во светот не постои, а колку пазарот е понефлексибилен и понеизграден, потребата од државна интервенција е се поголема.

Доказ дека ваквата економска политика може да спроведува една земја како што е Македонија која се наоѓа во транзиција е најдобар пример Република Словенија.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Димитров

Господинот Блаже Стојаноски, реплика.

Повелете три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас се надевам дека колегата Димитров за 10 минути можеби му беа и повеќе време отколку што беше потребно затоа што нема многу за фалење во овој Буџет, меѓутоа, сигурно дека не можам да се согласам со некои ставови кои беа наведени, а кои зборуваа за некаков развој за стопанство, за економија во услови кога во Република Македонија има исклучително негативни тенденции во оваа насока и ако претставува некаква искрена надеж тоа што се предвидува зголемување на бројот на невработените, зголемување на цената на струјата за наредната година, јас не знам што би можеле да очекуваме кога во овој Буџет немаме никаква развојна компонента и никаква надеж за реализација на некои проекти кои ќе значат поттикнување на стопанството на Република Македонија, а со самото тоа раздвижување на економијата.

Изгледа тунелот по кој одиме не е тунел, туку е  црна дупка од која нема излез. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Србиновски реплика.

Повелете 3 минути.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе.

Претходниот дискутант го запрашувам дали Законот за Фондот за земјоделие го оправдува што се укинува, дали ги оправдува премиите што се укинати на земјоделците особено поремијата на пченицата, тутунот, сончогледот, шеќерната репка.

Дали ги оправдува овие раaботи затоа што дојдовме до работ на пропаѓање на земјоделието, а кажавме што значи земјоделието за Република Македонија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута за господинот Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Ќе имаме точка на дневен ред за земјоделието, па можеме повеќе да разговараме. Очигледно дека некои од пратениците мислат дека само Фондот за земјоделие е начин за стимулирање на земјоделието. Нека ги погледнат земјите во транзиција па ќе видат какви начини на трансформација може да има. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Спиро Мавровски има реплика од 3 минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван колега Димитров мислам дека со ова што го искажавте за Буџетот не кажавте ништо она што е добро, а мислам дека требаше да го кажете точно тоа, вие кажавте дека ова што Владата се обидува цело време одиме во погрешна насока, јас така ве разбрав, ако ве разбрав правилно, затоа што фиксниот девизен курс и она што значи помала инфлација ни донесе 400.000 невработени кои ќе се зголемуваат и понатаму, значи, тука немаме никакво оправдување на овој Буџет кој го предлага Министерството за финансии. Тоа е едно.

Трговскиот дефицит се зголемува, ништо не преземаме да го намалиме тој трговски дефицит и странските директни инвестиции за кои се обидуваме да правиме некои агенции кои ќе привлечат странски директни инвестиции, но од друга страна се

правиме во нашите судови како да ги оцрниме тие луѓе што дошле и што инвестирале во Република Македонија и се да се постави на некој начин да биде криминално и едноставно побаруваме нешто, а се молиме да не дојде за да го направиме истото шт го правевме години наназад за да можеме да доприватизираме или да можеме само едноставно да продадеме објекти а работниците повторно да останат без работа и оваа бројка од 400.000 илјади многу бргу да се зголеми на 450.000, но да не даде господ.

Затоа мислам и вашите прашање на Комисијата не ги одговори никој, од министерот не видов ни писмено ни усмено да одговори на овие барања и јас сосема се согласувам една Словенија која не прифати никакви наредби од ММФ еве сега влегува во Европската Унија, а ние сме далеку со светлосни години и зад Словенија, далеку и од Европската Унија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута за господинот Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Ја сфаќам репликата на господинот Мавровски во суштина такви се сите дискусии на праатениците од опозицијата. Тие сакаат сите слабости во државата да ги решаваме преку Буџетот. Затоа овде се спомнува и за судството и за бркање на инвеститорите, како да се решава тоа со судството. Дали предлагаат да го намалиме Буџетот затоа што судството е неефикасно по нивни  видувања. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Зоран Крстевски, бидејќи претходниот дискутант се откажа, а нека се подготви господинот Тито  Петковски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, дами и господа пратеници.

Прво го искажувам револтот зошто се ограничува дискусијата на нас пратениците особено што таа идеја и иницијатива дојде од Премиерот на Владата, кој, колку што знам,

не е пратеник и со тоа уште еднаш се покажа дека согласно Уставот поделбата на извршна и законодавна власт скоро и да не постои.

Навраќајки се на денешниот Буџет за 2004 година прво би кажал дека тој е скоро сличен или идентичен со Буџетот што го имавме во минатата година кога истата оваа Влада, само различен министер за финансии, не убедуваше за тоа дека тој со своите перформанси, со начинот на реализација ќе ја стабилизира Македонија и ќе отвори развој.

Сепак имаме дивергентни процеси, најголема невработеност, најголем трговски дефицит, зголемена надворешна задолженост на државата, огромни проблеми во земјоделието, зголемени даноци и една општа безперспективност кога се работи за странските инвестиции.

Се поставува прашањето ако тој Буџет беше таков и доведе до тоа, што е целта и идејата на оваа Влада да предложи по структура ист Буџет и воопшто да не покаже ни еден инструмент или како што ги викаат политики со кои ќе покаже дека има капацитет да води реформи и да ја извади земјата од длабоката економска криза.

Буџетот е со високо учество во бруто домашниот производ и како таков сам по себе е голем степен на зафаќање на стопанството и е оптоварување на истото.

Со самата структура на Буџетот кој е поставен во функција на социјала, а не на развој, покажува дека дополнително ќе биде оптоварување на стопанството и не постојат во него.

Основната дилема која се поставува зошто со овој буџет повторно се прокламира цврст девизен курс и ниска инфлација кога по тие прашања ЕУ на пример има неутрален став и се покажува дека сите земји во регионот кои ја применуваат подолго време таа стабилизациона мерка, на другата страна не можат да си ги решат основните развојни проблеми, односно им се н атрупуваат проблемите со невработеност, пропаѓањето на фирмите, им се зголемува трговскиот дефицит. Овде една Словенија која се споменува како пример во целиот овој транзиционен период не спадна под 5% инфлација и не дозволи курсот да биде таргетиран согласно стратегијата на ММФ за сиромашните земји, со што овозможи за себе голем развој. Не би бил проблем трговскиот дефицит, ако во државата растеше индустриското производство. Но, податоците покажуваат дека освен во две индустриски гранки како што е металургијата и преработката на нафта и нафтени деривати, продажбата на нафтени деривати, електричната енергија, во сите други гранки, во 20 гранки во Република Македонија, индустриското производство е во рапиден пад. Тоа покажува дека се води погрешна политика и дека нема реформи пред се во преструктуирањето на стопанството и создавање услови од високо зависно стопанство,

суровинско зависно стопанство и енергетски зависно стопанство да се прејде на едно модерно прилагодено на регионалните и светските економски токови.

И во излагањето на министеерот невидовме кој е неговиот став во однос на курсот и не видовме кој е неговиот став воопшто со односите помеѓу извршната власт и монетарната власт. Ние сме свесни дека со домашна акумулација не можеме да одиме напред. И оттука се поставува прашање како можеме да поттикнеме странски инвестиции. Се покажа дека оваа Влада е неспособна оваа година тоа да го направи со само 25 милиони долари инвестиции во кои еден дел се во медиумите како најголема инвестиција, скоро и да немаме интерес на странците за странско инвестирање. Зошто е тоа така? Прв и основен проблем за ваквите држави е политички проблем. Странските инвеститори не им веруваат на Владите во ваквите држави, затоа што не можат да обезбедат политичка безбедносна состојба, не можат да обезбедат неутралност на државната администрација и не можат да обезбедат независност на судството. Тоа се основните причини на кои оваа Влада треба да посвети внимание ако сака да има директни странски инвестиции.

Второ, оваа Влада нема поддршка во тој дел и од ЕУ, бидејќи главниот исчекор кој треба ние да го направиме е всушност од ЕУ да го добиеме правото на акумулативната клаузула која ќе овозможи интерес на фирми од земјите членки на ЕУ да дојдат овде и да оснивaат компании, бидејќи нас сега без таа клаузула не ни е дозволено преработка на суровини во Македонија и извоз во земјите членки на ЕУ. Според тоа, ако се споредуваме со земјите во нашето соседство, ќе видиме дека една Бугариај има преку една ипол милијарда евра инвестиции, ќе видиме дека една Словачка има една милијарда, Словенија 2 милијарди итн, што значи дека основен двигател за развој на едно стопанство можат да бидат само директните странски инвестиции. Оваа Влада со политизирањето на судството и со слабите реформи во државната администрација подведувајќи ја само на коалиционите интереси околу спроведувањето на дел од Рамковниот договор, не овозможува интерес кај странските инеститори да дојдат и да инвестираат во Македонија.

На крајот би рекол уште тоа дека идната година ќе биде полоша од оваа година и како што рече г-динот Жерновски во една друга прилика, јас се надевам дека ова е последен буџет на оваа Влада.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Реплика има министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, ќе бидам и пократок од три минути.

Прво, благодарам на г-динот Крстевски за сите сугестии што ги даде на Владата за тоа каква политика да води. Се надевам дека ќе најдеме нешто што ќе можеме да го примениме од тоа. Меѓутоа, сакам да укажам, таму каде што зборуваше не со квалификации, туку со квантификации да го поправам.

Прво, кажав дека во оваа и во наредната година Република Македонија е најзадолжена досега. Веднаш да поправам, да кажам дека надворешниот долг оваа година е 35,7% од бруто домашниот производ, идната ќе биде проекцијата е 34,1. Само за споредба 2002 кога г-динот Крстевски беше потпретседател на Владата 41,6, 2001, 42, 2000-та 36,9, 1999, 38,6. Сите тие 4 години имаме повисока задолженост од оваа и наредната година, што значи тоа не е точно. После кажа дека Буџетот оваа година има исклучително високо учество во сферата на потрошувачката од бруто домашниот производ. Тоа исто така не е точно, затоа што расходите на централнот буџет ќе бидат на ниво од околу 21% од бруто домашниот производ и тоа воопшто не е висока потрошувачка. Таа е од прилика иста со нивото од 1990 година и 2000, а многу помала од

2001 и 2002 година кои ќе ги исклучиме затоа што во 2001 беа воените расходи, а 2002 изборните расходи на тогашната Влада.

И третата работа што сакам да ја преправам, е дека сите индустсриски гранки имаат надолен тренд, сите, повторувам, така беше кажано, освен енергетиката и металите. Веднаш да кажам дека тоа не е точно, имаме извод од Завод за статистика каде што може да се види дека минимум половина од гранките имаат нагорен тренд и на тоа се должи растот. Кажувањето дека сите други освен овие две, е апсолутно неточно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не можете на реплика, контрареплика. Може само г-динот Крстевски ако има контрареплика, повелете.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Мислам дека и министерот треба да ги прочита статистичките билтени и да види дека апсолутно надворешниот долг на Република Македонија се зголемува. Тој сега нас ни кажува колкава е задолженоста по однос на ЦДП. Тоа се сосема две различни методи на мерење. Тоа е едно.

Второ, јас не реков во сите гранки, туку реков дека во повеќето над 20 ја спомнав бројката има индустриски пад. А ако се погледа структурата на тие, ќе видите дека тука се најчувствителните гранки преработувачката, текстилната индустрија, земјоделието и се она што на одреден начин зафаќа повеќе од пеесетина проценти од вработените во стопанството во Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Блаже Стојановски, процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Согласно она што претходно беше кажано во однос на репликите. Јас сакам да имам објаснување, еве тука е секретарот, во однос на членот 86 од Деловникот каде што стои дека на пратеникот кој побарал збор да исправи неточно пренесен навод, или навод што предизвикал недоразбирање или потреба од лично дообјаснување, претседателот ќе му даде збор, реплика кога говорот ќе го заврши оној кој ја предизвикал потребата од исправката. Во говорот пратеникот мора да се ограничи на исправката, односно на личното дообјаснување и тоа не може да трае подолго од три минути. Реплика на репликата е дозволена еднаш во траење од една минута. Согласно член 86 јасно е кажано дека се однесува на реплика од страна на пратеник на дискусија на пратеник, или на предлагачи.

По однос на она што вчера се изгласа во Собранието, односно се утврди како такво, тоа е примената на член 83 од Деловникот каде што стои дека по предлог од претседателот или од еден пратеник чие барање го поддржуваат најмалку десет пратеници на почетокот на претресот по одделно прашање Собранието може да одлучи пратеникот по исто прашање да може да говори само еднаш во траење од десет минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот на актот, или материјалот во траење од 15 минути. Што значи, сакам да биде расчистена дилемата, дали предлагачот има право да дава реплики на пратениците, или треба пратениците да даваат реплики на пратениците. Или пак ако предлагачот зборува, тогаш пратениците треба да имаат право да дадат реплика на неговите искажувања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Стојан Андов, реплика на г-динот Крстевски.

(Реакции од пратениците)

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Нема таква пракса во Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Имаме ли претседател на Собранието? Вие ми дадовте ли збор?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви дадов збор. Вие имате реплика.

СТОЈАН АНДОВ:

Зошто дозволувате другите да ви го водат Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има право секој да даде реплика на претходниот говорник. Тоа што некој сега тоа го користи на чуден начин, тоа деловнички не е ограничено.

Повелете, реплика на г-динот Крстевски.

СТОЈАН АНДОВ:

Сакам да обрнам внимание на две поенти на г-динот Крстевски, да се доразјаснат, ако сака тој ќе ни ги доразјасни. Сакам да укажам дека степенот на задолженост и обемот на задолженост во тековната година не може дефинитивно да се утврди каков ќе биде со оглед на огромниот трговски дефицит кој е битно поголем од порано кој ќе повлече дополнително задолжување. Значи, тоа ќе биде искажано идната година, но оваа година ќе треба да се плаќаат сметки од оваа година.

Второ, што се однесува до индустриското производство. Точно е тоа дека индустриското производство имаше некој пораст околу 5,5% во просек. Но, тенденцијата на индустриското производство веќе во октомври има пад. Според тоа, и тоа треба да се знае, заради тоа што базата од претходната година давала можност за такво зголемување. Тенденцијата е сега веќе во опаѓање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Претпоставувам дека го корегиравте г-динот Крстевски.

Дали г-динот Крстевски се согласува со оваа корекција како контра реплика?

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Мислам дека состојбите се уште полоши, заради тоа што во земјоделието оваа Влада направи таков ршум и не обезбеди домашно производство на жито. Оваа Влада ќе мора околу 100-тина милиони долари да потроши на пополнувањето на потребите на мелничката индустрија. Така што само ќе расте надворешното задолжување.

Второ, во ова Собрание ние веќе земавме кредити од околу 200 милиони долари, и што е нај лошо за овој министер што во наредните две години нема да има поддршка за покривање на буџетскиот дефицит што дополнително ќе оневозможи да се исплаќаат некои функции од буџетот, посебно во здравство, образование итн.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господине претседател, г-дине министер, простете прво за една дигресија пред почетокот на она што имам намера да го кажам, бидејќи многу мои колеги својата дискусија ја почнуваа со некоја алузија на времетраењето на дискусијата. Во една кореспонденција два ума што многу ја задолжиле светската цивилизација, некои ги знаат веќе, меѓутоа, не сакам да ги спомнам заради некоја негативна конотација. Едниот му пишува на другиот, вели: извини што сум опширен, бидејќи немам многу време да бидам кус. Но, не излегов за тоа. Излегов нешто да прашам, да замолам и да сугерирам.

Комисијата за одбрана и безбедност мислам дека, еве и моите колеги ќе се сложат независно од која политичка партија се, минатата година ја исполни со многу активности. Бевме присутни на многу тркалезни маси и во земјата и во странство, или Комисијата во целина, или поединечно членовите на Комисијата и да ви кажам искрено, мислам дека сме наоружани со знаење нешто да промениме на планот ако е можно и околу промена

на подготовката на постапката за промена на буџетот. Пред се да кажам дека ние како Комисија го поддржуваме предлог -буџетот тоа го имате во извештајот од работата на Комисијата и расправата. Но, сугерираме нешто друго. Од самиот старт на подготовката на буџетот од идна година претпоставувам дека тоа ќе биде март кога ќе треба да се прави анализата за извршувањето на буџетот од оваа година и кога ќе почне веднаш таа активност околу изготвувањето на новиот буџет и преписката меѓу министерствата и сите корисници на Буџетот, ние би сакале како Комисија за одбрана и безбедност да бидеме во тек од самиот старт за да можеме да ја оствариме нашата уставна позиција како контролен механизам во сверата на одбраната и безбедноста. Имено, би сакале да учествуваме, да партиципираме за да можеме таа уставна позиција на Собранието и на Комисијата да ја остваруваме, да бидеме вклучен на самиот старт како се ангажираат парите во сферата на одбраната и безбедноста за да можеме и да разбереме малку повеќе, бидејќи во овие позиции сега што се во буџетот не е толку транспарентно за да може намената на сите средства точно за нас пратениците да биде читлива и разбирлива. Сигурно некој со право ќе каже дека никаде тоа не стои, нема во законот некоја одредба која упатува на таа работа. Но, би било добро да промениме околу транспарентноста на работата и особено приговорите да се амортизираат и во јавноста особено од опозицијата. Не се знае сега е една, може после следните избори ќе бидат други во опозиции, да создадеме систем во кој ќе треба точно да се знае намената на средствата, а таму се ангажираат многу средства во одбраната и безбедноста. Поради тоа молиме ако може, значи да имаме таков пристап, впрочем таков пристап во изготвувањето на буџетите имаат сите Европски земји. Актуелниот министер ниту беше во позиција тоа да го направи, тој само еден месец е министер. Но, претпоставувам дека ќе го има во вид ова наше залагање на Комисијата во целина.

Второ, што исто така во име на Комисијата сакав да прашам. Ние имаме намера во текот на идната година да организираме, тоа го програмиравме како комисија, да организираме неколку расправи, неколку тркалезни маси и да издадеме две три публикации. Дали можеме да сметаме на некои средства во рамките на оние што се на Собранието, за работа на Собранието околу 120 иљјади денари. Иако имавме намера да поднесеме амандман, рековме дека тоа не е голема сума и ако може да добиеме некој одговор дали е можно во рамките на средствата со кои што располага Собранието да побараме ангажирање на толку средства.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Прво, да му се заблагодарам на претседателот за точно искажаното презиме. Се надевам дека и во иднина така ќе продолжи.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Влада,

Јас од вчера, а и денес не можам да се изначудам на до крајни граници перфидно изведениот маневар од страна на СДСМ за употреба на членот 83 од Деловникот на Собранието на Република Македонија а со помош на претседателот, се разбира г-динот Јордановски само со ставање на гласање на употребата на членот 83. И ќе повторам без констатирање дали тој предлог кој беше предложен од колегата Никола Апостоловски е прифатен, или не е прифатен.

Морам да кажам г. претседателе дека ова е сепак манипулирање со Деловнико, вака како што започна. Имавме добар тренинг со ограничување на дискусиите за буџетот дека и во иднина така ќе продолжите, со оглед на тоа што ни идат вистински закони - територијална поделба, финансирање на општините, малоречанскиот, многу вежен од стратешки цели, универзитет итн.

Навистина е трагикомично за само 10 минути да образложиме што содржи овој буџет како еден од најважните акти на една држава. Во стилот на трагикомичноста јас ќе продолжам да дискутирам по буџетот со истата траги комичност со оглед на состојбите на истите тие трагикомични состојби кои постојат во буџетот на Република Македонија .

Од вчерашното експозе на министерот за финансии г. Никола Поповски чие експозе го добивме, посебно ми падна во очи неговото потенцирање на превисоката невработеност и на нивото на сиромаштијата на државата.

Според г. министер тоа ниво со 1 декември 2003 година, е 390 илјади невработени, меѓутоа не е исклучено според министерот дека ќе се прошири таа психолошка бариера од 400 илјади невработени, што секако претставува огромен проблем на економијата и на луѓето на Република Македонија .

Во контекст на тоа г. Поповски најави продолжување на реформите во јавната администрација со темпо кое економски и социјално може да се издржи, значи со намалување, нејзино намалување од 4% едновремено водејќи сметка за обврските кои произлегуваат на нашата држава од уставните амандмани од 2003 година и од политиката за наше натамошно интегрирање во ЕУ, кои предизвикуваат соодветни обврски  во буџетот. Значи од 120 илјади вработени во администрацијата кои постојат процентуалниот износ од 4% е 3000 невработени, нови невработени, така да психолошката бариера не само што ќе биде пробиена, туку таа ќе стане и над 400 илјади невработени. Едновремено, како што кажа министерот, ние ќе имаме нови вработувања, значи внимавајте, нови вработувања и тоа  600 припадници на заедниците во јавната администрација, 564 во Министерството за одбрана во насока на исполнување на стандардите за членство во НАТО, или вкупно 1146 нови вработување наспрема 3000-те отпуштања од јавната администрација.

Во исто време во образложението кон буџетот на Република Македонија воопшто не е презентирана пресметка на трошоците за реформи во јавната администрација во кој случај ќе можеме да видиме во кој буџетски корисник колку лица ќе бидат отпуштени и со која динамика ќе биде нивното отпуштање. Ние имаме само раздел тој и тој, функции на држава, надомест по основ на реформа на јавната администрација на износ од 922,092 илјади денари или околу 15 милиони евра.

Мене ми се чини дека Владата тука сеуште нема ниту план, ниту концепција, па со предложениот буџет сака да си обезбеди право да троши колку сака, како сака со оглед на тоа дека 2004 година е изборна година.

Понатаму, во образложението на буџетот кон буџетот на Република Македонија не е презентирана пресметка за трошоците за структурни реформи од кои ќе може да се види за кои загубари, за кои работници ќе се исплаќаат отпремнини и надоместоци за невработени, иако министерот вчера ја кажа бројката од 1.114.586.000 денари или околуб 18,5 милиони евра. Не е познато ни дали оваа алокација ќе се троши само за отпремнини и надоместоци за невработеност или и за други видови на трошење. Незнам дали пратениците знаат дали и колку трошоци ќе озаконат со гласањето на вака изготвениот буџет, што најискрено верувам дека незнаат.

Морам да им укажам на пратениците од позицијата дека треба да бидат свесни дека концептираноста на буџетот е детерминантен на се во државата. Ние не смееме да се залажуваме дека станува збор за некаква огромна сума на пари, огромни бројки кои немаат никакво влијание на сите нас и како граѓани и како пратеници во Република Македонија .

Моја претпоставка е дека кога ќе се докаже дека со изгласувањето на овој буџет ние всушност ја закопавме довербата дека за една година ќе се создадат барем минимум претпоставки за некаков економски развој. Незнам дали со изгласувањето на овој буџет ние правиме добри стартни перформанси за Република Македонија , што неми се верува или пак ние Македонија ја враќаме малку station наназад и ја понижуваме на економски план.

Почитувани колеги пратеници,

Имам едно прекрасно научно образложение и објаснување зошто дискусиите за овој буџет се ограничени на 10 минути (само да видам уште колку време имам).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Уште две минути.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Ќе завршам јас претседателе за две минути.

Во теоријата на буџетот во буџетите постојат три вида на буџети.

Едноставни буџети.

Буџети со дупки, и

Тунелски буџети.

Едноставниот буџет го употребува останатиот свет, додека другите два типа, буџетот со дупки и тунелскиот буџет го употребуваат земјите кои не припаѓаат на тој свет, во кои е и Република Македонија  и ваквиот буџет кој го предлага Владата за 2004 година.

Кај едноставните буџети дозволено е секој да се изјаснува за нив, без ограничување на времето, затоа што кај нив ништо нема скриено и се е транспарентно. Затоа и начинот на нивното донесување е едноставен.

Кај буџетите со дупки, како што беше буџетот за 2003 година, барем така не убедуваа пратениците од СДСМ и тогашниот министер имаше многу дупки. Е, кога има така голем број на дупки секој од нас и граѓаните на Република Македонија ќе се сопнат, ќе се повредат и ќе офкаат додека ги боли.

Од аспект на заштита на хуманитарното право сеој може да офка додека го боли и затоа при донесувањето на буџетот за 2003 година ние немавме ограничување на дискусии.

Кај третиот тип на буџети, тунелските буџети, самиот збор тунел ни означува нешто темно, нешто нејасно, нетранпарентно. Овде друг мисли за теба, се надева тој дека најисправон мисли и најправилно мисли,  друг те вози..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, вашето време истече г-ѓа Којзаклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Не сум завршила претседателе, една минута.

.. и опасноста од повреда е намалена..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-ѓа Којзаклиска, завршивте.

Г-ѓо Којзаклиска завршија 10..

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас претседателе ќе продолжам додека да го завршам текстот, а вие прекинете ме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Исклучете ја г-ѓа Којзеклиска, ве мола.

(микрофонот на г-ѓа Којзеклиска е исклучен а таа продолжи да говори).

Јас навистина ве молам да го почитуваме членот 83 и да ги ограничиме дискусиите на 10 минути. Ова е веќе недопустиво од дама.

(реакција на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ од место)

Немам намера, јас сум џентламен, ќе дозволам дамата да си заврши, само техничките услови можеби ќе бидат поинакви.

За збор се јави министерот за финансии, за реплика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Немам реплика меѓутоа сакам да исправам неточно наведени наводи во дискусијата.

Прво, г-ѓата Којзеклиска кажа дека имаме 120 илјади јавна администрација и дека со 4% рационализација 3000 луѓе ќе останеле без работа за да се доведеме од форма на патување низ тунел на форма на отворено односно да бидеме појасни што зборуваме,

Прво, 4% на 120 илјади не се 3000, туку се 4800. Разликата е од прилика за половина. Тука правиме една транзиција од тунелот кон отвореноста на г-ѓата Марија.

Второ, не се 120 илјади туку 70 илјади за кои расправаме и од нив ги влечеме АРМ и МВР посебно, затоа што се со посебни програми. Значи дека целата пресметка е апсолутно невозможно да се разговара на тој принцип.

За наводот дека 1,1 милион, го сметам за лапсус, ќе се трошат за заштита на луѓето кои останале без работа или технолошки вишок. Се работи за 1,1 милијарди, не милиони, илјада пати е разликата. Ја повикувам г-ѓата Којзеклиска веднаш после завршувањето на расправата за буџетот на Република Македонија да дојде во Министерството за финансии и поминувајќи од зградата на Собранието до Министерството од тунел ќе навлезе во отворен простор и тогаш ќе и ги соопштиме точните податоци, кои мислам дека е апсолутно непотребно да ги има Парламентот, затоа што ако така постапуваме ќе имате овде 5-6 илјади страници. Тогаш ќе кажеме, а г-ѓата Којзеклиска ќе ги добие списоците колку од овие 1,1 милијарда денари се за работници кои ги изгубиле своите работни места по основ на одење во стечај на фирмите загубари од 1999 година, а сеуште ги добиваат во 2004 година, колку се технолошки вишок од јавната администрација од 1999 година до 2004 година, па колку се од 2000 година , колку се од 2001 година, колку се од 2002 година и колку се 2003 година и сите тие ќе и ги презентираме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Којзеклиска, имате една минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас му благодарам прво на министерот за финансии за отворената покана до мене за објаснување на податоците по основ на структурните реформи, меѓутоа мислам

министре дека тие податоци требаше претходно да ни бидат доставени за да имаме можност, ама најверојатно и таа можност ќе ни беше скратена заради 10-те минути.

Сакам да ве поштедам за 4% да не бидат 4800, да бидат 3000 вработени. Сепак на крај не верувам дека ниту министерот ниту парламентарното мнозинство ќе ме убеди дека светлата точка на крајот од тунелот сепак постои за 2004 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Орданчо Тасев а нека се подготви пратеникот Спиро Мавровски.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Дозволете ми на самиот почеток со мојата скромна, но лимитирана дискусија од само 10 минути обезбедена благодарение на милозливиот но и мајоризираниот пристап на коалицијата на власт посебно да се заблагодарам, како што реков на обезбедените 10 минути, бидејќи можно е да не ги добиеме и тие како што стојат работите, како и да изразам посебна благодарност за новите сознанија кои ги добивме за она што значи нова дефиниција за т.н. парламентарна демократија.

Имено, со оглед на спецификите во Република Македонија кои всушност се карактеристични само за нас, во нашата држава, кои ги има насекаде, во сите области од секаков тип зборот Парламент и парламентарна демократија во демократски развиена Република Македонија значи ограничена демократија, можност ограничено да се зборува до колку така се договори парламентарното мнозинство за сите работи, и тоа само по еднаш, дури и ако е во прашање буџетот на Република Македонија како еден од најзначајните акти на државата од кој всушност се гледа целокупната нејзина активност во сите домени.

Но, шегата настрана почитувани колеги пратеници сепак морам да изразам еден голем протест, затоа што една ваква работа, еден вака значаен документ на избраните претставници на граѓаните на Република Македонија не им се овозможува да зборуваат и да го искажат своето видување и евентуално забелешки по овој многу значаен акт во кој

се предвидени и финансирани сите активности за идната година на структурите на власта од она што значи политички до економски и социјални активности.

Значи, се работи за еден колективен документ и мошне колективен кој на определен начин значи и во определена смисла претставува барометар и ја отсликува целокупната општествено-економска и политичка состојба на државата, како и нејзината натамошна т.е. идна концептуална определеност во сите домени на она што значи општествено живеење.

Меѓутоа, парламентарното мнозинство одлучи како одлучи, зато ќе се обидеме во дозволените 10 минути, за што и благодариме, да ги изнесеме нашите видувања и забелешки со цел ние колку можеме да дадеме наш придонес за подобрувањето на овој акт, а со надеж дека тие наши забелешки особеон преку амандмански интервенции ќе бидат прифатени и вградени во самиот буџет.

Имено, министерот за финансии г-динот Никола Поповски генерално даде податоци како индикатори за завршената 2003 година и тоа економски раст од цирка 3%, инфлација од 1,2 до 1,3% на годишно ниво, буџетски дефицит од околу 1%, стабилен девизен курс на денарот, доволно девизни резерви, барем како е речено во експозето, со кој се обезбедува 4 месечно покритие на увоз на стоки во државата од странство, умерен степен на надворешна задолженост, намалени каматни стапки и тн.

Но, како негативни трендови сепак ги посочува следните. Тоа е ниското ниво на домашно штедење, ниско ниво на странски инвестиции, високо негативно салдо на трговскиот биланс и особено ја потенцира големата невработеност која во овој момент изнесува 390 илјади невработени со тенденција да станат до крајот на годината некаде на околу 400 илјади. Ова е всушност темелот и отскочната даска од која се тргнува во претставувањето на новиот буџет за 2004 година и базата која треба да гарантира економски просперитет во стопанството и намалувањето на бројот на невработени.

Притоа министерот потенцира дека проблемот со невработеноста, имајќи го притоа степенот на проектираниот економски раст на среден, па и на долгорочен рок не ќе може да се реши. Значи вработувањето не ќе може да се реши со што всушност директно се произнесе дека изборните ветувања за постизборна благосостојба и економски бум

паднаа во вода, а т.н.Бранко закон со кој се ветуваа вработувања на барем по еден член од фамилија паднаа во вода.

За реализација на сите ветувања во буџетските активности се предвидува поддршка на приватниот сектор и претприемачката иницијатива, како клучни фактори за една динамизирана економија. Се превидува поголемо зголемвуање на извозот, а намалување на увозот, кредитирање на приватниот сектор, вложување во продуктивни извозно ориентирани производства. Понатаму се предвидуваат и ред други мерки од сите области, кои ќе значат условно економски раст и просперитет, кој перспективно ќе не води во евроатлантските структури и интеграции. Но дали е тоа всушност така?

Во делот на развојот и развојните решенија кои се понудени особено низ буџетската политика, очигледно е дека такви развојни решенија нема, односно не даваат јасни гаранции дека ќе ја одиграат нивната улога за развојот. Напротив, сметам дека ќе делуваат дестимулативно, екстентивно и ќе делуваат во правец кон затворање на постојнит екапацитети. Како поеклатантен пример за буџетскито пристап кон економијата ќе го земам примерот со земјоделството.

Општо познато е дека Република Македонија е претежно аграрна земја, каде земјоделството и сточарството се базни гранки. Тоа можеби е и најголемата фабрика, во која најголемито дле од популацијата наоѓа работа, т.е. вработување, меѓутоа, во Буџетот за потребите на земјоделството се предвидуваат буџетски средства кои нема ни од далеку или не можат да ги задоволат потребите за негово одржување, а камо ли за развој и негово поттикнување, кое ќе биде изворно ориентирано и конкуретски способно за западниот пазар. Македонија е држава која може да понуди земјоделско производство издрава храна, како што е на пример грозје, овошје, тутун, градинарски производи, јагниња и други фармерски производи и т.н. Значи, од сето погоре речено тука всушност треба да го ставиме акцентот на буџетската политика, односно на земјоделството и водостопанството, нормално и на преработувачката индустрија, врзана за она Што значи земјоделско производство.

За жал, од она што можеме да го видиме во Предлог буџетот во делот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, не можеме никао д аја

препознаеме политиката за давање приоритет на она што е кај нас базна дејност, а тоа е земјоделството иземјоделската дејнсот. Нема стимулации на стопанството, на тутунопроизводството, сточарството и друго. Значи една апсолутно дестимулативна политика која веројатно ќе стави крај во повеќе земјоделски дејности.

Во слична, да не кажам многу покатастрофална состојба е особено лозарството. Од една профитабилна гранка, која своевремено за државата носеше околу стотина милиони германски марки девизен прилив, денес е во состојба на одумирање, благодарение на негативниот однос и политиката спрема оваа гранка, само во Тиквешијата или поконкретно во Кавадарци, лозовите насади се веќе преполовени со тенденција за нивно и конечно исчезнување. Значи, од гранка со значително профитабилен карактер, денес благодарение на несоодветниот однос на државата кон неа исчезнува.

Затоа, почитувани колеги пратеници, почитуванминситре, сметам дека оваа гранка на земјоделството заслужува друг и пособдветен третман во буџетот, се со цел за нејзино враќање на местото кое всушност и припаѓа.

Има и други забелешки во Буџетот, нормално, тоа се добронамерни забелешки, но со оглед на ограниченото времетраење се задржав само на овој сегмент, значи на земјоделството,особено со акцент на лозарството, кое е карактеристично за местото од каде доаѓам и од каде сум делегиран, од реонот на Тиквеијата односно Кавадарци.

Благодарам

.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Орданчо Тасев за вашето точно десет минути излагање.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски, а нека се подготви пратеникот Ѓорге Паљошковски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Еве, имам една непријатна должност да ги искористам моите само десет минути и да се обидам на оние што ме гласаа во изборната единица број 5 да им објаснам за што

всушност ќе се употребат или потрошат нивните пари. Мојот хендикеп, а се надевам и вашиот господа пратеници, е во тоа што овие десет минути се премалку да се осврнеме само на една сфера. За тоа што е Буџет г. министер говореше 30 минути на телевизија, повеќе од 30 минути во Парламентот и многу малку од народот успеа да го разбере, а и голем дел од вас господа пратеници од позицијата, затоа што вашите забелешки на комисиските расправи никој не ги разјасни. Се работи за повеќе од 500 страници материјал, не се работи за 200 страници.

Дали со овој обид за замолкнување на опозицијата  сакате да протуркате работи кои во нормална процедура не ќе можете. Дали и сега ќе се случи истото како и минатата година, донесување на Буџет, па имате ребаланс на Буџет, па во експозето на премиерот извинување до макеоднскиот народ и објаснување дека не сватил колку му е сега убаво, па не знаење да се искористат средствата кои останаа во Буџетот, па уште една реконструкција на Влада и на крајот на идната 2004 година, се надевам и доблест за предвремени парламентарни избори, ако не и многу порано.

Ова брзање на Владата, ова едноставно ненормално темпо за да се донесат овие закони воопшто не можам да го разберам. Зошто го говорам ова?

Прво, господата од ММФ дојдоа во  Република Македонија  на време и си заминаа на време, зашто немаше со кого од Владата да се договорат. Тоа е сериозноста на Владата и премиерот кој го знаеше проблемот со Буџетот, но сепак си дозволи, покрај едно чудо пофалби за министрите за економија и финансии, токму нив први да ги промени.

Со ова ограничување за говорење за Буџетот вие не сведувате цела опозиција да говори во една седница, т.е.  300 минути или 5 часа, а господата од позицијата кои го бараат ова незнам дали дефинитивно пред граѓаните кои ги бирале се претвораат во еден сервис на Владата, во една гласачка машинерија која треба само да ги аминува сите одлуки на Владата, да го исклучи својот интелектуален потенцијал кој го има, со ретки исклучоци-да, и се сведе работата на репликант и повторувач на работите кои ги слушнавме барем стотина пати, а тие се: мауси, пиџами, зелки, цевки и друго. Никој, господа, нема доблест да одбрани барем еден закон, дури и амандман и по наредба од

Влада веднаш се повлеквуа. Со тоа дигнитетот на овој законодавен дом, госпoда пратеници, конечно го срушивте, зашто освен гласачка машинерија и тоа кој од вас ќе побара промена за работното време, кога да се работи или да не работи Парламентот, па веднаш после тоа да го очекувате само чинот на гласање без никаква расправа, и ако предлогот доаѓа од Владата да го притиснете зеленото копче, како што ви кажа министерот, а ако доаѓа од било кој пратеник без размислување црвеното копче. Времето кое го имам, бидејки не дозволува поголема елаборација на било што, пред мене имам материјал повеќе од 500 страници, во кој многу делови - тоа и граѓаните можеа да го видат, тоа се овие две книги - останаа неразјаснети, дадени се ставки со компарација, но има многу потставки од кои не можеме да видиме каде и како се прави разликата меѓу Буџетот од 2003 и 2004 година.

Со овој Буџет, кој како што вели минситерот е и социјален и развоен, не можам да видам работи што очекувам да бидат потранспарентни. Еве, министерот дел од тоа ми објасни, со тоа што кажа дека имало 5 - 6 илјади страници, па ние треба да одиме до кај него да ги разјасниме работите. За исплата, одтпремнини и надоместоци за невработеност во Предлог буџетот за 2004 година е планирана алокација на средства за исплата на испратнини и надоместоци на невработените, раздел 0902, функција на државата потставка 443312, надомест за структурни реформи на износ од 1144586000 денари или 18,5 милиони евра. Во образложението се кажува дека овие средства ќе се исплаќаат за избркани работници и трансффери за пензиско осигурување, за лицата отпуштени од загубарите досега и за оние што ќе бидат отпуштени во 2004 година, како што се: ЗИК “Куманово”, “Лозар” - Велес, “Таринци”, “АГРО - Изворски”, “Винојуг”, Оранжерии , АД “МС” , ЗИК , “АТОМ”, “Житоориз”, “Винојуг” - Миравци, “Искра Инженеринг” и “Моша Пијаде”. Но сега во предложениот закон за извршување на Буџетот во член 7 став 5 се бара пратениците да ја овластат Владата ког аќе посака за оваа цел да може да подигне средства, но ова е сега изборна година, колку каде и уште колку средства се потребни за Владата ќе покаже времето. Дали пратениците знаат какви и колку трошоци озаконуваат со гласање на вака подготвен Буџет, или Владата и да сака незнае или не може да презентира детална пресметка бидејки сеуште немаплан и

концепција за што и колку пари ќе и требаат, па со Буџетот само си обезбедува право да троши колку што сака, како што сака и за што сака.

Во образложението ние презентираме пресметка на трошоците за реформите на јавната администрација, од кои ќе можеме да видиме во кои буџетски корисник колку лица ќе бидат отпуштени од работа и со која динамика, тоа е раздел 09002, Министерството за финансии, функциина државата, потставка 443314, надомест по основ на реформи на јавната админситрација на износ од 922 милиони или околу 15 милиони евра. Дали пратениците знаат што и како ќе озаконат за оваа ставка.

Бранковиот закон, кој беше излезот за вашето предизборно ветување за вработување меѓу 150 и 200 иљјади луѓе, а вопрвата година барем по еден од секое семејство, се претвори во фијаско. Самата Влада и министри кои го бранеа истиот се откажаа, а во образложението се предвидуваат 490 милиони денари за трансфер во Заводот за вработување, што е повторно фијаско. Имате најава за намалување на невработеноста или зголемвуање од 3%, но г-дине минситре, вие за реформите во јавната администрација ќе избркате од работа 4%. Сеуште не знаеме колку вработени има јавната администрација, не кажувате, се манипулира со бројки од 120 до 70 иљјади. Не кажувате колку е тоа, ќе ги ставите под Заводот сите вработени од загубарите, така што бројката од 400 иљјади невработени многу брзо ќе се зголеми со многу поголем процент од овој што го кажувате за вработување, па многу семејства покрај оние што имаат хранител вработен во периодот 1998-2002 година и другите семејства ќе останат без хранители, т.е. без ниеден вработен во семејство и ќе се повтрои 1996 година, кога се случи грабежот на општествениот капитал и кога работниците останаа без работа. За Битола во тој период до 1998 година бројот на невработените се зголеми од 10 на 20 иљјади невработени.

Говорите на нашите прашања дека има пари за се и да не го плашиме народот. Факт е дека сиромаштијата во последнава година се зголеми, факт е дека многу минситерства не ги искористија парите кои им беа доделени, факт е дека и оние кои работат се сиромашни, факт е дека вие им објавивте војна на земјоделците, почнувајки со тоа што го зголемивте ДДВ за да порасне репроматеријалот од 5 на 18%, дека се што

откупивте , откупивте по багателни цени а парите сеуште не се дадени, итно барате точка на дневен ред да го укинете Фондот за земјоделство, а со прст не мрднавте да им ја овозможите есенската сеидба, чии последици многу брзо ќе се рефлектираат на Буџетот, а и на џебот на граѓаните кои ќе плаќаат поскап леб, ќе очекуваат пченица од Аргентина понеквалитетна, но сега по 15 денари ако ја добиеме. Говорите дека за се има пари во овој Буџет, но освен зголемени плати на сите нивоа, а воедно намалување на бројот на вработените, плати на исто ниво, значи нешто не е во ред, се бркаат македонци, а се вработуваат македонци од албанската заедница, како да е ова редење на шишиња во гајба, без да се даде време, квалитет и простор за истиот да се освои.

Дали, г-дине министре, предвидувавте средства за екологијата, која ја намаливте за 100 милиони? Дали обезбедивте средства за Агенцијата за разузнавање и контра разузнавање, за која следат процеси што треба добро да се пратат, каде што и тие средства се намалени? Зошто е зголемвуањето на платите во Владата од 52 на 101 милион денари? Што е со големиот број вработени во Владата со договор на дело? Што е со спортот каде што средствата ги намаливте за цели 87 милиони денари? Што е со доградбата на спортските сали? Што е со МАНУ - намалени средства за 25 милиони? Што со асоцијацијата за печатените медиуми? Зарем и нив ќе ги замолчите како нас од опозицијата без буџетски средства и тие што работеле по 20 години конечно да ги нема. Што е со здравството, болните од дијабет, крводарителите, оние на кои им е потребна дијализата? Што со образованието, студентскито стандард, каде што иамте намалено повеќе од 10 милиони? Што со средношколската младина средствата што треба д аги користат што се намалени за 5%. Што е со Тетовскито универзитет, дали некој тука има доблест да каже дали тие средства се предвидени или тука расправаме повеќе од 10 дена за нешто што воопшто не го предвидовте. И тоа треба да го кажете. Што се случува со развојот? Говорите за Железница, но граѓаните од изборната единица број 5 сеуште очекуваат таа железничка пруга од 15 километри да биде направена до Грчката граница . 2004 година е олимписка година, а вие не предвидовте апсолутно ништо во Буџетот, нешто што ќе изградите и ќе ги поврати парите да можеме да ги ставиме ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ;

Господине претседателе, јас се извинувам, само момент.

Имавте можност и доблест на г-динот минситер да му дозволит еод оние 15 минути што требаше да ги образлага, д аобразложи уште 15 минути. Затоа ви кажувам дека и таксативно набројување на сето ова што значи Буџет е многу малку за овие 10 минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се е во рамките на договореното.

Има збор г-динот Паљошковски, а нека се подготви г-динот Илија Китановски.

Пред тоа, реплика за г-динот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Еве, г-динот претседател има можност уште една минута да зборува на реплика на репликата.

Би сакал на мојот колега г. Спиро Мавровски да му реплицирам само по неколку сегменти. Имено , еден дел од неговата дискусија беше контрадикторен сам по себе. Тој зборуваше дека Владата сака да троши многу, а од една страна пак ја обвинува дека многу штедела, ја обвинува за премногу штедење. Едно со друго не оди г. Мавровски.

Исто така, во своето излагање критички се осврнавте на некои работи кои се обврски од Рамковниот договор, а добро знаете дкеа покрај претседателот на државата, кого вашта партија ВМРО-ДПМНЕ безрезервно го подржува, што е се разбира легитимно право, потписници се и ЕУ и САД, значи и меѓународната заедница, како и 4 политички субјекти , каде што е и вашата политичка партија. Се разбира тој Рамковен договор го поддржуваат и другите партии. Значи, критикувате нешто за што е превземена обврска и за што е дадена согласност од стран ана вашта политичка партија.

И на крајот, бидејки нема време, зборувавте за спортски сали, јас само ќе ве прашам зошто претходната Влада не го исполни ветувањето, бидејки таа кажа дека за само 6 месеци ќе ги доизгради овие спортски сали, ќе ја заврши нивната изградба, а таа ни за две години од започнувањето на изградбата н аовие сали тоа не го заврши и ги потроши средства за овие сали кои беа предвидени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г. Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ;

Господинот Шапуриќ ако ја слушаше дискусијата, јас се извинувам што бев побрз за да можам да ги искористатм десетте минути, можеби и не разбрал доста од овие работи, бидејќи средствата за кои говорев нетранспарентно да се трошат многу јасно кажав во кој дел ги гледам. Ако за него екологијата е трошење повеќе пари, тогаш ќе каже и колку пари сега оваа Влада ќе потроши за санацијата на она што се случи со “Злетово”, она што се случи со браната и многу такви работи што ќе се случат, за кои ќе биде повторно виновен министерот од 2001 или 1999 година или од 1903 година. Тоа е првото.

Средствата кои ги иам предвидено Владата се 150 иљјади денари. Јас незнам дали Владата предвидела да се догради некоја сала , да се поправи, но со 150 иљјади денари не може нафта да плати и  она што се декларира дека ќе се грижи за спортистите дека ќе најде барем оснвоен начин тие да влезат во спортските сали. Ова е начинот да се уништи спортот, она ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Мавровски, помина една минута.

Повелете г-дине Паљошковски, а нека се подготви г-динот Илија Китановски.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Имајќи предвид големата неправда што е нанесена на земјоделците во Буџетот за 2003 година, кога не беше одобрен ни денар за поддршка на нивното производство, во почетокот на собраниските дебати, за делбата на буџетските средства за 2004 година, земјоделците на Македонија ве замолуваат да се пристапи кон разгледување и донесување на Буџетот за 2004 година со цел Собранието на Република Македонија како законодавен дом да ги оцени состојбите во најголемата природна македонска фабрика, со најголем број на работници, да донесе нејзина санација.

Во годината што изминува македонските земјоделци без буџетска поддршка, без фондовска интервенција од страна на Фондот за земјоделство и без државна грижа при откупот и исплатата на стратешките култури, за кои не постои државна заштита од една страна и зголемено ДДВ од 5 на 18%. За сите репроматеријали, добиточна храна и ветеринарни лекови, една деценија некорегирани цени на сите земјоделски производи и 3-4 пати зголемени цените на сите репроматеријали, неорганизиран откуп, претеран увоз на млеко и млечни производи, месо, јајца, отсуство на извозна ориентација на пазарите на Европската унија, од друга страна се дел од причините што и тие се најдоа меѓу загубарите, социјалците и стечајците. Најголемата и најстарата фабрика за производство на храна, што обезбедува работа, егзистенција за 185 илјади земјоделски домаќинства со над 700 илјади жители, нуди суровина за работа и плати на илјадници работници од прехранбената и тутунската индустрија без девизи. Носи девизи и преку евтиното селско стопанство и преку ефтиното селско стопанско производство го чува социјалниот мир во државата, се наоѓа пред банкрот. Нејзините работници се соочуваат со огромни работни и животни тешкотии. Нашите земјоделци во Македонија, излезот од сегашната криза е апсолутна сиромаштија во која западнаа земјоделците, го гледаа во разрешување на бројните причини и обезбедување на буџетската поддршка за нивното производство. Буџетот, односно народните пари треба и мора да бидат во функција на битка што ја водат земјоделците за повеќе храна за нивна егзистенција и исхрана на македонските граѓани. На земјоделците, кои преку ДДВ се натерани да ја полнат државната каса за одржување на огромниот државен бирократски апарат, во името на правдата, правната држава треба едно делче од тие парични средства низ разни форми на нивното

производство да му ги врати. Премиите, субвенциите, регресите и стимулациите, што освен на македонските земјоделци, ги имаат сите земјоделци од богатата и сиромашна Европа и се силно оружје за отстрел на нашето земјоделско производство.

Време е, ако се бара одење во Европа, да се најде примена и во Македонија. Во спротивно, македонските земјоделци и понатаму не ќе можат да најдат место во европските пазари на земјоделци на Македонија. Имајќи го предвид правото што Република Македонија го стекна со добиениот статус на членка на Светската трговска организација бара доследно спроведување на нејзините правила и принципи за финансиска поддршка на земјоделците во 2004 година. На овој план врз основа на склучениот договор на оваа организација во областа на земјоделството, Република Македонија со продолжувањето на документот за финансиска поддршка во периодот 1998 до 2000 година, се стекна со право за буџетска поддршка на земјоделците, секое бегање од оваа обврска е политика. Инаку, како приоритетни мерки што го помогнаа развојот на земјоделството, се во согласност со правилата на Светската трговска организација. Земјоделците на Македонија го предлагаат следното и тоа заштитни цени на тутунот и пченицата, премија на пченицата, тутунот, млекото, сончогледот, шеќерната репа, регресот на семенската стока, минералните ѓубрива и хемиските препарати, дотации на преработувачката индустрија на добиточна храна. Па, за жал, Владата наместо социјално загрозените да ги направи земјоделци, со својата погрешна и деструктивна политика во земјоделството, успеа само земјоделците да ги направи социјално загрозени. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Паљошковски.

Збор има пратеникот Илија Китановски, а нека се подготви пратеникот Љубе Бошковски.

ИЛИЈА КИТАНВОСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Почитуван претседателе, почитуван министре, дами и господа пратеници,

Дозволете ми на почетокот на ова кратко излагање да го искажам својот револт, огорченост и разочараност од ставот на владиното парламентарно мнозинство за една ваква важна тема да се ограничат дискусиите на пратениците и по минутажа и по број на јавувања. Сметам дека на овој начин се прави еден удар врз демократијата во Република Македонија и врз парламентаризмот и еден тивок вовед во една во иднина ситуација, во која што демократијата и парламентаризмот се наоѓаат на маргините на општеството.

Во рамките на тековните активности на работата на Парламентарниот дом на крајот од тековната година е донесувањето на буџетот. Секако, тоа претставува обврска на секој парламентарен состав по предлог на Владата да се донесе новиот буџет на Република Македонија. Но, се ќе беше во ред, доколку предложениот буџет беше во согласност со основните економски параметри предвидени во постапката за донесување на овој, пред се, плански документ, во кој треба да биде предвидена правилна и целосна алокација на сите приходи и расходи.

Денес на расправа ни се доставува Предлог буџет, документ со кој на извршната власт и се дава определени можности, кои по повеќе стандарди не се во согласност со нејзините уставни и законски загарантирани права и обврски.

Околу самата содржина на буџетот, го имам и следното мислење.

Прво, иако Владата и нејзините членови милуваат да говорат дека следната година 2004 година, ќе биде година на економска ренесанса, каде што ќе доживееме бум во инвестициите, година кога ќе се стабилизира економската стабилизација и ќе почне да се чуствуваат позитивните ефекти од наводната мудра владина политика, сите овие изјави звучат убаво, но реалноста и практиката, кои се единствени и вистински параметри за граѓаните, тоа, за жал, го демантираат. И самиот Предлог на буџетот е чист демант на оваа бледа, милозвучна реторика. Имено, за што станува збор? Економската теорија е доста јасна и прецизна за прашањето како се прави придвижување на една грогирана економија, каква што е македонската, земајќи ги предвид историјатот и условите кои ја опкружуваат. Развојот следува со инвестициите. Тоа е алфа и омега. Бидејќи, македонската економија не може да се пофали со голем број на странски и домашни

инвестиции, тогаш алтернативно се употребува другиот метод за раздвижување на стопанството, добро познат, а тоа методот на потпомагање на стопанството со трансфер на дел од средствата од Буџетот. Значи, се трансферираат дел од средствата и на тој начин се врши субвенционирање, давање на премии, мотивации и слично. Е, тоа во овој Предлог буџет за 2004 година го нема. Тоа е општ заклучок. Иако, министерот за финансии зборуваше дека ќе биде застапена развојната компонента пред донесувањето на Нацрт буџетот, во добар дел развојната компонента отсуствува, ја нема. За волја на вистината во буџетот постојат некои ставки, кои по статистиката и се наменети за таа развојна компонента, иако на тие ставки се определени, легнати определени средства, сепак, развојната компонента ја нема. Од каде ова тврдење, ќе се запраша некој. Не може да има развој и присуство на развојна компонента, да има подобрување на позициите на стопанството, со оние средства кои се предвидени во тие ставки во буџетот. За да има развој, не треба да има само формално постоење на тие ставки и определени средства, кои можат да бидат покритие само демагошките поради декларативност за развој. Треба да има поголем дел на средства, средства од кои навистина ќе може да се очекува дека ќе го покренат замаецот на папсаното македонско стопанство. Да конкретизирам, трансверите за помош на земјоделството и земјоделците, не се на ниво на кое треба да бидат односно не се на ниво кое обезбедува развој. Да не зборуваме, дека нема никаква програма или план како тие средстав и конкретно ќе бидат искористени, на која производствена земјоделска група, колку средства ќе бидат доделени, по кои правила ќе се субвенционира итн. Иста или слична е ситуацијата и во другите гранки на стопанството и индустриското производство. Се прашувам каков раст, каков развој ќе обезбедиме на Република Македонија во идната година со предложените средства. Веројатно, никаков и практиката во изминатата година го потврдува тоа. Гледајќи ги ставките поединечно, се забележува дека значителни суми се издвојуваат за ставки наменети за купување на мебел, информатичка опрема и значителни ставки се определуваат во ставката други или останати трошоци. Ако се погледне површински и ако не сме запознати со состојбите од областа на информатиката, тоа навидум изгледа добро, затоа што навистина е добро да се издвојуваат средства за компјутеризација,

бидејќи тоа е иднината и тоа е еден од условите за развиток. Меѓутоа, зошто да се издвојуваат толку големи средства за оваа ставка и тоа во сите раздели на буџетот, наместо истите тие средства да се пренаменат за помагање на земјоделците, за подобрување на студентскиот стандард, за трансвери на социјално загрозените лица итн. Зошто да се издвојуваат тие средства кога сме сведоци дека постојат многу неискористени програми, каде што може да се набават компјутери и компјутерска опрема по извонредно добри услови, со пониски цени и голем период на отплата итн. Можеби е порационално тие ограничени средства да се искористат во други намени, кога веќе имаме можност за снабдување на информатичка опрема по други канали.

Последно од оваа теза е зошто толкави пари на ставки кога се знае дека тие се извонредно погодни за дубиози и махинации. Мислам дека тие средства подобро ќе беа лоцирани во други ставки, како што е детски додаток, стипендии и кредити, субвенции, здравствена заштита, набавка на опрема и друго.

Третата работа на која имам забелешка е навистина екстремно нискиот фонд на средства наменети за здравството и тоа токму за оние ставки кои се најпотребни и околу кои се вртеа големи неправилности и злоупотреби. Смешно е, да не речам трагично за крводарителството, за заштитата од сида, за заштита од туберкулоза за болните кои имаат потреба од дијализа, за болни од дијабетис, за опрема, за здравството вкупно да се издвојуваат толку мали суми на средства. Тука, мислам дека има простор за корекции. Сигурно, дека има уште многу пропусти во овој вака направен буџет, овој буџет кој беше ставен на расправа во еден ваков временски цајтнот, обој буџет кој е направен, секако, не е за интересите на граѓаните. Ова, навистина, не треба да стане правило во иднина, бидејќи граѓаните, пред се, бараат од нас да бидеме одговорни.

На крајот би се задржал на макроекономската рамка односно на образложението на буџетот и моите забелешки тука се однесуваат на неколку цели кои што се предвидени да се постигнат, тргнувајќи од резултатите кои се стигнати наводно во тековната 2003 година.

Освен политиката на ниска и стабилна инфлација, која верувам дека ќе продолжи во наредната 2004 година и која што дава резултати во текот на изминатите 4-5 години,

сите други позиции кои што се набележани, навистина, се базираат многу повеќе на добра волја, на желби, а основата појдовна на која што се повикуваме односно се повикува предлагачот на буџетот во минатата година, во тековната 2003 година е навистина дискутабилна и симптоматична. На пример, во 2004 година, се вели во образложението, се очекува забрзување на економскиот раст во земјата, при што се планира пораст на бруто домашиот производ од 4%. Нормално, основен двигател на растот треба да биде интензивираната инвестициона активност во која посебен придонес ќе дадат јавните инвестиции. Во сите ставки на буџетот од јавни инвестиции многу малку видовме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Китановски, заврши]а вашите 10 минути.

Повелете господине Љубе Бошковски, а нека се подготви пратеникот Слободан Чашуле.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Почитуван претседателе, дами и господо пратеници, почитувани новинари,

Денеска и овие денови во Македонскиот парламент започна времето на делегатскиот систем, време кое е далеку зад нас, време на социјалистичкиот работен народ на некогашната веќе непостоечка Југославија кога дискусиите беа лимитирани, кога се во таа држава беше униформирано, кога мораше да се мисли онака како што ќе каже тогашниот бог односно локален моќник, партиски моќник односно републички моќник во тогашна Социјалистичка Република Македонија. Но и тогаш можеше да се види нешто што даваше надеж низ оној тунел, низ кој денеска поминуваше нашата пратеничка. Тогаш имаше надеж и затоа дојде и до демократски промени во Република Македонија и до дојде ерата кога во Република Македонија почна да се манифестира, да се применува нешто ...н

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Љубе Бошковски, си го трошите времето, да дискутирате по темата, а тоа е буџетот.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Јас се согласувам со колегата Петковски дека на Љубе Бошковски му е потребно малку време, за да ја каже смислата на буџетот кој треба да го изгласаме ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа значи дека може и 5 минути да го кажете тоа.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Но, сакам да протестирам, бидејќи за еден буџет кој е на 500 страници и кој да бидам искрен, ниту можев до крај да го прочитам, освен експозето на пожитуваниот министер господинот Поповски. Единствено што успеав да прочитам дека во Република Македонија од она што не чека, она што се нарекува македонски буџет за 2004 година, она што се нарекува индустриско производство, она што се нарекува џидипи, она што се нарекува раст во македонската економија, она што се нарекува доход во македонската економија, сето тоа е објаснето во неколку реченици во експозето на почитуваниот министер. Но, нешто што во тоа експозе загрижува и што мене како пратеник во Македонскиот парламент и како човек од третата изборна единица, носител на листата почнува да ме загрижува, тоа се бројката на невработеност, за која и самиот министер законот кој го нарекувавме едно време, барем во оваа средина и во делот на каде што седат министрите на Владата на г. Црвенковски, Бранков закон и самиот го нарекува т.н. Бранков закон. Тој т.н. Бранков закон, кој не гарантираше никакво во пракса вработување, зборува за податокот за она што не чека, за 400 илјади невработени во Република Македонија. Јас почнувам да се грижам за нашиот министер, да се грижам како човек со јасна европска профилациија, како човек кој читајќи ги оние европски билтени од областа

не економијата знам едно, дека многу влади во Европа ... (може и да ме исклучи господинот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам поправете ја техниката.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

И да ме исклучите, почитуван колега, пак мојот глас е многу близок до народот и вчера господинот ваш пријател, пратеник беше со својот народ, таму каде што пред очите на македонската јавност се гореше жолтото злато, некогашната гордост за македонската нација, онаа гордост која го полнеше буџетот на Република Македонија, господине Поповски. Тие исти луѓе вчера беа пред портите на Македонскиот парламент. Тие исти луѓе не можат Новата Година да ја дочекаат, како што ние ќе можеме да ја дочекаме, затоа што сме дел од вашиот буџет и ќе можеме да примиме редовна плата.

Но, кога сме кај буџетарите и кај потрошувачите од буџетот, не гледам и кај оној кој е најголемиот потрошувач на буџетот, а тоа е здравството во Република Македонија, нема да го видиме пред нашите порти, пред антипортес, овде токму пред Македонскиот парламент.

Тука ни е, драга господо, народот, пред нашите порти на Македонскиот парламент е незадоволниот македонски народ, а ние овде дискутираме. Ние овде го покажуваме нашето умеење во областа на економијата и гледам разно разни експери по економија како тука не убедуваат дека ние во оваа година прифаќаме вистински буџет, со кој Република Македонија ќе тргне по вистинскиот пат.

Господо драга, ако компарираме со земјите, не одиме подалеку, кои се членки на Европката унија, но со земјите претенденти за влез во Европската унија ќе гледаме дека не паѓаат многу во транс кога ќе ги видат претставниците на ММФ како продолжена рака на Министерството за финансии и на САД или не ги гледам дека многу паѓаат во несвест кога ќе дојдат претставници на Светската банка, бидејќи се што е странско, господо

министри, и се што однадвор доаѓа во Република Македонија да ни проектира буџет, да ни проектира иднина, Република Македонија нема да има иднина.

Затоа, господо пратеници, затоа господине министре сериозно сум загрижен за вашата фотелја, бидејќи со вашето паѓање, паѓа Владата на господинот Црвенковски и ние ќе бидеме соочени со предвремени парламентарни избори. Но, дали ние ќе можеме во така кратко време, со добивањето на предвремените парламентарни избори да ја извлечеме Македонија од криза, кога сме свесни дека во македонските банки веќе немаме заштеди, како што е случајот со Хрватска, случајот со инвестирањето во Словенија, ги земам земјите од просторите на бивша Југославија и очекувам, додека се занимавата со некој газда Нини, да почнете да се занимавате со газда Хари, затоа што време е веќе Комерцијална банка да се приватизира, време е таа инфлаторна организација, структура или банкарска институција да престане со организираниот криминал и веќе еднаш да сватиме едно дека овој буџет и ова што се случува на планот на економијата во Република Македонија, можеме да го дефинираме само со едно единствено име, во Република Македонија имаме економски банкрот.

Затоа, не треба да молчиме, туку треба да направиме се, не е за да ги спасиме нашите фотелји, но да ја спасиме Република Македонија и да им овозможиме на оние дечиња со избодени раце кои нижат тутун, како што е насловот во денешниот Дневник, да имаат иднина, како што имаат иднина нашите деца. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Бошковски.

Повелете господине Чашуле, а нека се подготви пратеникот Ефтим Манев.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јавува господинот Кире Гештаковски.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Веќе 8 месеци постојано се зборува околу Законо за зголемување на вработувањето, таканаречениот Бранков закон. Навистина не ми е јасно, со таков цинизам, сарказам и омаловажување да се зборува за еден проект кој донесе 10.000 нови

вработувања. Во најмала рака не е фер спрема тие 10.000 семејства кои од половина повеќе над пет-шест илјади беа социјални случаи или луѓе кои примаа паричен надоместок по основ на невработеност.

Мое мислење е дека на опозицијата не и смета самиот закон, туку и смета називот Бранков закон. Тоа е нивната ноќна мора. Но, не е фер, ќе повторам уште еднаш, према тие 10.000 семејства, према тие сироти луѓе.

Бевме сведоци, тука неколку денови се зборуваше за 900 отпуштени работници од ЕСМ, што навистина е трагедија. Но вакво омаловажување да се има спрема 10.000 семејства, во најмала рака реков не е фер.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Бошковски, ќе го искористите своето право за реплика од една минута.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Овие 10.000 вработувања ќе се случеа без разлика дали ќе се донесеше Бранков или Николов или незнам сличен закон, ако имаше инвестиции во РМ и ако РМ тргнеше по патот кој беше зацртан во предизборието, кога ние имавме јасна визија за развој на земјата. Тоа што парламентарните избори не спречија, тоа е друго прашање.

Сега се поставува прашањето каде се парите од Бранковиот закон, ако во експозето колку го разбрав и самиот министер Никола Поповски, зборува за феноменот за таканарешен Бранков закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Чашуле за дискусија.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Ценети господа од Министерството за финансии, драги пријатели, колешки и колеги пратеници во овој Парламент кој навистина ќе остане историски заради тоа што,

навистина, од Собрание прераснува во законодавен дом. Се случија неколку преседани и едниот е поврзан со ценетиот претседател на денешното свикување.

Долго време размислував како мој личен протест со тоа што, тоа што имам да го кажам морам да го кажам само за 10 минути, да застанам овде и десет минути да молчам. Но, сепак совеста и инспирацијата од господинот Тито Петковски ме натераа да ги искористам, еве веќе деветте минути што ми останаа и да кажам нешто повеќе не само за начинот на кој го носиме Буџетот, туку и за самиот буџет.

Точно е дека двајцата големи умови си напишаа писмо дека немаат време накусо да комуницираат. И ние немаме време, пет минути до дванаеќњет накусо да го гледаме буџетот. Така што со него апсолутно се согласувам. И за да не ми биде речено дека отстапувам од темата, зборувам за Буџетот и начинот на кој го носиме.

Англискиот крај Џон кој потоа е забележан во историјата како Џон без земја, кога побара пари за да води една од своите беспоштедни војни, доби парламент, кодифициран со магнакарта либертату.

Парламентот, господо, по дефиниција е местото каде што се решава заеднички како ќе се трошат заедничките пари. Парламентот не е експозитура на Владата, не е експозитура на владеачките партии. Тој е место каде што сите партии, сите граѓани се застапени и парите на сите граѓани треба да бидат потрошени. Нијансите треба да бидат во тоа како, а процесот за доаѓање до тоа како, треба да биде заеднички.

Во земјите што навистина за себе тврдат дека се демократски, постои таканаречената моќ на ќесето која му е дадена на Парламентот, не на Владата, не на претседателот.

Во САД таканаречен бипартиски, бидејќи има две партии во Парламентот комитет, седнува и заедно работи на предлогот што ќе го даде администрацијата, за финансирање на работите на државата, да прават буџет. И ние немаше да имаме малку време за да можеме накусо да зборуваме, ќе имавме на претек и ќе бевме и јасни, концизни, лапидарни и дури некои од нас и немаше да се јават на говорницата, ако почневме буџетот да го правиме во септември, еве немора од почетот, од утре, откако ќе го усвоиме овој и во него да ги градиме потребите кои заеднички ќе ги детектираме. Знаете

што, колку и да се расправаме овде едни против други, да се обидуваме да ги идеологизираме работите, никој од нас, во ниеден амандман, а јас имав трпение поголем дел од нив да ги прочитам, не бара да измисли топла вода. Тој од едно исто купче пари за потребите на една иста држав, за потребите на едни исти граѓани бара само поголема локација на одредени средства за кои тој мисли дека треба да бидат употребени за општа добродет на сите.

Зошто велам дека ние треба повеќе да расправаме овде?

Јас се порадував на комисија за политички систем каде што сум заменик, кога дојдоа претставниците од Министерството и ми дадоа еден призрак на надеж дека е менува концептот на управувањето со државните пари во оваа држава, бидејќи буџетот, Владата се нашите најголеми инвеститори и нашите најголеми работодавци. И ние ако седмеме сега и направиме еден таков буџет кој ќе издвои малку повеќе во вистинското, некои го нарекуваат реалното стопанство, догодина ќе имаме повеќе данок за собирање и ќе почнеме дупките да ги затнуваме, а дупки имаме не заради овој или оној, туку затоа што сме сиромашна држава која во фазата на транзицијата остана без економија и сега се обидуваме со државата, како единствено претпријатие да ги покриеме и главата и нозете со чергичето кое не не покрива ни до половина. Оттаму извонредно е значајно сите заеднички да учествуваме во овој деликатен процес и да одвојуваме се повеќе и повеќе пари таму каде што знаеме дека ќе ни се вратат, а не во универзитети кои треба да ги направиме допрва, од дивоградби, еве јас не велам див, туку велам дивогрдба. Ја земам само зградата а ги ценам сите тие млади луѓе таму што сакаат да бараат знаење. Измислуваме приоритети на државата, а она што треба вгодина да го наполни истиот тој буџет за кој вгодина ова време, се надевам, многу порано, ако ја прифатите сугестијата, ќе се  создаде тука, ги убиваме. Тутунот ни гори пред Парламентот.

И сега, колку за крај, таму каде што навистина знам и каде што можам, без да згрешам во трансфер од оваа ставка во онаа, да го злоупотребам времето и да кажам, па догодина ние имаме круцијален настап во светот, во Европа. Треба да станеме членка, односно треба да ја убедиме Европа дека треба да станеме членка на Унијата и треба да го убедиме НАТО во Истанбул да ни довери некаква надеж дека ќе станеме членови на

оваа безбедносна алијанса, а во буџетот намалуваме за стотина милиони парите што му се дадени на МНР. Па како ние ќе успееме оваа држава да ја претставиме во странство, ако си ја сечиме дипломатската гранка на која треба да се потпре нашата офанзива вгодина. Овде ценети колеги кои се разбираат од земјоделие, кои се разбираат од финансии, кои се разбираат од индустрија, говореа што се ќе се случи ако не бидеме доволно вешти во распределбата. Јас ви велам за оној дела каде што јас знам дека треба извонредно многу сега да вложиме за во таа наша стратешка инвестиција профитот да дојде побргу. Колку подолго го чекаме профитот, толку подоцн ќе дојдат парите од ЕУ кои треба да ни помогнат да се косолидираме и стабилизираме, толку подоцна ќе дојде и поддршката и од ММФ и од сите други  институции. Се ова го кажувам како поткрепа на она на почетокот. Ние да работевме 6 месеци на буџетот или 1 година, како што тоа го прават сериозните држави, денес и една минуте дискусија ќе беше доволна. Како што дојдовме на три дена пред завршувањето на годината да расправаме за овој буџет кој неможе да се прочита за 10 минути, да расправаме со десетминутна дискусија и преку нога да решиме значајни прашања, за мене е неодговорно, недопусливо и јас само од тие причини иако видов надеж дека можеби ќе се смени финансиската полилтика и воопшто буџетската филозофија во државата ќе гласам против овој буџет.

(Со седницата продолжи да раководи Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се пријави министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Поповска.

Во делот на политиката што господинот Чашуле ја истакна имаме различно видување и тука нема да спориме. Само сакам да кажам за таму каде што навлезе во квантификации на Буџетот следново:

Прво беше изнесено дека Буџетот на МНР се намалува за 100 милиони. Веднаш сакам да укажам дека буџетот вкупен на МНР не се намалува за 100 милиони туку се

зголемува за 90 милиони, имајќи предвид разделот што го има министерството и објектите што за МНР ги гради државата преку амбасадите во Вашингтон и Сараево.

Второ, по повод на политиката што Владата ја води за европска интерграција парите кои беа спомнати дека недостасуваат, не недостасуваат, туку тие се лоцирани на друго место и за политиката, како стратешка политика на Владата за евроинтеграција, во овој буџет се одвоени повеќе од 100 дополнителни милиони во Разделот кај Владата за евроинтеграции. Повторувам, дополнителни нови 100 милиони во Секторот за евроинтеграции, токму заради тоа што оваа година Владата најави дека во февруари ќе поднесе молба за прием во ЕУ, што значи дека немаме несогласување со господинот Чашуле, меѓутоа средствата се реалоцирани на друго место, а не во МНР, затоа што Владата структурно така поставила, претходната влада дури, не само оваа, Секторот за евроинтеграции, во рамките на Владата а не во Министерството.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Поповски.

Се јавува господинот Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Мило ми е господине министре што се согласуваме барем во нешто.

Јас и во претходната влада протестирав на сличен начин, иако не учествував во носењето на тој буџет. Меѓутоа, јас како член на Комисијата за надворешна политика на Собранието, на средбата со министерката, пред два дена, зедов обврска дека нејзините заложби за лобистичката поддршка на МНР ќе ги поткрепам во расправата околу буџетот каде што треба да се алоцираат пари. Нас не ни требаат згради, на нас ни требаат ефикасни акции за застапување на нашата држава и нејзинот претставување во странство. Ако вие велите дека сте алоцирале пари, а ние стекнавме поинаков впечаток на Комисијата за надворешна политика, прифаќам грешката е моја, доведен сум во заблуда. Усогласете се па ќе видиме.Но едно е битно. Битно е дека имаме Агенција за иселеништво, имаме МНР. Битно е на нив сега, а она малку што го имаме да им го дододадеме и да се откажеме од некој си стратешки зафати, наречени незнам како, кои навистина не ни требаат при Ван Дер Штуловиот универзитет во Тетово.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со расправа.

Збор има господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

По однос Предлог на буџетот би сакал да го кажам следното.

Најнапред, имајќи го предвид ограничувањето на времето за дискусија, од 10 минути, лично сметам дека за мене се и "прекратки", од причини што за тие 10 минути не би можело баш ништо да се каже за буџетот. Исто така и начинот на кој се носи, исто така се "долги" тие минути затоа што на еден начин, како што е презентиран буџетот, пет дена пред Нова година истиот треба да се донесе до 31.12. сметаме дека најдобро ќе беше да се ограничи тотално, да нема расправа по истиот. Зошто?

Имајќи ги предвид дискусиите кои ги имавме вчера и денес по Предлог-буџетот, ниту една од нив нема никаков предмет на решавање на буџетот. Тоа се видувања на колегите пратеници, каде се направени пропусти, но нема шанса истите да ги разгледува Министерството за финансии кој го предлага Буџетот преку Владата.

Што би сакал да кажам? Еднаш за секогаш Парламентот на РМ без разлика кој го има мнозинството кој е на власт, а тоа треба најмногу да ги загрижи пратениците од СДСМ и ДУИ, да не гледаат тотална послушност према Владата, ако се предложи Буџетот за два дена без дискусија, без ништо, дека тој буџет е најдобар и ќе го прифатиме таков каков што е. Одговорноста е на Парламентот.

Ние опозицијата укажуваме на работи кои нема да дојдат на расправа пред Влада, да ги согледа тие укажувања и да направи нешто поинаку. Поради тоа, пред мене зборуваше за тоа и колегата Чашуле, што сосема се совпаѓа моето размислување со неговото, а треба да се совпадне и размислувањето на целиот Парламент. Неопходно е потребно Парламентот, дали во програмата за работа на Парламентот за 2004 година, да донесе задолжение, буџетот да биде подтвен до крајот на 6 месеци и истиот да биде доставен после одморите во процедура на Собрание каде би имало една активна расправа која ќе биде корисна и за Владата и за министерот кој сепак ќе ги слушне

укажувањата и ќе може да направи нешто поинаку. Инаку вака буџетите се исти, личат како јајце на јајце.

Би сакал да кажам дека буџетот се состои од приходен и расходен дел. Ние повеќе зборуваме сега, при расходниот дел, како се поделени редствата. Приходниот дел да договараме низ претходни седници, по носење на закони, со фискализација, зафаќање на давачки од граѓаните, но никој од нас не се впушта во тој дел, дали тие приходи нормално се собираат, дали не се собираат, се предвидува една бројка од приближно 60 милијарди денари кои се доволни за еден ваков расход на буџет, да ги покрие претежно трошоците на РМ и некаде 10% да има во развој. Какви што сме како држава, тотално западнати економски, со 10% развој не треба да помислиме ни трунка дека ќе тргне напрае Република Македонија. Прашање е дали и тие 10% кои се предвидени во Буџетот ќе отидат во развој или пак ќе отидат за покривање на некои дупки, како што се зборува во буџетот, што ќе се јават во текот на 2004 година.

Во тој дел би имал една препорака до пратениците и претседателот на Собранието;. Ние неможеме баш ништо да исправиме во овој буџет, свесни сме, бидејќи ќе поминат сите предложени амандмани, и од позиција и од опозиција, така како што е предвиден буџетот. Не може денес или утре, со предлагање на амандмани, да се измени било кој дел во буџетот затоа што тоа се математички бројки, каде да посегнеш ќе стане нешто пинаку. Затоа во почетокот на 2004 година треба да и дадеме задолжение на Владата, Буџетот во Парламентот да го пушти уште во месец септември, така да има една реална расправа и сепак да дојдеме до едни реални состојби за буџетот, дали тие приходи се доволни, дали доволно се собираат, дали расходите што се предвидени во Буџетот правилно се распоредени или не.

Јас би имал толку. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Томе Тромбев, а нека се подготви господинот Зиди Џелили.

Но, пред тоа, министерот поповски бара појаснување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само едно појаснување.

Во врска со иницијативата што господинот Манев ја соопшти, таа е во ред. Меѓутоа, имаме Закон за буџет што утврдува рокови на утврдување на динамика на изготвување и доставување на Буџетот, а тие рокови се овие што денеска ги имаме. Во

јуни има други процедури што течат и дел од пратениците и опозицијата што биле во Влада знаат дека за тоа прво треба да се смени Законот, а и да има таква иницијатива, верувајте, практично е невозможно во јуни да се дојде со буџет во Собранието, затоа што тековната година сеуште трае и ги нема сите пресметки за наредната година.

Меѓутоа, без разлика на се, не е проблем во Министерството за финансии. Проблемот е за буџетот, со Законот за буџет кој диктира такво темпо на развој на настаните како што диктира. Ние сме целосно во согласност со законот во овој момент со процедурата. Низ Влада, до Собрание, комитети, 20 дена лежи буџетот во Собранието, согласно со законот и тн. Што значи дека таа иницијатива неможеме да ја направиме ако не се промени законот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Тоа што го зборува министерот се е во ред, дека постои Закон за буџет, но тој Закон за буџет сепак го предлага Министерството. Јас зборувам за 2005 година за буџетот и сметам дека со Предлогот на законот за буџет нека биде таква предвидена норма. Јас не реков дека буџетот треба да влезе во јуни во Собрание. Јас реков во септември месец, што цела развиена Европа, сите развиени буџети се во септември месец на расправа. Не може ниту еден буџет да се гледа пет дена пред завршетокот на годината. Нема место на расправа по него.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас само кратко.

Министерството за финансии нема да предложи закон со кој што во јуни сме должни да излеземе пред Собранието, затоа што тоа ќе значи дека ќе излеземе со буџет

кој е половичен и со кој немаме согледувања до крајот на годината. Таа иницијатива, ако ја префрлате топката на нас, за нас е неприфатлива, затоа што тоа е невозможно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, тоа може и подоцна, веројатно деталите за термините можат да се појаснат.

Господине Тромбев, повелете вие сте на ред.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, драги колешки и колеги,

Јас во мојата дискусија нема да се навратам 1216 година во времето на Џон Без Земја, меѓутоа во еден мал дел ќе се навратам на Буџетот од 2003 година и ќе кажам неколку зборови за неговата реализација.

Факт е дека наследените состојби во сите сфери и конкретни ресори претставуваат Сцили и Харинти кои мораше да се премостуваат со финансиско санирање, елиминирање на девијантни појави и затворање на ретроградни процеси. Затоа, првата година од дејствување на Владата и реализацијата на Буџетот за 2003 година мора да го оцениме како фаза на санирање на состојбите, а не како стабилизирање. А, тоа е и терминолошка и суштинска разлика.

Веројатно овој горчлив и тежок период можеше побрзо и поефикасно да се премостува, но убеден сум дека наредните години со сосема доволна временска рамка на стабилизирање на општите состојби, проектирање на развој во сите сегменти, со соодветна макроекономска политика, но пред се во економијата и меѓународното позиционирање.

Фискалната политика само еден сегмент од макроекономската политика. Буџетот е основен инструмент на фискалната политика. Средствата прибрани преку јавни давачки, директни и индиректни даноци, неданочни приходи, ја чинат приходната страна на Буџетот што оваа година е помал од расходната за 0,9% од БДП. Буџетскиот дефицит минатата година беше 4 милијарди и 72 милиони, а сега е 2 милијарди и 690 милиони

денари, што претставува евидентно намалување. Во нашиот случај финансирањето на буџетскиот дефицит ќе биде од странски донации и кредити и за прв пат во најголем дел од внатрешни извори со краткорочни државни обврзници што е потег за поздравување. Но, едно треба да знаеме, дека буџетскиот дефицит го зголемува јавниот долг, а долгорочно гледано јавниот долг останува товар на идните генерации. Многу е битно јавниот долг да се стабилизира во одржливи рамки. Особено, надворешниот долг е посебен товар па затоа на него треба да се внимава да не се пречекорат платно билансните можности на државата, заради тоа што неговото сервисирање може да го намали производството, да ги зголеми даноците и да ја намали акумулацијата.

На министерот Поповски, во едно негово претходно излагање, нагласи дек анадворешниот долг во текот на претходната година, т.е. на 2003 година е евидентно намален во однос на претходните години и не ги се осврнувал на истиот.

Расходната страна на Буџетот за 2004 година тежи 59 милијарди денари. Вкупно, околу 50милијарди денари завршуваат како приход на рака кон некого, што е лоша структура, но долгорочно гледано целта треба да биде промена на овој однос, така што ќе остануваат повеќе пари за програмски и капитални трошоци.

Во интерес на времето ќе ги коментирам само позначајните суми и тоа:

21 милијарда денари се наменети за плати на буџетаритре што е изразено висока стапка што ја наметнува и целта. А таа е осободување на јавниот сектор од превработеноста, што иако значи “одење по маките”, бидејќи секое губење на работа предизвикува поединечни семејни драми. Значи реален курс, дека неможе да се троши нешто што го нема како реална, економска и функционална категорија. Впрочем, реформите на администрацијата и реалните потреби од работна сила во јавниот сектор се прашања што одамна тропаат пред вратите на Република Македонија.

22 милијарди денари се трансфери до фондовите за здравствено и социјална заштита и пензиското осигурување. Ова е домен на социјалната политика чија цел е да обезбеди социјална заштита, сигурност, правда и еднаквост. Социјалните трансфери претставуваат значајна ставка во буџетите на сите современи економии и манифестираат долгорочна дентенција на пораст. Категоријата трансфери подразбира еднострано

плаќање на средства на одредени субјекти од страна на државата без соодветен еквивалент, односно соодветна противвредност. Зголемувајќи ги социјалните трансфери, државата фактички уфрла соодветна количина пари во економијата. А, на тој начин трансферите имаат стабилизирачка функција.

Развојната компонента на Буџетот за 2004 година изразена преку политиката на јавното инвестирање изнесува околу 6 милијарди денари, мислам на јавните инвестиции или 10,5% од вкупните расходи. И, како што рече министерот е на незавидно ниво. Но, радува фактот што во наредните години ќе се обезбеди значително зголемување на капиталните расходи кои во 2006 година се предвидува да учествуваат со 17,6% од вкупните расходи, согласно фискалната стратегија што ќе биде дополнителен стимул за развојот.

Развојната политика за инвестирање во јавната инфраструктура во земјата во 2004 година и подолготочно треба да се базира на инвестициона активност што ќе резултира со оптимализација на користење на постојните капацитети, реконструкција и мобилизација на јавната инфраструктура во функција на обезбедување економичност и повисока ефикасност, како и поскоро завршувањ ена започнатите економски оправдани објекти, имајќи ги предвид опциите на помали трошоци.

Растот на БДП во 2004 година од 4% во најголем дел ќе биде ефект на инвестициите. Додека, набљудуван според производната страна ќе биде надополнета и со пораст во градежништвото и транспортот и врските. Во 2004 година се очекува градежништвото да оствари реална стапка на пораст од 6%, како резултат на предвидената зголемена инвестициона активност во градежништвото иницирана од започнување на проекти финансирари со средства од Буџетот, од меѓународни финансиски институции и од приватни инвеститори. А тоа се продолжување на реализација на проектот Заобиколница околу Скопје втора фаза,  започнување со изградба на делници од коридорите 8 и 10, операционализација на програмата за јавни инвестиции во 2004 година, изградба на Хидроцентралата “Матка 2”, изградба на Хидромелиоративниот систем “Злетовица”, “Гасна централа” изградба на Деловно-трговски центар и други инвестиции.

И, да констатирам дека за градежништвото постои едно единствено решение во услови на пазарна економија, правилно насочени, во функција на потребите во јавниот сектор и пред се перманентни, континуирани инвестициони активности на подолг период, димензионирани според  објективно расположливите капацитети на градежништвото, во функција на неговиот опстанок и развој како стратешка и развојна стопанска гранка.

Во 2004 година порастот во однос на претходната година се очекува и кај транспортот и кај врските. Предвиден е реален пораст кај транспортот и комуникациите од 6,5% во споредба со минатата година. Ваквите проценки базираат на зголемен превоз на стоки и патници со претстојните Олимписки игри во Атина како и ширење на дејноста на вториот мобилен оператор.

И да ги спомнам инвестициите во делот на животната средина, каде ќе се завршат веќе отпочнатите активности, а во исто време ќе се започне со голем број нови проекти, со цел подобрување на условите за живот и самата инфраструктура во Републиката. Заштитаста на реки и езера, ќе се продолжи со проектите за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското езеро и реката Вардар. Обезбедување со здрава вода за пиење  ќе се ублажува со реализација на водоснабдителни системи, а особено како што напомнав Хидросистемот “Злетовица”. Ќе се отпочне и со решавање на проблемот со депонирање на цврстиот отпад во Република Македонија и тоа во Југозападна Македонија во Пелагонискиот регион. Овие проекти, во најголем дел ќе бидат финансирани од средства од Буџетот како и од донации и од меѓународните институции.

Почитувани колеги пратеници,

Бидејќи најтешкото го оставаме зад нас, иако многу прашања и проблеми се отворени, а ќе се отвораат и други, верувам дека ни претстои година на стабилизирање на состојбите особено во делот на економијата и интензивно отворање на социјалните прашања и проблеми со сите придружни искушенија.

Затоа ја давам својата поддршка на Буџетот, но со порака дека мора брзо и ефикасно да заживеат сите програми со придружните ефекти што од нив реално ќе се очекуваат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Зиди Џелили, а нека се подготви господинот Слободан Најдовски.

Господине Џелили повелете.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани дами и господа,

Јас ќе зборувам во однос на моето ограничување, само за ограничување на говорот за 10 минути за мене не пречи многу, оти моите говори беа кратки и многу јасни. Бидејќи не сакам никого да лажам и манипулирам. Но, ваквиот начин на ограничување ги загрижува граѓаните, бидејќи се сеќаваат на минатото, на диктатот, заканите и импонирањето на едноумието. Ова ќе го докажам со амандманот 19, остава нешто што импонира страв, дека сега албанците повторно ќе се приведуваат од темни нешта за да ги стават под контрола и да бидат како дисциплинирани граѓани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Џелили ве молам држете се за темата.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

И на крај, што се однесува до забелешките, големата звезда што сте ја ставиле на новогодишната елка, говори многу.

Сега, да се осврнам за Буџетот госпоѓо потпретседател.

Министерот за финансии, во неговото излагање рече дека надворешните инвестиции се на најниско ниво. Значи ова е вистина дека односот што го земавме од Народната банка на Република Македонија, јасно се гледа дека минатата година, значи и оваа година дека инвестициите, надворешните инвестиции ќе бидат на најниско ниво. Негативното салдо во трговскиот биланс како и високото ниво на невработеност и зголемување на сиромаштијата, пермаментното зголемување ќе бидат основни карактеристики на овој буџет и за наредната година. Значи и наредната година ќе имаме рестриктивен буџет, буџет што не ветува нови вработувања, не ветува помош за

семејствата што се загрозени од социјален аспект, буџет кој не го ветува реализирањето на Охридскиот договор, како и учеството на албанците во државната администрација, така и во делот на финансирањето на високото образование на албански јазик во самата држава.

Значи, имаме најави дека бројот на невработените ќе ја надмине бројката од 400 илјади. И, ако минатите години бројот на невработените бил многу помал, не бара коментар дека некој лошо менаџира со државата.

Понатаму, и овој буџет не предвидува средства за да се стимулираат или кредитираат приватниот сектор. Доколку се случи едно вакво нешто, можеби ќе има во неколку сфери, ова нема да важи за албанските претпријатија за албанските претпријатија, бидејќи тие понатаму живеат во нивните места, значи во местата каде албанските и разните фондови сеуште немаат доверба, бидејќи според нив тие живеат во региони каде што сеуште нема безбедност и стабилност. Реализирањето на Буџетот исто така ќе наиде на пречки, бидејќи во Република Македонија секојдневно корупцијата се зголемува и посебно овие денови сведок сум, граѓаните се жалат дека покорумпирана е царината. Многу граѓани кои ги преминуваат граничните точки се рекетираат од страна на цариниците. Ова ми го рекоа туристичките агенции и граѓаните кои се враќаат во родните краеви тие кои работат на привремена работа во дијаспората.

Исто така, со Буџетот не се предвидени средства за жртвите од воениот конфликт од 2001 година. За оваа категорија на жртви или луѓе, кои беа вклучени непосредно во војната, или кои живееја на овие кризни места, станува збор и за цивилите. Но и понатаму средства се предвидени само за безбедносните сили, значи од македонската страна кои ќе продолжат да земаат пензии и други придонеси предвидени со Законот што го гласаше овој Парламент. Додека албанската страна останува и понатаму своето опстоење, егзистенција, значи жртвите и сираците да ги обезбедуваат од помошта што албанците ја даваат за Бајрам и се грижи можеби некој друг, а тие останаа во милоста на Господ. Законот на “Бранко”, за да се стимулира вработеноста, сите стручњаци, сите граѓани мислат дека тој закон не успеал. Значи, е неуспешен и затоа не важи да се очекуваат нови вработувања во оваа насока.

Што се однесува до раселените лица, сите мислат дека кога станува збор за раселените лица дека тие се од македонската страна. Не господа, раселените повеќе со процент се албанци кои во кризните региони страдаа и имаа големи штети на нивните приватни објекти и ден денеска се раселени со нивните семејства и некои од нив зимата ја поминуваат покривајќи го домот со најлони. Оваа информација ја имаме од Меѓународниот црвен крст, од Комисијата за заштита на правата на човекот, од Анкетната комисија во Парламентот дека еден голем процент од раселените се албанци и затоа не се чудам зошто минатата година и оваа година се предвидува, но во практика не се реализира ништо во оваа насока.

За крај, оваа Влада има одлучено со рестриктивен буџет, со социјален буџет, а не развоен буџет да го заврши својот мандат. Овој буџет ако се анализира малку повеќе те воведува да плачеш, но се грижи за ова Владата со своите дејствувања, да те тепа, а не те остава да плачеш.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Џелили, несакав да коментирам, да ве прекинувам, да не ви одземам од времето, меѓутоа, должна сум сепак да укажам дека ѕвездата е една од универзалните симболи на различни цивилизации, така што вам многу добро ви е познато дека ја има и на знамињата на САД, на Европската унија и јас не верувам дека кај нивните граѓани предизвикува исти асоцијации како кај вас во случајов. Мислам да не ги доведуваме некои неуки граѓани во заблуда, а некои други да ги тераме да ни се смеат. Во ред, меѓутоа бидејќи тоа беше сепак тенденција, јас морав да коментирам.

Сега збор има господинот Слободан Најдовски, а следен ќе биде Никола Ѓуркчиев по паузата.

Господине Најдовски, имате збор.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министер, дами и господа пратеници,

Сакам на почетокот јас како претставниците на опозицијата да си ја изгубам првата минута по однос на скратувањето на дискусијата или применуваме на членот од Деловникот за ограничување на дискусијата на 10 минути и морам да кажам дека јас да бев на нивно место, можеби така ќе реагирав и велат не го прави на другиот, она што не сакаш тебе да ти го прават.

Затоа, им се лутам што донеле во претходниот Парламент таков Деловник, со кој што донеле член кога имале парламентарно мнозинство да може да се ограничува дискусијата на 10 минути. Сега мораме тој Деловник да го применуваме и мислам дека тука нема право на забелешки.

Би се осврнал сега конкретно на Предлогот на буџетот и како што многумина во досегашната расправа кажаа пред нас за расправа е буџетот за 2004 година кој сигурно е најважен годишен документ кој се донесува во Собранието на Република Македонија, односно во Парламентот на Република Македонија и преку кој се отсликува тековниот економски капацитет на земјата и докумет прек кој може да се согледа политиката што ќе ја води Владата на Република Македонија во таа година. Така е во земјите кон кои се стремиме. Но ако погледнеме кај нас од 1990 година, сите години наваму, расправите по однос на Буџетот личат една на друга, во зависност од тоа кој се наоѓа во позиција, кој се наоѓа во опозиција. Од сите тие расправи ќе извлечеме неколку заеднички елементи.

Првата, секогаш се поставува дилемата, дали буџетот има приходи, кој што може да ги покријат желбите, односно планираните расходи на корисниците на буџетот.

Втората дилема која постојано се поставува е дали буџетот е развоен или потрошувачки и

Третата дилема е дали во буџетот има политика.

По однос на првата дилема за големината на буџетот односно за приходната страна на нашиот буџет мора да кажеме тоа дека таа е толкава колку што е степенот на економски развој во Република Македонија и колку што ни дозволуваат реалните економски капацитети на Република Македонија. И ако сакаме да имаме поголем буџет, тогаш се отвора дилемата на кој начин можеме тоа да го направиме. Постојат два можни

начини, или да ги зголемиме реалните приходи во буџетот, или да го зголемиме дефицитот онака како што имаше залагање на поедини пратеници од опозицијата.

Би се осврнал накратко на двете можности.

Првата околу зголемување на дефицитот. Господа пратеници, мора да знаеме дека дефицитот значи обезбедување на финансисски средства од одредени извори. Дали тоа ќе бидат странски донации и кредити, а доколку се предложи дефицит со странски кредити, тогаш веднаш ќе го имаме реагирањето на опозицијата со зголемено задолжување на Република Македонија, или другата можност е од домашни приливи, што значи дека и двата можни начини се меч со две оштрици. Така, финансирањето на дефицитот со повлекување на поранешни депозити од Народната банка на Република Македонија, како што напомена и министерот, мора да биде строго контролиран, бидејќи тоа може да има директно влијание врз паричната маса која ќе биде во оптек во Република Македонија и која што може да има негативно влијание на вкупните економски движења во Република Македонија.

Кога зборуваме за втората можност или за вториот можен начин за зголемување на приходите на буџетот преку зголемување на наплата на приходите, мораме да кажеме дека на овој план имаме можности и имаме резерви и мораме да кажеме дека на овој план во изминатата година затаивме. Затаивме да докажеме како е можно со лични примања од 22.000 до 23.000 денари во рок од 3 до 4 години може да се стекне стан од 200 до 240 метри квадратни во Скопје. И тука таа затаеност, таа наша недоследност мора да си ја признаеме како партија која што ја подржуваме Владата.

Исто така, тука пред се мислам на овој план и во спречувањето на постоење на различни махинации кои што ни се случуваат во Република Македонија каде што одредени субјекти со постоење на повеќе претпријатија од еден основач и морам да напоменам, истовремено потпомогнати од одредени алки во државните органи успеваат да го избегнат плаќањето на обврските кон државата за што државната каса ни останува за одреден процент попразна. Затоа сметам дека мора да преземеме во иднина поенергични мерки на овој план на зајакнување на платата на приходите, како на даночните приходи, така и на придонесите на неданочните приходи на државата, како

што се на пример концесиите. Во оваа насока, многу значајна улога треба да одиграат и судовите и годинава за прв пат предлагаме посебен судски буџет. Да се надеваме дека тоа ќе придонесе за поефикасност на судовите и нема да имаме случаи како што имавме досега еден субјект правен едно претпријатие кога побарува од државата судскиот спор се решава за рекордно кратко време, а кога истиот правен субјект му должи на државата, тогаш тие зборови се влечат по две - три години и можеби никогаш не завршуваат. Се надевам дека со овој судски буџет дека следнава година тоа ќе го надминеме.

Постојано се поставува прашањето или дилемата буџетот дали е развоен, потрошувачки и дали е рестриктивен, односно прашањето за структурата на буџетот на Република Македонија.

Почитувани дами и господа,

Со ситуација кога имаме голема бројка на администрација, во ситуација кога имаме голем број на невработени, во ситуација кога имаме голем број на пензионери, не можеме да зборуваме за никаква поинаква структура на буџетот на Република Македонија, освен она што ни е овде предложено. Затоа, буџетите од година на година ни личат еден на друг. Затоа сметам, колку ние да зборуваме мора државјанство го потврдиме фактот дека пред се нашиот буџет е социјален. Друга структура не можеме да имаме. Дека е така, иако опозицијата во дискусијата сака да докаже поинаку, сепак го потврдува дека структурата е ваква каква што е дадена. Ќе ви кажам само еден пример. Опозицијата има преку 10 или 120 амандмани, со повлекување на дел бројката можеби е плус - минус 10. Од тие 110 амандмани 75 амандмани се однесуваат на прераспоредување, односно зафаќање на средства од делот или ставката каде се функции на државата. Тие 75 амандмани изнесуваат некаде 1 милијарда и 625 милиони денари. Во ситуација кога би се усвоиле сите тие амандмани на опозицијата, ќе дојдеме во ситуација да не можат да се обавуваат основните функции на државата, да им ги немаме парите од старите девизни штедења, да ги немаме парите кои произлегуваат од обврските кон обврзниците за денационализација, да ги немаме парите за отплата на надворешниот долг кој што бил со години создаден. Затоа сметам дека би било добро, би и препорачал на опозицијата да ги повлече сите овие 75 амандмани, бидејќи се

однесуваат на ставката за функции на државата, сепак се сконцентирани на две ставки. Тоа се тековни резерви кои што се 140 милиони и други градби каде што се 109 милиони. Тие вкупно изнесуваат 249 милиони. За да се усвојат сите амандмани треба 1 милијарда и 650 милиони денари. Би препорачал да ги повлечете тие 75 амандмани и јас би го поддржал и би гласал и би ги повикал моите колеги пратеници од сите тие 75 амандмани да го ставите само амандманот што се однесува за трансфер до печатените медиуми за да можеме да ги оствариме сите овие заложби кои што ги изнесувате на говорница. Во спротивно сметам дека тоа е демагошки изнесување на излагањата и сметам дека не водат кон никакво решение.

Почитувани пратеници, на крајот би сублимирал дека Република Македонија ќе има ваков буџет се додека соодносот на вработени и на невработени е ваков, а за тоа сите досегашни влади се подеднакво виновни и сите партии кои што се во овој парламент се подеднакво одговорни затоа што нема политичка партија која што седи во овој Парламент а кој што во овие 10 до 12 години не била учесник во Владата на Република Македонија. Затоа одговорноста лесно е да се префрли но секој во свое време да си погледне што направил. Затоа сметам дека Министерството за финансии и Владата на Република Македонија во овој момент направила и ни предложила оптимален буџет, без разлика колку сме задоволни и незадоволни од тој буџет. Друг буџет го потврди и со факти ниту опозиција, ниту некој друг во ваква економска состојба во Република Македонија да направи и затоа сметам дека овој буџет треба да го изгласаме. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да реплицирам на господинот Најдовски за две работи. Првата беше дека искажа едно мислење дека Деловникот по кој што сега работиме до 2002 година имаше времен Деловник во 2002 година го донесовме Деловникот на Собранието на Република Македонија и ние тогаш бевме позиција и рече дека тој Деловник мора да

се почитува и значи мора да се ограничат дискусиите. Само би го потврдил дека може, но не мора, а особено што самиот во својата дискусија кажа дека буџетот е еден од најзначајните документи кои што се носи секоја година. Значи, токму за овој буџет не требаше да се ограничат дискусиите. Значи, тоа е по првата забелешка.

Втората забелешка е околу амандманите на опозицијата. На господинот Најдовски би му препорачал доколку има нешто во врска со буџетот, најдобро е да си поднесува свои амандмани, бидејќи тоа е и неговата работа. Неговата работа не е да ги коментира амандманите на опозицијата. Сметам дека доколку ги коментира, има аспирација да биде министер за финансии. Тука е министерот за финансии, ќе може да ги разгледува нашите амандмани и да ги коментира. Меѓутоа господинот Најдовски треба да гледа каде може да поднесе амандман се со цел за подобрување на буџетот за 2004 година вклучително и амандман за давање пари за печатените медиуми.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Реплика на репликата има господинот Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

По однос на првата забелешка јас морам да кажам дека расправата за буџетот не се одвива само на пленарната седница ние буџетот го добивме на 4.12.2003 година во Собранието на Република Македонија. Имавме доволно време за расправа по комисии, но со оглед на тоа што седниците на комисиите не се пренесуваат директно на телевизија, граѓаните не можат да не видат и таму многу малку дискутираме и изнесуваме забелешки.

Втората работа околу амандманите. Јас немав никаква намера да ви сугерирам господине Трајановски и да ги коментирам вашите амандмани, туку сакам да укажам дека начинот како можеме заеднички да изнајдеме решение за еден од предложените амандмани и би сакал да ви укажам на апсурдноста да предложите амандмани во висина од 1 милијарда и 560 милиони денари, а од друга страна од

ставките од која што можете да земете едната е 140 милиони, а другата 109 милиони. Затоа сакав заеднички да изнајдеме решение за печатените медиуми да се договориме и со останатите колеги пратеници да го усвоиме само тој амандман. Тоа е мое лично мислење, не мора да го прифати некој ако не сака.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Објавувам еден час пауза.

(Пауза од 14,10 до 15,05 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата ќе продолжиме со претресот по буџетот за 2004 година.

Ве молам затворетеја вратата на салата.

Прв пријавен е Никола Ќуркчиев, не е тука. Избришете го ве молам, потоа госпоѓа Силвана Бонева и таа не е тука, избришете ја, господинот Коце Трајановски, а по него нека се подготви Љупчо Балковски.

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

На денешниот дневен ред е Предлог на буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Имавме можност оваа година пролетта го гледавме Буџетот за 2003 година, со мало задоцнување, со оглед на тоа што беше прва буџетска година на новата Влада. Меѓутоа, за разлика од овој буџет, тогаш ни беше доставена на увид макро-економската политика на Република Македонија за 2003 година со мерки за поттикнување на извозот, со мерки за поттикнување на вработениста и флексибилноста на пазарот на работната

сила во Република Македонија, со мерки на штедење и за зголемување на кредитите во Република Македонија и за инвестициите.

Со оглед на тоа што имавме вакви материјали, што имавме Буџет, имавме малку поквалитетни расправи отколку се овие расправи што сега ги водиме по однос на буџетот за 2004 година.

За разлика од Буџетот за 2003 година, сега за 2004 година во буџетот немаме ништо т.е. имаме само еден гол буџет со многу суви бројки и со речиси никакво образложение или со најнеопходно, најминимално образложение на крајот од илјадници ставки и подставки, раздели кои се дадени во буџетот.

Сметам дека на овој начин не е добро да се работи, наместо да напредуваме во буџетирањето и да црпиме искуства од другите земји, ние назадуваме, бидејќи во однос на 2003 година, гледам дека за Буџетот ги нема и најосновните работи тоа се програмите кои треба да бидат поткрепа на овој буџет за 2004 година.

Користејќи ги искуствата на другите земји треба да се обидеме од наредната година, како што кажаа добар дел од пратениците, тоа го кажаме и на Комисијата за одбрана и безбедност, со буџетирањето да се почне далеку порано од пролет па натаму на 2004 година, да се почне со буџетирање, со изготвување на буџет, со предлог на буџет за 2005 година и некаде на есен да почнеме да гледаме буџет кој ќе биде многу поиздржан отколку вавкиот начин на носење на буџет.

Исто така би сакал да дадам една сугестија до Министерството за финансии, доколку е можно, а сметам дека е можно, техника е доволно напредната, буџетот за 2005 година да ни се даде во дигитална форма, на дискети, на СД, на нашите имеил адреси, со што ќе можеме многу полесно да правиме компарации, споредби, да правиме пребарувања, симулации и што е најважно предвидувања за новиот буџет за 2005 година. Мислам дека е сосема нормално и на некој начин ќе го дигнеме нивото на изготвување на овој буџет. Сметам дека ова ќе се разгледа и ќе се прифати, бидејќи не бара никакви дополнителни ангажмани.

Што се однесува до Буџетот за 2003 година, во образложението се вели: макро-економските остварувања во 2003 година се: пораст на бруто домашниот производ,

фискална консолидација, ниска стапка на инфлација и нормализација на политичко-безбедносната состојба во оваа 2003 година.

Тоа се практично основите кои служат за 2004 година, поаѓајќи од она што е остварено во 2003 година се вели дека ќе бидат основи за изготвување на буџетот за 2004 година. Мислам дека тука многу грешиме, еве ќе кажам, велиме нормализирање на политичко-безбедносната состојба, сакам да напоменам, а и досега сум напомнал, ќе го напоменам и сега, бидејќи влијае на буџетот за 2004 година, сметам дека безбедносната состојба во Македонија се уште не е нормализирана или е привидно нормализирана, а бидејќи тие кои придонесоа во Македонија сеуште има терени каде правната држава нема свое влијание, каде нема да се собираат даноците, седат тука со нас во пратеничките групи или се министри или се директори на јавни претпријатија и нивниот влог, пак ќе повторат, и порано сум кажал, треба да биде таков, со оглед на тоа што се во власта да може на тие територии да се оствари правниот систем на Република Македонија за да може да има непречено движење како на администрацијата на Република Македонија за наплаќање на даноци така и движење на сите граѓани од Република Македонија.

Според тоа, таа констатација што е услов за создавање на овој буџет за 2004 година мислам дека не е добра. Со поставување на нови приоритети за 2004 година е домашно штедење, зголемени инвестиции, структурни реформи, поинтензивни реформи, конкуретност на пазарот и економија, сето тоа треба да придонесе за невработеноста и сиромаштијата во Република Македонија да бидат намалени. Нормало, сите ние, а голавен индикатор на работење на една држава во крајна линија е намалување на бројот на невработени и намалување на сиромаштијата во Република Македонија.

Сметам дека ова што е дадено во буџетот повеќе ми личи како фраза, бидејќи истите тие беа повторувани наназад години поготово во 2003 година кога се носеше Буџетот за 2003 година и тогаш рековте дека главно ќе биде намалување на невработеноста и сиромаштијата, меѓутоа, сите анкети, сите показатели на официјалните институции го покажуваат токму спротивното што не доведува до состојба да се замислиме дали сето ова е само фраза или сето ова што е кажано како е конципиран

буџетот за 2004 година навистина ќе овозможи, во краен случај, за доборото на сите намалување на невработеноста и на сиромаштијата во Република Македонија.

Инаку, во буџетот проектирана инфлација од 2,8%, зголемување на вработеноста од 3% при што буџетските извори на приходи се 57 милијарди, расходите 59,5 милијарди или имаме дефицит во буџетот од 2,5 милијарди денари кои ќе се надополнат со кредити и донации.

Инаку, што се однесува до големината на буџетот, бројките што ги спомнав сега, висината на буџетот е иста како што беше во 2002 година или приближно иста. Тој буџет беше многу критикуван како многу висок буџет, меѓутоа, еве дојдовме во ситуација истиот тој буџет станува нормален.

Гледајќи го буџетот за 2004 година можам да кажам дека се направи нов стил, се даде предлог на буџет во кој е дадена синтетиката на сите тие ставки и анекс на буџетот во кој е дадена аналитиката на тие ставки или подставки во краен случај, но да кажам недоследноста на тие два документи, одредена подставка како најниско ниво на овој буџет во одредени ставки, а и во анексот не можеме да најдеме, а можеме да го најдеме во предлог-буџетот и сето тоа придонесува многу потешко и повеќе време ни треба да направиме анализа на овој буџет и да можеме да ги даваме своите предлози.

Ако се земе во предвид краткото време, тогаш овие намерни или ненамерни проблеми кои се јавуваат во буџетот оневозможуваат да направиме квалитетна и навремена анализа и предлогот на измени на буџетот за 2004 година.

Би почнал со буџетот на Претседателот на Републиката како институција, го разледав буџетот, тоа е раздел 01001 и видов дека тој изнесува 52 милиони денари. Истиот е како во 2003 година, меѓутоа, мојата забелешка е тоа што се разликува во однос на 2003 година, имено, намален е за цели 20%, тоа е драстично намалување, па сметам дека не треба да биде тоа направено, треба да се врати на состојбата од 2002 година од повеќе причини, сметам дека не се земени сите потреби на кабинетот, организирање на бројни посети странски и домашни, активности околу апликацијата за членство во ЕУ и НАТО и многу е значајно што има уште советници од претходниот претседател, сето тоа влијае за да овој буџет биде ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски завршија вашите 10 минути, ве молам.

Се извинувам, вие сте координатор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ако почнете вака да ме деранжирате, барем гледајте го Деловникот, јас веќе неможам да говорам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, имате една минута повеќе.

Проштевајте.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Незнам што да кажам.

Сметам дека ова намалување сепак е направено од партиска причина, бидејќи е различен од претседателот на СДСМ, што е лоша постапка, многу лоша порака, само да не заборавите дека тој истиот претседател згрижи некои ваши видни членови ставајќи ги за амбасадори како во Грција така и во Англија г-дин Ѓорѓи Спасов и г-дин Благој Ханџиски  затоа сметам дека треба да се почитува оваа инситуција независно кој е на власта, кој е на во Собраниската процедура.

Инако, што се однесува до буџетот би сакал да напоменам дека во буџетот во раздел 0201 подставка 443312, надомест за структурни реформи или ова се средства наменети за опремнини и надоместоци за пензиско-инвалидско осигурување, надоместоци за невработените, загубарите кои се отпуштени до оваа година и загубари кои ќе треба да се отпуштаат од работа во 2004 година како што се ЗИК “Куманово”, “Вино југ” Миравци , “Вино југ” Агро извоз и други, сметам дека износот не е доволен, се работи за повеќе од десетина илјади невработени кои примаат минимален надоместок од четири илјади денари кои издржуваат цели фамилии со таков износ и сметам дека овој износ би требало да се корегира.

Затоа во Законот за извршување на буџетот, во ставката на буџетот во одредбата 7 став 5 ставено е “се предлага пратениците да ја овластат Владата да ги пренасочува средствата од една во друга ставка” и со тоа се потврдува дека во буџетот за 2004 година нема децидно и нема добро програмски поддржано ставка која сега се предлага.

Инаку, да напоменам ние би требало практично за секој раздел, за секоја ставка да не зборувам за подставка, би требало да имаме објаснување на буџетот на Република Македонија за 2004 година. Овој буџет се прави привидно, тоа го кажам и на Комисијата за одбрана и безбедност, за купување на канцелариски материјал од 190 милиони предвидени во една од ставките, во подставката 170 милиони се предвидени за набавка на друга опрема, или 80% е ставено во една ставка, не се кажува каде и за што се наменети. Тоа јасно зборува дека во овој буџет сето ова што е правено е правено врз основа на 2003 година и некои предвидувања што се правени со недоволна анализа за 2004 година. На оваа седница како точка 10 ни е Законот за водостопанство во која се вели дека ќе престанат со работа сите јавни претпријатија кои се бават со водостопанство и други претпријатија кои не се јавни и средствата за нивните побарувања за вработените кои ќе бидат при таа трансформација на водостопанствата треба да бидат обезбедени 1 милијарда денари. Меѓутоа, во буџетот за помагање на структурните реформи во водостопанствата е нула. Значи воопшто ништо не е предвидено, а знаеме дека тој Закон сега ќе го донесеме, знаеме дека во тие водостопанства работат неколку илјади вработени и се прашувам што ќе правиме со тие луѓе или каде ќе се најдат тие пари во буџетот.

Исто така би спомнал за Македонски железници, предвидено е во раздел 1301 подставка 472112, трансфери за пттикнување на инвестиции предвидени се околу 300 милиони најверојатно за изградба на пруги, сепак е во спротивност со Законот за железници со кој се предвидува 1% од бруто домашниот производ да биде предвиден за изградба на тие железници и таа вредност би била мнгоу поголема или 2,6 милијарди денари. Или треба да го смениме законот или во буџетот јасно да кажеме дека согласно Законот ние не можеме да оствариме, остваруваме толку, затоа велам за секоја ставка

или подставка треба да се има објаснување за да би можеле да водиме квалитетни дискусии.

Она што беше кажано за земјоделието, само можам да потврдам, вчера земјоделците беа тука на протест, беше жална таа слика, жолтото злато се пали пред Собранието на Република Македонија, а да напоменам дека со тоа жолто злато првите девизи во бившата СФРЈ беа токму од жолтото злато од Република Македонија и не само од тутунот, туку и субвенциите и помошта на земјоделието како многу витална гранка Република Македонија од која живеат околу 200 илјади семејства во Република Македонија или 700 до 800 илјади граѓани на Република Македонија, оставени се на милост и немилост или оставени на пазарна економија и пазарна конкуренција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски, точно поминаа 16 минути.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Никаде во ниту една држава земјоделието не е оставено на пазарна економија, туку како многу значајно тоа е оставено на субвенциите на државата да не пропадне..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски поминаа 16 минути, една минута повеќе.

(Пратеникот Трајановски реагира на одземениот збор)

Збор има господинот Љупчо Балковски, а нека се, се извинувам, господинот Славе Арсоски бара реплика. Имате три минути.

СЛАВЕ АРСОСКИ:

Благодарам претседателе, би сакал да репрецирам во врска со некои ставови изнесени од колегата Коце Трајановски што ги изнесе од говорницата.

Прво, истакна дека истиот буџет е како што бил 2002 година односно што го донела претходната коалиција, а не е ист, да се разбереме, ако не друго овој буџет е помал во

апсолутни износи некаде за 100 милиони евра што значи во крајна линија помали зафаќања од стопанството за 100 милиони евра, па да го расчистиме тоа.

Второ, не е ист затоа што овој Буџет не знаеме како ќе заврши, заради тоа што овој што е реализиран за 2003 не е ист со 2002 година ниту по основ на раст на БДП, ниту по основ на остварениот дефицит по платниот биланс, ниту по основ на други параметри, се разбира во споредба со Буџетот во 2003 и 2003 година. Тоа се неминовни бројки и факти што може да ги проверите како такви.

И трето, често пати ја употребувате или злоупотребувате безбеносната состојба во земјата. Ние, од западниот дел на Македонија можеби најдобро ја знаеме и безбедносната состојба не е споредлива, онаа што беше 2002, а да не зборуваме за 2001, како што е сега, бидејќи ние знаеме каква е истата најдобра, по тоа прашање.

Истакнавте дека тие што довеле до таква безбедносна состојба се тука. Се согласувам, но никој од граѓаните на Република Македонија нема да ве амнестира вас како коалиција на власт што бевте во 2001 година и во 2002 година што доведовте да се случи она што се случи. Значи, дали презедовте соодветни мерки или не презедовте, но се случи тоа што се случи, а вие бевте како коалиција на власт во врска со безбедносната состојба. Оваа коалиција сметам дека во тој дел, во безбедносниот дел, кажав претходно, никако не може да се споредува.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски една минута контрареплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Прво, изгледа колегата не ме разбрал, јас не реков дека е исто 2002, туку реков со 2003. Со 2002 реков со претседателот на Републиката се разликува 20%. Но, добро, ако е 2002, лапсус е сум мислел на 2003. Ако тоа ти е репликата, многу ти е слаба.

Што се однесува до безбедносната состојба, сакам да укажам дека не е само во Западна Македонија колега. Можете да бидете и во АрачИново и сега кажаа дека

наплатата на електрична енергија е само 10% моментално, се успеало 10%. Така што има многу делови и во скопско и во кумановско што се многу позагрозени или исто загрозени како Западна Македонија од аспект на тоа. Затоа реков нема да амнестирате некој што е тука во Парламентот да може и понатаму да останат црни дупки од аспект на влијание на правото на Република Македонија за одредени средини, кога се тие нивни законски претставници тука во Парламентот и се ваша коалиција.

А тоа, дали ние сме можеле да ја спречиме војната во 2001 или не..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

..во тој случај вие можете..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски, господине Трајановски..

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

..може требаше и во Косово да ја спречиме инвазијата ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски како кооридинатор немате право на контрареплика повеќе од една минута.

Повелете господине Балковски а нека се подготви пратеникот Никола Груевски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван заменик министре за финансии, почитувани пратеници,

дозволете ми и на почетокот да го искажам револтот по повод ограничувањето на дискусиите на пратениците на 10 минути, затоа што навистина за ваква важна тема прекратко е 10 минути да се разговара. Меѓутоа, знаеме дека после исцрпувачката седница за легализација на малоречанскиот универзитет, едноставно коалицијата СДС и ДУИ чекаше на прва наредна седница, без разлика за каква важна точка ќе се разговара да ја замолчи опозицијата, односно да ја ограничи со 10 минути. Меѓутоа, мислам дека и тоа не е доволно затоа што ако ние како ВМРО-ДПМНЕ и Либерална партија и целата опозиција едноставно сакавме, тоа го кажувам јавно, да се донесе овој буџет, затоа што е тоа во интерес на Република Македонија, меѓутоа пресметајте временски колку е 10 минути по 33, потоа уште по 3 минути, плус едда минути реплика, значи ако сакавме да правиме опструкција тоа можевме да го правиме. Меѓутоа целта не ни е тоа. Целта ни е да се донесе овој буџет. Но каков, за тоа треба да разговараме.

Каков е овој буџет на Република Македонија?

Мислев дека министерот за финансии кажа дека е и социјален и развоен. Јас не би се согласил со тоа. Можеби и желбите се такви. Меѓутоа, буџет за 2004 година, ако е ист со 2003 година не може да биде развоен, затоа што за ист буџет минатата година се кажуваше дека едноставно тој буџет ќе биде стабилизирачки, ќе имаме штедење цела година, а сега за ист буџет, значи со исти средства, горе-долу средствата се тука, кажуваме дека и овој буџет ќе претставува импулс, таков збор се употреби, инпулс за стопанството за 2004 година. Јас би сакал да е така, затоа што и тој инпулс би делувал и би создал услови за работа во македонската градежна оператива. Меѓутоа, сепак малку треба да ги прегледаме и ставките во буџетот за да видиме дали тоа навистина е така, дали тоа навистина така ќе се направи со буџетот за 2004 година.

Ако пооделно ги разгледаме буџетите, поточно ставките во Министерството за финансии - функции на држава, ќе видиме дека не е така. Јас би сакал тука да е и министерот за финансии, затоа што со заменикот министер доста разговаравме на Комисијата за транспорт, врски и екологија и на некој начин едноставно не може да биде развоен буџет ако ставка за експропријација биде намалена од минатата година од 40.000.000 денари, оваа година имаме 15.000.000 денари. Во исто време, во буџетот на

Фондот за патишта имаме намалување на оваа ставка за 2.000.000 денари. Така што треба да се каже дали ќе се планира изградба на некои објекти каде ќе се врши експропријација или целата експропријација е завршена и доволни се овие 15.000.000 денари како капитални трансфери на Министерството за финансии - функции на државата и во Фондот за магистрални и регионални патишта. А потоа, во истата таа ставка капитални трансфери имаме дека се намалува ставката за изградба на објекти. Минатата година беше 109.000.000 денари, односно тоа е оваа година а минатата година беше 327.000.000 денари. Меѓутоа, затоа се зголемува ставката за 100.000.000 денари за купување на информатичка опрема.

Јас многу добро се сеќавам кога разговаравме за буџетот за 2003 година тие 100.000.000 денари беа наменети за информатичка опрема и со поранешниот министер Гошев имавме долга дискусија за тоа, меѓутоа оваа година таа ставка е зголемена за 206.000.000 денари. Значи, сакам да кажам ако буџетот, како буџет имаме 6.000.000.000 денари односно околу 100.000.000 евра за развој, наменети, треба да се направи класификација на ставките. Тоа може да се направи само ако овој буџет што го носиме на крајот на оваа година, исто така, Министерството за финансии да ги задолжеше, тоа може да го направи Министерството за транспорт и врски и Министерството за екологија затоа што таму се најголемите развојни инвестиции и Фондот за патишта, едноставно во овој период сега да ги направат и програмите за нивно дејствување и нивни активности. Затоа што сега можеме да очекуваме дека буџетот ќе го донесеме денес, утре или задутре, пред Новата Година, меѓутоа самите министерства, за транспорт и екологија, едноставно нивните програми тие да ги донесат после неколку месеци. Ќе имаме застој на активностите.

Во Министерството за транспорт, ако го разгледаме предлогот на буџетот, ќе видиме дека буџетот за 2004 година е буквално препишан од 2003 односно само се сменети бројките. Имаме едно зголемување, односно тоа не е зголемување, туку е префрлување на ставката за железници од функции на државата во Министерството за транспорт и врски и тоа за 300.000.000 денари, пак со намалување, затоа што минатата година за Македонски железници беа одвоени 450.000.000. Оваа година се 300.000.000 и

се наменети во Министерството за транспорт и врски, меѓутоа сепак мислам дека добро беше да останат во Министерството за финансии во функции на државата. Затоа што оваа година, требаше минатата, се одолговлече трансформацијата на Македонски железници и бидејќи се среќаваат со големи проблеми овдека, мислам дека над тие пари подобро ќе беше да ја имаше контролата Министерството за финансии за да се одвиваат за инвестициони активности односно за градење на пругата. Вака, може да се искористат за плати и за сите други дејности, само не за градба на пругата кон Бугарија и за тоа за што се наменети тие средства.

Имаме намалување во буџетот на Министерството за транспорт и врски во ставка што носи развој, а тоа е ставка за изработка на урбанистички и просторни планови. Но, тоа не е проблем на Министерството за финансии. Сакам веднаш да кажам дека Министерството за финансии и сите стручни служби таму си ја извршиле работата професионално. Проблемот е во министерствата за транспорт и за екологија. Затоа што тие ставки ги знаат тие. Не може Министерството за финансии да ги знае. Таа седница е во тек, само е прекината, каде што после тетовскиот универзитет имаме закон за просторно и урбанистичко планирање и закон за изградба на објекти а сега ние изработката на урбанистичките планови ги кратиме од 10.000.000 денари минатата година, сега се 8.100.000. За тоа требаше да одговори Министерството за транспорт и врски. Меѓутоа, имаме зголемување на платите и тоа за 2.000.000 денари, од 77 минатата година на 79 за оваа година, и треба да се објасни зошто, кога не очекува намалување на администрацијата за 4%. Министерството за транспорт со локалната самоуправа ќе им се намалат ингеренциите и едноставно вработените во подрачните единици ќе бидат во локалните заедници. Тоа нема да се случи оваа година, но сепак ако веќе одиме кон намалување 4% на јавната администрација, каде е тука зголемување на платите од некаде 2, нешто повеќе од 2.000.000 денари.

Бидејќи немаме програми, не можеме да разговараме подетално за овие ставки во Министерството за транспорт и врски.

Истото се случува и во Фондот за патишта. За прв пат оваа година драстично се намалени средствата за физибилити студии за изработка на проекти. А, од друга страна сакам да се знае дали Фондот за патишта, дали Министерството за транспорт и врски..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Балковски, 10 минути поминаа.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Ќе ве молам претседателе, мислам дека..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Поминаа 10 минути, ве молам исклучете го господинот Балковски.

Повелете господине Груевски вие сте на ред, а нека се подготви господинот Замир Дика.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Да, меѓутоа ако, беше тука министерот за финансии..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има претставник на Влада. Деловнички се е коректно.

Господине Груевски имате збор.

(пратеникот Љупчо Балковски не прекинува со говорот)

Господине Груевски имате збор.

Повелете господине Груевски, а нека се подготви пратеникот Замир Дика.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван претседател на Собранието, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Жалам што сме многу ограничени во дискусиите, за што навистина мислам немаше потреба да го направи мнозинството денеска, затоа што се работи за економска тема, исклучително важна за Република Македонија, можеби од најважните теми што воопшто Парламентот во една година ги расправа, меѓутоа, тоа е тоа, сега сум принуден да не си го губам времето и да брзам колку што можам побрзо, за да го помине мнозинството она што сака да го помине, без многу штета, бидејќи не гледам друга причина зошто сето ова се случи.

Следната буџетска година во Република Македонија ќе започне после една многу тешка економска 2003 година. Тоа беше година во која што имавме најголем скок на невработеноста во споредба со било која друга претходна година за неверојатни 5%. На тој начин Република Македонија стана држава во Европа со најголем процент на невработеност. 37 постотна невработеност или изразено во бројки, според Заводот за вработување над 16.000. нови невработени откако оваа Влада ја зеде судбината во свои раце. Ова укажува на доминација на прилично лоши резултати во економијата, бидејќи невработеноста е една од клучните репери во таа сфера.

Но, невработеноста е само последица. Причините треба да ги лоцираме на други места. Причина за пораст на невработеноста е драматично отсуство на инвеститори во земјата, што е пред се последица на лошата бизнис клима во државата, главно поради непочитување на сопственичките права, поради што инвеститорите се плашеа да инвестираат.

Прашање е дали оваа година ќе ја достигнеме бројката од 50.000.000 долари странски инвестиции, во услови кога до 9 месец, според податоците на Народна банка имаме 33.000.000 долари странски инвестиции. И, во услови кога нашите соседи веќе го надминаа прагот од 1.000.000.000 долари, дел од нив.

Македонија, практично излегува дека е затворена за инвеститорите. Повеќето ја заобиколуваат како бизнис дестинација, и не ја ставаат во своите бизнис - фонови. Тоа е стартната позиција од која што се трга оваа година во следната буџетска година.

Покрај сопственичките односи и проблемите на тој план, земјата имаше многу терористички напади.

Сликата за ваквата ситуација, меѓу другото, содржи и отсуство на реформи во економијата, контракција на буџетот, непостоење идеја за правилно трошење на доделените средства, отсуство на иницијатива и неактивност на многу министри при спроведувањето на владините проекти.

Постои загрижувачки распространета безработица, рамна на класичен колапс, а државата за жал во овој период не наоѓа начин да се справи со тоа.

Споредено со периодот октомври 2002 година, надворешниот долг дополнително порасна речиси 200.000.000 долари, а девизните резерви се блиску до тогашната бројка и не бележат значително зголемување. Земјата, во текот на изминатата година се соочи со ликвидносна криза во Република Македониоја. Најголемиот потрошувач, буџетот немаше извршување според утврдениот план. Второ, во значаен дел од годината, долгот на државата за враќање на ДДВ нарасна за цели 50% од претходната. А конечно и честите терористички напади, што Владата често ги игнорираше, наметнаа рационално економско однесување кај граѓаните. Тоа беше намалување на потрошувачката, заради исчекување на развој на настаните.

Реваншистичкото однесување на властите, поништувањето на многу приватизации, поттикнување на многу штрајкови со што се оспорува сопственоста, објавата на Врховниот суд дека врз него се врши притисок од властите, крајно негативните месечни извештаи на Хелсиншкиот комитет за човекови права, проследено со јавен линч на личности , без докажана вина, уште повеќе им сигнализираше на домашните инвеститори дека ова не е година во која треба да влегуваат во крупни инвестициони зафати.

Дополнително, Владата не презема дополнителни мерки за зајакнување на конкурентната способност на македонските компании, што би го зголемило извозот и би го намалил трговскиот дефицит што оваа година очигледно ќе достигне историски највисоки 1.000.000.000 долари дефицит.

Буџетот, оваа година, заглавен во неактивноста на еден куп министри, веројатно нема да достигне ниту една третина од предвидениот дефицит за оваа година, за кое што имаше толку преговори на почетокот со ММФ.

Една од ретките придобивки оваа година беше падот на каматните стапки. Меѓутоа заради лошата бизнис клима во државата ова не придонесе за експанзија на активностите на банките и приватниот сектор. Пласманите на банките, дури и по намалувањето на каматите не се зголемија значително. Приватниот сектор не изреагира на новонастанатата ситуација. Индустриското производство и воопшто БДП растеше во неколку гранки што повлекоа општ просечен пораст, но тоа се темели на успешното работење на неколку компании што воглавном не генерираат, барем во овој период, многу нови работни места или нови значителни инвестиции.

Сиромаштијата во земјата продолжи да расте и стигна највисоко граници, а на тоа значаен придонес даде непотребното зголемување на данокот на додатна вредност што ги зголеми цените на многу основни производи и штетно влијаеше на целокупниот стандард на населението. Ако се потсетиме дека ова покачување беше за да се овозможи воведување на законот кој што требаше да го поттикне вработувањето, тогаш разочарувањето е поголемо клолку и да се обидуваме да го правдаме овој закон кој што добро е што Владата одлучи дас не го продолжи и веројатно има дебела причина заради тоа што не го продолжува. Земјоделците имаа исклучително тешка година со значително намален откуп, цени на откупот и сл. Најголем дел од нив годинава ја завршуваат со загуби. Прогресот на реактивирање со продажба на имотот на затворени загубари беше незначителен. А во меѓувреме истече рокот на отпремнините на отпуштените работници од загубарите. Владата нижеше успеси само до моментот на затворање на фабриките и евентуално отворање на тендери за продажба кои завршуваа најчесто со неуспех. Тоа се стартните позиции за следната година. Како што е набележано деновиве Владата за следната година очекува скромни 133милиони долари странски директни инвестиции, а и вкупно со домашните многу малку од нив генерираат, ако се гледаат поединечно, генерираат отворање на нови работни места, пред се со изградба на патишта и сл. Како што можеме да видиме Буџетот за 2004 година слично како и Буџетот од претходната година повторно е рестриктивен со цел да се подигне нивото на националното штедење и да се намали буџетскиот дефицит. Ваквата поставеност на фискалната политика овозможува натамошно релаксирање на монетарната политика што од своја страна би требало да има позитивен импулс врз зголемување на кредитниот потенцијал на комерцијалното банкарство, но под услов ако се подобри бизнис климата во земјата. Сепак, покрај ваквото теоретско објаснување кога станува збор за овој буџет неизбежно се наметнува прашањето за неговата структура, посебно во делот на расходната страна каде не може, а да не се забележи истото ниво на планирани инвестиции, зголемување на масата на плати и покрај планираното намалување на јавната администрација, намалување на средствата за структурни реформи и парадоксално зголемување на патните трошоци.

Пчитувани пратеници, овој буџет е целосно ослободен од екстра трошоците за национална безбедност што е добро и би требало да има повеќе средства за реформски активности. Во овој буџет има дефицит од 2милијарди 447 милиони денари, или 0,9% од бруто домашниот производ, даночните приходи се планирани на ниво од 52 милијарди 785 милиони денари што е многу помал пораст од 3,4% што е многу мал практично

пораст од 3,4% во однос на минатата година. Имајќи го во предвид зголемувањето на опфатот на производи кои се оданочуваат со повластената стапка на данокот на додатна вредност од 1 април 2003 година. Кај акцизите имаме релативно скромно зголемување од 420 милиони денари, додека кај царините постои би рекол неприфатливо намалување на приходите од 600 милиони денари и покрај најавеното зголемување на увозот на стоки од 4,5% и увозот на услуги од 8%. Иако во образложението на буџетот се вели дека ова намалување на царините е последица од членството на Република Македонија во СТО, билатералните договори за слободна трговија како и спогодбата со ЕУ. Јас не можам да се согласам со едни вакви "амбициозни  проекции" на Владата.Се поставува прашањето каде се приходите од планираниот зголемен увоз и приходите од намалувањето на сивата економија. Дали Владата планира да преземе сериозна активност за сузбивање на шверцот на цигари, на алхокол...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Жалам што не сум во можност да завршам. Меѓутоа, ова е класично ограничување на демократијата за вакви битни прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Еве, да не биде класично ограничување бидејќи јас направив една грешка и на еден министер за финансии господинот Никола му дадов 5 минути повеќе и на поранешниот министер за финансии на господинот Никола ќе му дадам уште 5 минути.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Не можам за пет минути, веројатно уште 10 минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа за 10 минути треба да одлучи мнозинството.

Процедурално бара г-динот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам, г-дине претседател, чекам да ги ставите слушалките. Од Корча велат: почна да се прави парламентот како пазарот во Корча. Ова и вчера го повторивте, некому

со вашиот волонтаризам на претседател некому му дозволувате една минута, некому 2 минути, три минути или пет минути. Не се работи за индивидуалци, меѓутоа селекционирањето, таквото селекционирање создава неправда. Ако вие како спиќер овде создавате неправда и дури и врз етничка основа, мислам дека ова може да порасне во аритметичка основа. Затоа Ве молам г-дине претседател вакви грешки не се трпат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја прифаќам оваа забелешка. Само одбивам дека тоа го правам и по етничка основа. Тука не можете никој да ми забележите.

ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА:

Господине претседателе, покрај ограничувањето на нашите дискусии всушност тоа е еден симболичен начин на кој се покажува дека се ограничува демократијата во Република Македонија особено за едно есенцијално прашање како што е Буџетот на Република Македонија . И доколку имавме една нормална расправа, тогаш министерот за финансии немаше да мора пратеничката од ВМРО ДПМНЕ да ја кани во Министерството за финансии за да и го дообјасни Буџетот. Ве молам, бидејќи веќе строго се држите за 10-те минути, ве молам во иднина барем пратениците да ги оставите да ја доискажат својата мисла и реченица, да не ги прекинувате на сред реченица, или сред мисла.

И конечно ви благодарам за одговорот кој го поставив вчера, а го добив денес, а тоа беше зошто на министерот му беше дозволено пречекорување на 15-те дозволени минути според Деловникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Ганка Самоиловска - Цветанова, ако можевте да забележивте, јас тука не сакам да бидам малициозен, Вашава пратеничка група не се држи до 10 минути. Мораше г-динот Груевски да чека една цела минута за да може г-динот Балковски да седне на место. Ако сме принципиелни, да бидеме принципиелни.

Продолжуваме со расправа.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Процедурално. Сметам дека некоректно ја водите седницата. Имено, кога веќе го спомнавте г-динот Балковски, зошто не се одалечи со цел да ја заврши својата мисла,

бидејќи тука не беше министерот за финансии, сакаше да му се обрати, бидејќи и на Комисијата исто така не бил министерот на соодветната комисија. Требаше да спомнете зошто и во мојата дискусија на 10 минути се обидовте да ме прекинете, иако јас имав 15 минути согласно на член 83 од Деловникоте на Собранието. Вие се извинивте, во ред е, меѓутоа ако веќе употребувате негативни конотации кон пратениците и вашата негативна конотација кажете ја.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е тоа негативна конотација. Господинот Балковски го чекаше министерот Никола Поповски, но овде имаше претставник на Влада. По Деловникот требаше да има претставник на Влада.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам господине претседател, почитувани колеги пратеници, господине министер. Секој говор на пратеници од опозицијата почна со нашите забелешки во врска со лимитирање на времето од 10 минути во врска со еден ваков значаен проект кога одлучуваме  за начинот како да ги трошиме парите на даночните обврзници. И затоа јас им се придружувам на овие забелешки и напротив јас мислам дека токму позицијата, или Владата имаше добра прилика да покаже дека е транспарентна, посебно во случај кога зборуваме за расходи, за трошење на парите кои што се собираат од даночните обврзници. Меѓутоа ќе ги искористиме овие минути што ги имаме и да се обидеме барем некои аспекти од предложениот буџет да ги третираме. Буџетот на една држава како што се знае е еден од механизмите за реализирање на макроекономската политика што ја проектира Владата за следната година. Од друга страна макро економската политика на Владата треба да се изгради врз основа на оценувањата на реалната состојба, ситуација во економската сфера во државата, социјалните извештаи во државата, влијанијата на интегрирачкиот сегмент, или интернационализација, или економска либерализација. Значи, ова се параметрите со кои Владата, врз основа на што Владата гради макроекономска политика за следната година на Буџетот како средство за реализирање на овие цели. Сега, кога ја гледаме структурата на овој буџет кој што ја има рестриктивната парадигма, макро економската политика која го има истиот пристап, се

сомневам дека Владата во Предлогот на макроекономската политика и буџетот како дел за достигање на овие цели се заснова врз параметрите на некоја друга држава со средена економија со мал процент на невработеност и од ова излегува една ваква политика. Затоа, сакам да се обидам да ја освестам Владата да се врати на реалноста во Македонија не само со суви констатации во форма на бројки за реалната ситуација, туку со оценувања, реални оценувања за сиромаштијата, за невработеноста која што достига и цифра од 400 илјади, за економијата која има паѓачки тренд за безнадежноста дека некој ќе се вработи некогаш, за гасење на приватната иницијатива и дали ќе има некогаш шанса во овие услови да побараат кредит за развој на некој бизнис кој што ќе биде рентабилен со корупција и мито која само нашата Влада не ја гледа. Ако беа овие констатации и за Владата мислам дека денес овде немаше да биде само министерот за финансии, туку требаше да биде и премиерот и сите министри од областа на економијата кои врз основа на оваа констатација соочување со реалноста, значи економската реалност ќе предложеа мерки, јасни мерки за излегување од овој колапс и да не убедеа нас, сите нас пратеници и нашите избирачи ако има потреба и со цели денови дека оваа Влада има визија за стабилност и за економски прогрес. Ова ќе беше еден пристап кој што ќе соодветствуваше со горката реалност во државата. Меѓутоа, од друга страна ние имаме одговор, значи кратење на дискусиите  на овие оценувања.

Рестриктивната макро економска политика, рестриктивниот буџет всушност што правиме? Всушност овие рестриктивни политики утврдуваат дека идната година 2004 година ќе имаме тренд на пораст на невработеноста. Едноставно Владата на некој начин со нејзината терминологија признава дека не е во состојба, нема способност, или капацитет да го запре тој тренд на невработеност. Значи, гарантира дека невработеноста и во 2004 година врз основа на овие параметри ќе порасне. Исто така, потврдува и  тренд на пропаѓање, тонење на приватната иницијатива.

Јас ќе застанам кај Рмкмовниот договор. Министерот за финансии во неговата дискусија  спомена со неколку реченици дека Буџетот во себе ја опфаќа и компонентата на Рамковниот договор посебно во фазата на достигање на рамноправноста, еднаквоста, вработување во државна администрација.

Точката 6, 6 од Охридскиот договор вели: државата ќе финансира високо образование на населението кое е повеќе од 20 проценти од граѓаните во Република Македонија. Господинот министер за финансии, предложениот буџет ја прекршува точката 6,6 од Охридскиот договор. Предложениот буџет г-дине министер не ја почитува точката 6,4 од Договорот. Буџетот за 2004 година не ги става во иста позиција албанците во финансирањето на високото образование. Нашиот став во фазата кога се донесуваше Законот за основање на новиот универзитет во Тетово, нашите критики токму се фокусираа на достигање на оваа рамноправност. Ние значи имавме изјави од премиерот од Владата дека, еве, ние се убедуваме да легализираме дел од универзитетот во Тетово и со ова значи премиерот го кажа ова пред неколку дена, со ова се затвара прашањето на високо образование на албанците. Ние веќе не им веруваме на зборовите. И ако имаше волја Владата да ги стави албанците како рамноправни во овој буџет, се знае кој е механизмот, почитување на точката 6 од Договорот, а тоа би се реализирало на овој начин. Во ставката каде што се предвидени средства за високо образование во Република Македонија треба да има ставка која што ќе вели: 25% од средствата за високо образование на овој буџет кој што се собира од даночните обврзници од кои 25% се албанци, ќе бидат посветени за високо образование на албанците. Министерот за финансии вели: кога ќе се изгласа Законот за новиот универзитет во Тетово, дури тогаш ќе можеме да донираме пари од Буџетот во некоја ставка која што ние не ја гледаме во Буџетот. Господине министер вие имате обврска да ставите ставка во Буџетот каде што ќе велите дека 25% од Буџетот за високо образование колку што се, ќе одат за високо образование на албанците, а потоа за формата треба да се грижи Министерството за образование за кое што треба да се донесе закон кој што ќе го легализира целиот универзитет во Тетово, а не пола, или четврт и ќе предложи начини како ќе го реши на глобален аспект значи прашањето на високо образование на албанците. Друго, Рамковниот договор всушност преставува рамка која ќе гарантира менаџирање, заедничко менаџирање со државата е рамка која треба да гарантира и градење на механизмите за недискриминација, фискална недискриминација, регионална, дури и етничка. Значи треба да гарантира транспарентност и распределба која што ќе биде

пропорционална на средствата предвидени со Буџет. Треба да гарантира транспарантност имајќи ја предвид регионалната и етничката конотација.

За оваа логика која ја слушам за Рамковниот договор сакаме јасен одраз дека 25% од средствата во секое министерство, во секоја ставка да се посветат на даночните обврзници албанци, затоа што тие дејуре учествуваат во тој буџет, било од аспект на плаќање во администрација, во култура, во образование, во одбрана, во социјалната сфера, во екологијата, во капитални инвестиции, во сите форми со кои е предвидено трошење на средствата. Значи г. министер треба да гарантирате дека во текот на искористувањето на буџетските средства 25% од овие средства кои што се полнат од нашите обврзници албанци на разни начини кои што ги предвидува буџетот да им се вратат на даночните обврзници албанци за да ги отстраниме шпекулациите. Ова ќе ви помогнеше и на вас како Влада и како министер да докажете дека навистина сте го разбрале Рамковниот договор, сигнал кој што е донесе прекин на војната и да укаже доверба во институциите и лојалноста да се подигне на албанците кон институциите. Без оваа компонента на пропорционална распределба на средствата од буџетот, на заедничкиот буџет, без оваа транспарентност, без оваа јасност ќе биде многу тешко да се постигне главниот објектив на албанците, значи да им се врати лојалноста кон институциите.

Вака звучи ако се направи имплиментирање, реализирање на вистинскиот Рамковен договор. За прв пат употребувам тербин вистинскиот Рамковен договор, бидејќи овој Договор што вие го реализирате, овој заеднички буџет што вие ни го предлагате нема никаков механизам кој ќе ни гарантира дека 25% од средствата ќе бидат посветени за култивирање на оваа популација, која што плаќа даноци. Тоа значи дека треба да се измени името на Рамковниот договор, вие ќе го викате Рамковен договор какоо што вие го викате, додека јас секогаш ќе речам, ќе се повикам на вистинскиот Рамковен договор.

Што се однесува до некои конкретни параметри за кои што вие сакате да разговараме од 93000 вработени во Владата, во стручните служби, во органите на Државната администрација, во министерствата, тргнувајќи ги настрана министерот за

основно и средно образование, судството кое сега е посебен, независен дел на буџетот и во јавни претпријатија, фондови и други кои можеби нема врска со сегашниот буџет, меѓутоа каде државата е сопственик на овие фондови и јавни претпријатија и гарант за платите кои што треба да ги земат. Само за платите 4232 се вработени албанци, односно 4,4% апстрахирајќи го уште еднаш делот во основното и средното образование.

Вие сега сте предвиделе средства во буџетот за вработување на 450 албанци оние 600 на крајот на годината и велите дека правиме еден голем исчекор во имплементацијата на рамноправноста во јавната администрација. Јас направив една калкулација г. министер, во овој број на вработени односно 93983 вработени за да се постигне рамноправност 25% од нив треба да бидат албанци доколку сакаме да бидеме искрено отворени и да го решиме проблемот. Значи треба околу 18000 албанци да се вработат во овие органи кои што ги спомнав плус во јавниот сектор. Вие предлагате 400 вработувања, 450 вработувања во текот на една година албанци, а во меѓувреме можеби 100 други албанци ќе бидат отпуштени од работа од јавните претпријатија каде што се продолжува со рестриктивната политика. Според една моја калкулација од 300 албанци годишно за да се постигне бројката од 18000 албанци за да се постигне рамноправноста ќе бидат потребни 60 години за албанците да постигнат правична застапеност во јавните претпријатија и државната администрација. Можеби 60 години е сепак подобро од плановите на г. Глигоров кој рече дека на албанците им требаат 100 години за станат рамноправни, меѓутоа за ДПА ова се бројки кои што покажуваат јасно дека се работи за договор, а не за вистински Рамковен договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Замир Дика што бевте во временскиот рок.

За реплика се јави министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Немам реплика, сакам да дадам појаснување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате три минути.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да, ако опозицијата се буни за 10-те минути можете да замислите што јас мислам што можам да се изјаснам за три минути и тоа инцидентно за буџет од една милијарда евра.

Сакам да посочам на неколку принципи кои ги истакна г. координатор на ДПА, кои се апсолутно неприфатливи за начинот на кој се конструира еден буџет на било која држава, а после да кажам дека тие принципи или методологија се применуваат во говорот на г. Дика само таму каде што г. Дика смета дека пропагандистички би биле добри да ги посочи.

Прво, г. Дика повикува, еве јас да создадам таков термин на етнички инжинеринг на буџетот на Република Македонија , односно секој да троши толку колку што учествува во населението, а едновремено не слушнав да се повика на инжинерингот етнички придонес во креирањето на средствата на буџетот. Јас би го запрашал г. Дика дали тој би прифатил критериум по кој би направиле методологија кој колку партиципира по етничка основа во буџетот толку да може и да троши. Јас ве уверувам дека ако ја направиме таа методологија и ја презентираме во Собранието г. Дика ќе биде не првиот, уште при утврдувањето на дневниот ред првиот што ќе бара таа методологија да се повлече, затоа што тоа население на кое тој се повикува можеби нема да креира ниту половината од тие 25% приходи во буџетот. Тоа не го знае никој.

Значи дека етничка генеза во буџетот на Република Македонија не постои затоа што постојат граѓани на Република Македонија .

Второ, кога веќе се повикува на етничка структура и инжинеринг на буџетот дали г. Дика би го прифатил тоа во сите сфери на буџетот. Тој се повика кај социјалната помош. Дали би бил спремен да преземе одговорност за албанското население да троши само 1/4 од социјалната помош на Република Македонија со реперкусиите кои ќе ги има. Дали би прифатил албанските ученици кои одат во основно училиште да трошат само една четвртина од буџетот на Република Македонија а знаеме дека заради големиот наталитет и младоста на таа етничка структура учествуваат многу повеќе во училишниот

корпус на основното образование во Република Македонија а соодветно на тоа и со трошоци.

Во врска со Рамковниот договор, ние овде спроведуваме уставни амандмани, не спроведуваме рамковен договор како Влада на Република Македонија .

Врз основа на Уставот и уставните амандмани е предложен и буџетот на Република Македонија во Собранието на Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, изминаа трите минути.

Една минута контра реплика г. Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Господине министер јас од вас не очекувам да го разберете Рамковниот договор и дефинитовно да го имплементирате. Се гледа дека немате намера. Вие велите дека имаме уставни амандмани, Рамковниот договор за вас претставува само хартија. Само да ве потсетам дека кога се прави еден меѓуетнички конфликт тоа е поради дискриминацијата, а кој може да ја врши таа дискриминација? Тоа се институциите . Значи, институциите на Македонија не придонеле албанците да бидат рамноправни. Само 4,4% се во јавната администрација, а вие прашувате дали би сакале 25%, да се направи таа калкулација која ја спомнавте. Да, јас незнам каков друг механизам вие имате, до колку не почитувате 25% во сите области. Тоа е решението, тоа е Македонија. А, за тоа г. министер колку се собираат даноци во етничките области тоа е неспособноста на вашето министерство да неможе да ги собере даноците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално бара збор г. Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

Согласно Деловникот член 64 став 4, каде што за одделни седници може работното време да се продолжи, до колку поинаку не се одлучи, барам да го ставите овој предлог на гласање и да го продолжиме работното време после предвиденото до 18,00 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали има подршка од 10 пратеници.

(некои пратеници креваат рака)

Значи има 10 пратеници.

Го ставам предлогот ..

(реакција на некои пратеници од место - до колку часот)

Не, да се работи после 18,00 часот а јас ќе одлучам до колку. Ова е да се работи после 18,00 часот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, од кои 65 за, еден воздржан и тројца против.

Значи усвоено е барањето.

Господине Ванчо Стаменков вие имате збор, а нека се подготви г. Чедомир Краљевски.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Бидејќи кратко е времето, ограничено на 10 минути јас ќе се задржам само во делот на макроекономската политика, нема да зборувам за расходи, како ќе се трошат парите, иако сметам дека ова многу го интересира народот, како се трошат нивните пари и на што ќе ги троши извршната власт парите на даночните обврзници. Но, еве тоа право ни се ограничува на пратениците транспаретно да го преставиме буџетот на граѓаните на Република Македонија . Значи јас ќе се навратам само на некои мои размислувања во делот на макроекономската политика.

Буџетот за оваа година, 2004 година која за неколку дена  ќе настапи е определен на 59.512.306 милиони денари. Од тоа приходи ќе бидат 57.065 милиони денари и

дефицит 2.447.336.000 денари. Буџет кој што е слика на состојбата во државата -мал, помал здравје. Едноставно буџет кој што можеби го има некој поголем град во западните земји во западна Европа. Овој буџет како што е нагласано треба да обезбеди така проектиран функционирање на државата и пораст од 4% на бруто националниот доход, зголемување на вработувањето, посебно нагласено во делот на јавните инвестиции од 3%, а ова зголемување на вработувањето треба да биде во приватниот сектор. И да поминеме уште една година да преживееме и да продолжиме со ова мачење на македонските граѓани и македонската држава. Знаеме дека постојано го зголемуваме и внатрешниот долг во државата и надворешниот долг на државата и еден ден ќе заклучиме дека државата е банкрот и дека посебно после распродажбата на сето она што беше вредно во државата уште малку остана, ќе нема со што да го надополнуваме буџетот и ќе се доведеме во една ситуација кога тешко ќе егзистираме со ваква економија, со вакво стопанство.

Анализата на даночните приходи, изворните приходи на државата покажува односно е проектирано на следниот начин.

За персоналниот данок се предвидува пораст од 5,5% и е проектиран на 8. милијарди 139 милиони денари. Данокот на добивка пораст од 10% и е проектиран на 3 милијарди 503 милиони денари и најголемиот данок, данок на додадена вредност пораст на 5,2% односно 23 милијарди 990 милиони денари, тука се и акцизите и некои други со поголеми ставки, но најважни се овие даноци од кои што се финансира државата и кои што во континуитет ќе продолжат, затоа што другите се со променлива форма и зависат од некои закони кои што ќе бидат полиберални, како што е во делот на акцизите , во делот на царините итн.

Кај сите овие даноци објаснувањето е дека се очекува заздравување на економијата и некој економски пораст во 2004 година.

Кај данокот на добивка гледам до 10% зголемување, малку нејасно е бидејќи знаеме дека во меѓувреме донесовме Закон за ослободување од данок на добивка за инвестиции до 100 илјади евра, 100% ослободување и за инвестиции до 250 илјади евра мислам дека беше околу 25% ослободување. Значи и тука очекуваме 10% иако не

гледаме економијата ќе дојде на тој степен за да може да овозможи некој пораст посебно во данокот на добивка.

Проблем во Македонија не е работењето на економијата, колку што има некои други работи кои што влијаат и на бруто националниот доход и на прибирањето на даноците. Сметам дека во Македонија не функционира правната држава како што треба и бројките кои што како приход на буџетот ги имаме не се бројки кои што ги имаме во стварност во македонската економија. Во насока на ова би кажал дека во Македонија сите сме свесни за тоа дека царува сивата економија. Имаме безданочни зони и бесцарински зони, нелегални. Тие се изразени посебно во Арачиново, Липковскиот крај, некои делови од западна Македонија каде што воопшто не само што не се плаќаат даноците, не се плаќаат царини и царува нелегалното производство. Дури не се плаќа и потрошувачката на електирчна енергија. Ние сето тоа не го гледаме или се правиме дека не го гледаме, воопшто не го потенцираме и зборуваме за пораст од 4% на бруто национален доход или за приходи кои што треба да ги обезбедиме со заздравување на македонската економија, иако се работи за една огромна сума на пари која што се врти на сивиот Пазар. Некој ќе рече имаме и во другите делови на Македонија т.н. тезги и сива економија, тоа е така, но сигурно тој дел малку влијае , или многу помалку влијае на прибирањето на даноците одколку што имаме цели населени места во кои имаме нелегално производство и трговија.

Исто така еден голем проблем кој што јас го посочив во ова Собрание е работењето на црно, непријавените работници. Сведоци сме дека многу фирми имаат не пријавени работници кои што работат, не ги плаќаат давачките на државата.

Незнам зошто не се превземаат чекори во таа насока, туку единствен чекор беше Бранковиот закон, Законот за поттикнвуање на вработувањето, за тие луѓе кои го кршат законот трошиме милионски износи на средства за да ги легализираат вработувањата. Еве, и оваа година ќе потрошиме 590 милиони денари за тие луѓе, ќе им ги дадеме, бидејки легализираат една бројка од 9 илјади, можеби 10 илјади ќе стаса до Нова Година, работници. Не велам дека сите тие кои ќе го искористат правото по Бранковиот закон се луѓе од таков тип, и некои чесни ќе го искористат тоа право, но поголемиот дел од луѓето

се такви кои ги кршеле законите и сега ќе им помогнеме, ќе им дадеме пари да ги легализираат вработувањата. Сепак, исто така, постои огромен број работници кои работат на црно.

Во Буџетот не се гледа мерка како ние сметаме да ја развиваме економијата, односно приватниот сектор во државата. На кој начин освен со овие јавни инвестиции кои се спомнати. Зошто немаме определено фонд за неразвиените подрачја, кој како грант ќе го доделиме на малите бизниси, дали тоа ќе биде 50%, можеби 100% во одредени подрачја, за да дејствуваме во овие неразвиени подрачја и колку толкуда отвориме некои фабрики, бизниси за тие луѓе да најдат работа. Дали не можеа да се издвојат 1 или 2 милијарди денари за оваа намена во Буџетот, што би ги искористиле на тој начин. Покрај сопствените вложени средства на тој бизнисмен или претприемач, да добие гранд од државата..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Стаменков.

Има збор пратеникот Чедомир Краљевски, а нека се подготви пратеникот Гајур Сарач.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Разгледувајќи го Буџетот за 2004 година, неодминлива е првичната констатација дека и овој Буџет во голема мера е сличен на претходниот Буџет од 2003 година. Значи имаме приходи од 57,65 милијарди денар, дефицит на Буџетот од 2,44 милијарди денари, односно 0,9% буџетски дефицит, како и планирана макроекономска рамка со раст на бруто домашниот производ за 4% и инфлација од 2,8%.

Според овој Предлог-буџет, остварувањето на буџетскит еприходи е проектирано да се оствари најмногу преку ДДВ и акцизи 65% и притоа се предвидува пораст на приходите од ДДВ од 4%, пораст на приходите на персонален доход од 5,5%, а за акцизите се предвидува пораст од 4%.

Од друга страна ставката која треба да се издвои за земјоделството изнесува само 735 милиони денари, расте ставката за плати за администрацијата, а растат социјалните трансфери. Недостасуваат пари за болници и за болните од дијабетис, за оние на кои им е потребна дијализа, нема бесплатни учебници за децата.

Исто така толку потребните капитални инвестиции кои треба да дадат развоен поттик на нашата економија, и наредната година очигледно ќе бидат минимални.

Правјеки пресек на приходите и расходите, можеме да констатираме дека како и за 2003 година и овој Буџет го носи епитетот социјален. Впрочем, како што и ние полека станува држава на социјални случаи. А што станува со толку потребната развојна компнента? Неа повторно ја нема , што се гледа од маргиналната застапеност на капиталните инвестиции.

Општо позната е економската константа дека без инвестиции нема прогрес и сублинирајки ја стапката од Буџетот, наменет за капитални инвестиции и вкупнит еинвестиции во  Република Македонија  до септември 2003 година во износ од само 33 милиони евра и кога на ова ќе се надоврзе бројката од 800 милиони долари тговски дефицит и зголемвување на надворешниот долг за нови 150 милиони долари, можеме слободно да кажеме дека синтагмата “лет во место”, со крупен чекор назад е повеќе од иманентна за економската политика на оваа Влада. Ако е  познат фактот дека на секои 2 процентни поени раст на бруто домашниот производ одговара 0,5 процентни поени раст на вработеноста, тогаш според овој макроекономски показател со динамика со која Владата го утврдува растот на БДП за 2004 година , односно 4%, како и за минатата година од 3%, тогаш на  Република Македонија  ќе и требаат уште минимум 25 години за да го надмине најголемиот проблем на нашата држава, а тоа е невработеноста, што значи со вакви проекции нашата земја од фазата на стагнација ќе премине  во фазата на слободно економско тонење.

Се поставува прашањето како предвиденото намалување на каматните стапки ги има позитивен ефект за зголемвување на кредитната активност на нашите стопански субјекти, кога од сите меродавни институции постојано се повторува дека во земјата владее исклучително лоша бизнис клима. Ов анаведува на фактот дкеа Валдата нема

концепт за водење ефикасна економска политика, а уште помалку модалитети за решавање на крупните економски проблеми. Во ваков економски амбиент во кој владее страв и несигурност за сопствениот капитал не може да се очекув аникаков излез од економскиот ќорсокак во кој не внесе оваа Влада со својат анекомпетентност и несериозен пристап за спроведувањето на економските реформи. Со тоа што идната година ќе има помалку пари за здравствениот сектор, на некој начин се загрозуваат животит ена многу луѓе. Каде е тука грижата за сопствениот народ? И наместо да се подигне квалитетот на образованието преку издвојвуање на поголеми средства за купување на компјутерски помагала и слично, во Буџетот се предвидени средства за таканаречениот Малоречански универзитет, кој со својат аконцепција не нуди никаков квалитет туку само проста репродукција на кадри, а знаеме дека најголема инвестиција е инвестирањето во знаењето.

Од друга страна, се предвидува пораст на вработеноста од 3%, а ќе се отпуштат 4% од државната администрација, при зголемвуање н аобемот на платите во администрацијата, што претставува уште една контрадикторност. Од друг астрана , се вели дека пораст на вработеноста ќе се оствари претежно во приватниот сектор, а на тој приватен сектор буквално не му се помага со ништо за да тоа го оствари. За да тргне приватниот сектор во сила економска експанзија, потребно е Владата да си го одработи својот дел од рабтоата преку создавање ефикасен економски амбиент и сигурност кој очигледнокај нас го нема. Како стојат работите, и понатаму развојниот циклус во стопанството ќе претставува мислена именка.

Нашиот економски организам е сериозно болен и наместо како што налага логиката за давање ефикасна и брза терапија, сведоци сме на одземањето на елементарното право за преживување, изразени преку вчерашните протести пред макеоднскиот Парламент од страна на земјоделците. Земјоделството како гранка бара постојана помош од државата, а во нашиот случај уште повеќе пред се заради високиот степен на екстензивност во земјоделската дејност. Така е секаде, а така треба да бид еи кај нас, но очигледно не е така. Со оваа ставка до Буџетот наменета за земјоделството не може да се обезбеди ниту основниот континуитет, а камо ли некаков развој. Се стремиме

за влез во Европската унија, а знаеме дека во истата ЕУ земјоделството е исклучително важна гранка на коа му се обезбедуваат многу погодности. Меѓутоа, очигледно стандардите кои важат таму не важат и тука. Прашањето добива уште пвоеќе на својата тежина дека околу 200 илјади домаќинства обезбедуваат егзистенција во оваа гранка и фактот дека климатските и компаративните предности на нашата земја укажуваат на тоа дека треба да му се обрне исклучително внимание. Многу анализи и студии покажуваат дека производстовот на земјоделски култури треба да биде наш адут во поттикнвувањето на висината на извозната компонента, но со овој Буџет уште еднаш се потврдува фактот што беше карактеристичен и за претходниот период на владеење на оваа владеачка гарнитура - тотала негрижа и помош на овој мошне важен сектор.

Со ваква политика во овој сектор, како и со најавените отпуштања во државната администрација, уште повеќе ќе се зголемат социјалните тензии кои може да предизвикаат социјална експлозија. Верувам дека никој од нас тоа не го постакува. Но како стојат работите и како Владата се однесува кон ова прашање, очигледно дека тоа ќе биде неминовност. Наместо да се решаваат крупните проблеми, чие решавање е неодложно и што треба да претставува приоритет во работењето, сведоци сме дека се актуелизираат разни небитни прашања, со цел да се одвлече вниманието од тешката економска состојба. Создадена е една општа апатија на која не и се гледа излезот.

На крајот, можеме да резимираме дека Република Македонија со ваков Буџет и со ваква структура на Буџетот изгуби уште една драгоцена година, која треба да се искористи за силен економски развој и на тој начин ќе се нарпави уште еден чекор поблиску до економската бездна кон која не турка оваа власт со нејзината безидејност и некомпетентност, како и пасивниот однос кон решавањето на економските проблеми.

Отсуството на елементарен сенс за правење на круцијални економски реформи кои носат економски развој и создавање константен економски систем и потезите во насока на одржување на статус кво ситуација, не и носат ништо добро на нашава држава. Ако на ова се надоврзе и нашата лоша безбедносна ситуација и неконтролирање на целата ситуација и безкрупулозно загреозуваљњ на приватната сопственсот , тогаш станува

јасно колку сме уште далеку од таму каде што се стремиме, во големото европско семејство.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Гајур Сарач, а нека се подготви г-динот Сашко Кедев.

ГАЈУР САРАЧ:

Господине претседател, членови на Влада, колеги пратеници,

Денес расправаме за Предлог буџетот на Република Македонија за 2004 година, кој е еден од најголемите проекти што треба да го донесе овој Парламент.

При проекцијата на овој Буџет за 2004 година е земена макроекономската политика што ќе се води во 2004 година. Како најглавни поскулати на макроекономската политика за 2004 година ќе бидат: зголемвување на инвестиционата активност, интензивирање на структурните реформи, натамошно јакнење на конкурентноста на приватниот сектор, унапредување на институционалната рамка за функционирање на пазарната економија, согласно критериумите на Европската Унија. За сите овие постулати на макроекономската политика, за нивно по успешно спроведување, предложениот Предлог-буџет за 2004 година како главен инструмент на макроекономската политика ќе игра голема улога.

Со Предлог -буџетот за 2004 година се предвидува раст на бруто домашниот производ од 4%, што е еден поен повеќе од оној во 2003 година. Како главен двигател на овој раст се очекува да биде интензивираната инвестициона активност како внатрешна така и надворешна.

Целокупнта фискална политика за 2004 година со овој Предлог -буџет предвидув аоколу 57 милијарди денари приходи и околу 59,5 милијарди денари расходи и ќе се финансираат од прибраните средства. Од оваа проекција на приходи и расходи произлегува дефицит на буџетот за 2004 година од 2,5 милијарди денари.

Во врска со анализата на приходната и расходната страна на буџетот, нема да зборувам многу. Скоро 92% од приходната страна на буџетот го сочинуваат даночните приходи или повеќе од 52,5 милијарди денари, а само 8% приходниот дел на буџетот го

сочинуваат неданочните приходи, како што се: претприемачки приходи и приходи од такси.

Кај даночните приходи најголем дел го сочинуваат ДДВ, кој изнесува скоро 24 милијарди денари. Многу важно е да се спомне внатрешниот сооднос во ДДВ, од 24 милијарди денари скоро 20 милијарди отпаѓаат за предвидената наплата при увоз на стоки, односно околу 80% пд ДДВ. Од друга страна, само 4 милијарди отпаѓаат на ДДВ од направениот промет во земјата.

Ког аби се направила една мала анализа на горенаведеното произлегува дек анашето стопанство е увозно ориентирано моментално, немаме доволно увозни капацитети, имаме мала инвестициона активност  и голем одлив на девизни средства. За да се подобри подобри соодносот внатре во предвидените средства за ДДВ, треба во периодот што следи да се направи повеќе околу инвестиционата активност во земјата. Тоа значи дека треба да се потикне развојот како на внатрешно инвестирање така и на надворешното инвестирање. Со ова ќе се ослободиме од увозно ориентираното стопанство, ќе се зголемат производните капацитети  и ќе се намали големиот одлив на девизните средства.

Во даночните приходи скоро наголемо место зафаќаат акцизите. Предвидено е акцизите како даночен приход да го полнат буџетот со 10,7 милијарди денари.

Најголем трет дел од даночните приходи се царинските и другите давачки кои изнесуваат околу 6 милијарди денари. Кај царините имаме опаѓање од  вкупниот износ поради тоа што Макеоднија стана членка на СТО.

Четврт по големина износ што учествува во даночните приходи е персоналниот данок од доход со околу 8 милијарди денари и како петта по големина сума на даночен приход е данокот од добивка, кој изнесува околу 3 ипол милијарди денари. Како неданочни приходинајмногу се предвидени таксите кои го полнат буџетот.

Вкупните расходи во Предлог -буџетот за 2004 година на  Република Македонија ќе ја следат јавната стратешка определба на Владата на  Република Македонија  за рационално трошење на буџетските средства. Во глобала буџетските расходи во Предлго-буџетот  за 2004 година изнесуваат 59,5 милијарди денари. Најголем дел од

овие средства отпаѓаат на тековните расходи, кои изнесуваат 89, 6%, а капиталните трошоци 10,4%.

Во овој Предлог-буџет за 2004 година планирани се средства за подршка на стратешкит еприоритети на Владата на Република Македонија и околу новите вработувања кои произлегуваат од уставните амандмани, со што продолжува решавањето на најголемиот проблем на малцинските заедници, вклучително и на турската етничка заедница. За илустрација ќе викажам самонеколку показатели околу учеството на турската заедница во институциите на системот. Во Министерството за транспорт и врски од 500 вработени нема ни еден припадник на турската етничка заедница. Во Министерството за здравство исто така нема ниту еден припадник на турската етничка заедница. Во Министерството за животна средина од 99 вработени нема ни еден припадник на турската етничка заедница. Во Министерството за локална самоуправа има 16 вработени, а ни еден од припадниците на турската етничка заедница. Во Министерството за финансии има само двајца вработени припадници од турската етничка заедница. Речиси иста е состојбата и во другите минситерства, управи, агенции, бироа и други институции.

Господа пратеници, во тековните расходи најголемо учество земаат расходите околу платите со околу 21 милијарда денари. Кај трошоците за стоки иуслуги немаме зголемвуање по однос на 2003 година и тие се движат околу 7 милијарди и 460 милиони денари.

Тековните трансфери во 2004 година се предвидени во висина од 22 милијарди и 391 милион. Најголемо учество во овие тековни трансфери имаат трансферите за Пензиско и инвалидско осигурување со 7 милијарди и 913 милиони денари.

Потоа, плаќањата за социјално загрозените семејства околу три милијарди. Еден добар дел ќе оди за Заводот за вработување. За инвестициони проекти се планираат 6 милијарди и 191 милион, во која сума се вклучени и средствата од Фондот за патишта. Во 2004 година, се планира буџетски дефицит од 2 милијарди 447 милиони денари или 0,9% о бруто домашниот производ. Овој дефицит ќе се покрива со домашни средства, странски донации и кредити. Во глобала гледано, самиот факт дека бруто домашниот производ од

3% во 2003 година се предвидува да се зголеми на 4% во 2004 година, доведува до заклучок дека овој буџет е поразвоен од претходниот.

Благодарам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Сарач.

Повелете господине Кедев, а нека се подготви пратеникот Зоран Шапуриќ.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам господине претседател, почитувани пратеници, почитуван господине министер за финансии,

Најпрво, би сакал со неколку збора да го дадам својот личен став во однос на рестриктивниот режим наметнат при дискутирањето на оваа точка на дневен ред и поистоветувањето на парламентарната демократија со можноста за екстензивно елаборирање на членовите на Парламентот за витални есенцијални закони на Република Македонија со формално правна процедура, за која што опозицијата воопшто не сноси никаква одговорност. Напротив, ние јавно се деклариравме дека буџетот за 2004 година, иако доставен релативно касно во собраниска процедура, нема да биде опструиран од страна на опозицијата. Лично се надевам дека во иднина претседателот на Собранието и Собранието во целина нема да го злоупотребува ова деловничко право, кое е строго ограничено и детерминирано за екстремно посебни услови за работа на Собранието на Република Македонија, а посебно нема да го злоупотреби при понатамошната дискусија за есецијалните законски проекти кои што ни престојат веднаш после празниците.

Во моето излагање и коментар за буџетот за 2004 година, ќе се задржам на два ресори и тоа е сегментот за здравство и сегментот за образование, посебно за високо образование. Тоа се ресори, кои што уште кон крајот на минатата година од страна на експертите на Светска банка, беа посочени на претставниците на Владата како ресори од посебен интерес, на кои што треба да се осврне посебно внимание и кое што има големо

значење во идниот развој, целокупен развој на целокупниот живот во Република Македонија.

Најпрво, ќе се задржам за сегментот здравство за буџетот за 2004 година, проектираниот буџет за ресорот здравство. Најпрво, би сакал да потсетам дека во апсолутна смисла буџетскиот дел алоциран во Фондот за здравствено осигурување е зголемен во однос на буџетот за 2003 година, што најмногу се должи на можеби неочекуваните очекувања за прилив во Фондот за здравствено осигурување, кое што е планирано да биде некаде околу 60% во целокупниот буџет во Фондот за здравствено осугурување.

Многу е важно да се потенцира дека овој дел од буџетот за 2004 година формално правно е поминат на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување, меѓутоа, без можност на членовите и експертите што учествуваат во работата на Фондот за здравствено осигурување, да го дадат своето мислење и сугестија во однос на овој дел. Најголемиот дел од буџетот во фондот за здравствено осигурување е алоциран во сегментот кој се однесува на плати и материјални трошоци, а делот за инвестиции воопшто не е планиран. Знаејќи ја целокупната состојба во ресорот здравство, знаеме дека во моментот од многу причини и објективни, меѓутоа и субјективни состојбата никогаш не била полоша. Така што, без разлика кој е директор на Фондот за здравствено осигурување или на најголемиот потрошувач на Клиничкиот центар, ние не можеме да очекуваме знажително подобрување на целокупната состојба во Фондот за здравство, имајќи го предвид посебно значењето на инвестиции, посебно во момент кога екипираноста и опременоста, пред се, на деловите од здравствениот систем кои што се во секундарното и терцијалното здравство се можеби делумно или комплетно ставени вон употреба. Така, врз основа на овој буџет би можеле да очекуваме натамошно влошување на целокупната состојба во ресорот здравство, посебно во секундарното и терцијалното здравство, кои што не се ни планирани за реформирани делови или делови кои што ќе бидат субјект на реформи во текот на 2004 година. Значи, немаме воопшто планирано средства за инвестиции, а без инвестиции не можеме да очекуваме значително подобрување во исклучително лошата состојба во ресорот здравство.

Во однос на вториот сегмент на буџетот за 2004 година, во делот кој што се однесува за високото образование тука имаме состојба дури ни во апсолутен износ немаме значително отстапување од буџетската ставка која што беше присутна во буџетот од 2003 година. Сите знаеме како оваа година ја звршуваат постоечките државни универзитети и воопшто делот за високо образование. Каков е студентскиот стандард и какви се предикциите на буџетот за 2004 година, каков одраз ќе имаат пред се, на квалитетот на високото образование и второ на квалитетот на студентскиот стандард. Деновиве слушнавме официјални изјави од ректорските управи на државните универзитети дека тие се најмногу заинтересирани и ќе реагираат на финансирањето во 2004 година. Дека тие жестоко ќе реагираат пред Владата на Република Македонија ако не овозможи 50% зголемување на расположливите средства на државните универзитети. Еве, сега, при оваа расправа имаме јавно да им кажеме дека нема да има значајни отстапки во буџетот за високо образование за 2004 година. Затоа, би требало уште пред празниците да ја очекуваме нивната званична реакција, посебно во контекстот на најавеното формирање и легализирање на парауниверзитетот во Тетово. Значи, ќе имаме добра прилика уште пред празниците да го слушнеме официјалниот став на ректорската управа и на највисоките сегменти од високото образование во однос на буџетот за 2004 година, бидејќи сега јавно ќе се соочат со фактот дека 2004 година нема да има никаква разика во однос на финансиите, кои што се алоцирани во сегментот на високо образование. Тука, не би сакал да навлегувам во шпекулации какви ќе бидат импликациите со евентуалното формирање на трет државен универзитет. Со оглед на временските лимитации, јас би ја завршил мојата дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Кедев. Само сакам да кажам една напомена, бидејќи вие ме спомнавте и ме замоливте во иднина да не ги злоупотребувам и да ја спречам злоупотребата на членовите од Деловникот. Јас мислам дека таа е некоректна констатација, бидејќи никогаш никаде не сум изјавил дека нешто се злоупотребува во овој Парламент, а посебно не е злоупотреба ако секој пратеник си го користи правото што му

го овозможува Деловникот. А, тоа не е злоупотреба, туку е право на пратеничката група и на пратениците да си предложат и мнозинството тоа го изгласа. Ако сакаме да направиме дикстинција, би препорачал да се каже користење на право и да се разликува од она обичното користење, користење со големо “К”, па можеби ќе разбереме дека е тоа злоупотреба. Не, ова не е ништо друго туку е мој коментар, бидејќи ме повикавте и затоа ве молам во иднина немојте да давате квалификации од типот дека претседателот во иднина да ја спречи злоупотребата.

Господинот Кедев, една минута.

САШКО КЕДЕВ:

Почитуван господине претседател, моето обраќање не беше адресирано кон институцијата претседател на Собранието на Република Македонија, конкретно кон вас. Значи, не беше кон вас.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

А и да е кон било кој пратеник, почитување и користење на Деловникот не е злоупотреба.

Има збор господинот Шапуриќ, а за министерот за финансии три минути.

Повелете господине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Како и обично не реагирам на политика која е различна од онаа која ја предлага Владата, се декларира од страна на пооделни пратеници, затоа што во Парламентот сите имаме некакви свои концепции за политичкиот концепт на буџетот. Меѓутоа, решив и ќе реагирам секогаш кога се изнесуваат различни податоци од тоа што е презентирано во буџетот. Затоа, во насока само на објективно информирање и исправање на консеквенци,

кои врз основа на тоа погрешно се извлегуваат, сакам да го корегирам г. Кедев кој изнесе заклучоци.

Прво, кажа дека Фондот за здравствено осигурување идната година ќе биде во апсолутно најтешката ситуација откако се знае. Веднаш да соопштам дека Фондот за здравствено осигурување во идната година ќе биде во подобра ситуација финансиска, отколку 2003 година, а 2003 година е во апсолутно подобра финансиска ситуација од 2002 година. Што значи таму имаме апсолутен напредок по неколку основи, па дури и за средствата за кои се соопшти сакам да го кажам следново. Во 2002 година буџетот на Фондот за здравство беше 14 милијарди. Оваа година е 14 милијарди и 970 милиони денари, значи, скоро 1 милијарда плус и наредната година се дополнителни 450 милиони зголемување или половина милијарда. Ако земете 2002 и 2004 година зголемувањето е околу 1,3 милијарди денари во Фондот за здравство, со што неговата финансиска ситуација значително се подобрува. Јас ве уверувам дека една од приоритетните задачи на оваа Влада ќе биде консолидација на Фондот за здравство и за тоа работиме со Светската банка и нема да дозволиме да се случат годините 2001 и 2002 година, кои беа, по моја оцена од финансиски аголе гледано, гробница за Фондот за здравство ако се продолжеше тој тренд. Среќа, се запре со промена на Владата.

Во врска со високото образование, да соопштам дека кај високото образование се доделуваат на постојните високо образовни институции истите средства како и 2003 година, што не значи дека има надолен тренд, меѓутоа е исто така факт дека некои од органите на високо образовните институции на Македонија побараа зголемување на Фондот за високо образование од 50%. Секој од нас може објективно да процени, со оглед дека тој буџет е околу една милијарда денари во нашиот буџет, зборувам за државниот буџет, што значи 50% плус, тоа е половина милијарда плус.

Општиот тренд на буџетот не оди во насока некои ставки да растат дури за 50% плус. Може да се разговара за неколку проценти плус или минус или ако некаде имаме исклучителни промени настанато, некои капитални инвестиции или нешто битно со функции на тој орган. Меѓутоа, во високото образование ништо нема драматично и не се случува од тој агол со инвестиции и со друго. Значи, дека покачувањето од 50% би било

исклучителен напор на Република Македонија да реалоцира средства од сите  други буџетски намени од високото образование. И, заради тоа, практично е невозможно.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, една минута, Сашко Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Почитуван г. министер за финансии, моето искажување во однос на Фондот за здравствено осигурување се базираше на фактот сметаме дека е нереално очекувањето за таков зголемен прилив на средства. Можеби е добар изгледот на буџетот за здравство, меѓутоа е нереално да се очекува дека толку средства можат да бидат обезбедени по основ на прилив, бидејќи знаеме досега колку се можностите за прилив во Фондот за здравствено осигурување. Точно е дека бројките изгледаат подобро во однос на минатогодишниот буџет, меѓутоа, во однос на сегашноста на вистинскиот оној риал ворл ситуација во состојбите, пред се, терцијалното здравство, јас ви кажувам дека, бидејќи лично сум инволвиран во тоа, состојбата никогаш не била полоша. Никогаш пациентите не биле ставени во таква состојба како што се наоѓаат сега на територијата на Република Македонија и никогаш како досега раководните луѓе, пред се на Клиничкиот центра, немаат можност за нормално функционирање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Шапуриќ, а нека се подготви пратеничката Силвана Бонева.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Најпрво, почитуван претседателе, сакам да ви кажам дека ќе зборувам од името на пратеничката група, па со оглед на тоа да го имате предвид рокот од 15 минути. Деловникот погрешно го толкувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Донесете ми потврда или решение дека сте координатор.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Јас не сум координатор, меѓутоа, сум овластен од пратеничката група.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, донесете ми го овластувањето, а ќе зборувате 10 минути.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Добро, во иднина ќе ви носиме писмено овластување.

Јас се согласувам со некои од дискусиите кои беа искажани денес дека буџетот не е единствен креатор на економската политика и економскиот развој. Меѓутоа, мораме да се согласиме дека буџетот е сепак еден од круцијалните елементи на економската политика, а со оглед на тоа и на економскиот развој.

Некои колеги укажуваа дека стабилниот девизен курс односно стабилниот курс на денарот и ниската инфлација не го поттикнуваат развојот, а притоа укажуваат дека нам ни се потребни пониски каматни стапки, поголем развој и поголеми вложувања од странство.

Почитувани колеги, без почитување на политиката која веќе се спроведува 5 години, значи од оваа и од претходната Влада на фиксниот курс на денарот и ниската инфлација, не може да се очекува понатамошно опаѓање на каматните стапки. За жал, еве подолго време, за жал, бидејќи тоа не се случи порано, а каматните стапки односно трендот на падот на каматните стапки продолжува, а пак само ниските каматни стапки можат да овозможат кредитирање на развојот, кредитирање на производството и кредитирање на производството кое ќе го поттикнува извозот. Значи, оние прикаски од типот нам ни треба поголема инфлација, може да не доведат само до некое аргентинско сценарио, а не до развој, бидејќи без ниски камати ние не можеме да одиме кон развој и затоа една од задачите на Министерството за финансии на Владата ќе биде и понатаму

да го стимулира намалувањето на каматните стапки, бидејќи тоа е еден од основните предуслови за развој. Се разбира, дека долгорочно решение за сите овие проблеми кои што ги имаме, сите економски проблеми, е решение поголеми странски инвестиции. Главна и примарна задача на Владата ќе биде да ги стимулира и да ги поттикнува овие странски инвестиции.

Ние во овие изминати 13 години видовме дека имавме многу мал прилив на странски инвестиции, споредено со другите транзициони земји. Не треба да измислуваме топла вода, туку треба да го следиме примерот на Чешка, Унгарија и другите земји. Меѓутоа, колешке Којзеклиска, тоа се однесува и за Вашата Влада, бидејќи таа за 4 години не успеа да привлече квалитетни странски инвестиции и зборувам квалитетни, затоа што доколку 1992 и 1993 година, на пример, се продадоа на Филип Морис и другите Тутунскиот комбинат во Прилеп, Тутунскиот комбинат во Скопје или во Куманово, овие проблеми што денес ги имаме, немаше да ги имаме, а можеби овие проблеми кои што сега ги имаме, на пример, со тутунарите немаше да ги имавме, а можеби и Република Македонија со овие странски инвестиции ќе имаше сосема друга судбина, не само економска, туку и политичка, во смисла на побрза евроинтеграција. Ако ви кажам дека само во Чешка, на пример, поранешниот производител на автобуси “ТАТРА” кој што беше до 1990 година десет скалила под “ФАС 11 Октомври”, сега го откупи пред 5-6 години РЕНО и дека произведува високо квалитетни автобуси и ако ја компарираме оваа состојба со индустријата во Чешка и индустријата во Република Македонија, а се мисли на производство на автобуси, ќе ни стане јасно. Ако кажеме дека Чекаде е производител на трамваи е во рацете на СИМЕНС итн, итн.

Не само оние инвестиции од типот што, колешке Којзеклиеска, вашата влада, типот на Маринер која што сакаше да го купи ФАС, само заради локација, туку потребни се квалитетни странски инвестиции, во смисла на познати светски фирми, особено производни ои ќе можат да ги решат економските проблеми во РМ, а пред се со врботувањето или сиромаштијата.Тоа што јас го кажав е на долг рок.

Меѓутоа, една од приоритетните задачи на Владата, на краток рок е да ги поттикне јавните работи.

Општо е познато дека во услови на криза, на краток рок брзи резултати може да се дадат само со изведување на јавни работи. Тоа е примерот со Хрватска, примерот за време на големата економска криза во Америка. Значи и теоријата и праксата го потврдуваат тоа.

Колегите од опозицијата кажаа дека има малку пари за образование, малку за здравство, меѓутоа ако се споредат овие бројки со претходните години ќе видиме дека се сосема случајни. Значи нема некое драстично намалување.

Исто така имаме ставка која е предвидена по основ на приливот на девидентата од "Телеком". Јас се надевам доколку Владата преземе поенергични мерки може да го спречат "Телеком" и натаму да изнесува капитал по основ на фиктивни консултански и било какви услови, дека оваа девидета ќе биде многу поголема и овие проекти што се предвидени, како што се Амбасада на Вашингтон, финансирање на некои водоводи и тн., ќе бидат прилично зголемени, но дека ќе останат повеќе пари и од прилив на девидентата за земјоделието и некои други гранки. Јас верувам дека тоа ќе се случи бидејќи со една поенергична политика ќе може да се обезбеди поголем прилив од дивидентите.

Јас се согласувам со министерот кој кажа дека нам ни треба поголем раст на бруто домашниот производ односно поголем индустриски пораст. Овогодишниот што е планиран, јас се надевам дека мора да биде во 2005 односно оној што е планиран за 2004 година, во 2005 година да биде многу поголем, бидејќи, повторно ќе компарирам, оние земји како Унгарија која доживеа економски бум и побрза интеграција кон ЕУ има пораст меѓу 7 и 8%, а некои земји дури и 10%. Така што сметам дека овој буџет во 2004 година, што е даден, покрај тоа што примарно ја има социјалната и фискалната функција дека сепак во себе содржи основи за еден развој, бидејќи ќе овозможи стимулирање на јавните работи кои за еден краток рок ќе овозможат ублажување на проблемот на невработеноста.

Меѓутоа, сите ние сме свесни дека во изминатите 13 години сите буџети, на сите влади имаа минимум два до три ребаланси. Јас верувам дека и овој буџет, и тоа ништо не е страшно, бидејќи секогаш реалноста е малку поинаква од нормите и актите, а еден

од најважните финансиски акти е и овој буџет и дека ќе бидат можни одделни корекции и доколку се продолжи со политика на голема финансиска, односно фискална дисциплина, буџетот ќе биде планиран по онаа динамика и во оној износ што е предвидено и дека ќе се овозможи овој развој со овие јавни работи кои, за жал изминатата година не беа во оној обем во кој се очекуваше и останува да очекуваме, а тоа го кажа во своето експозе и господинот министер дека идната година ќе бидат и многу поголеми инвестиции.

Се надеваме дека овие наши укажувања ќе бидат сериозно земени, од страна на Владата и од министерот за финансии и дека ние, од овие причини што ги искажав, ќе гласаме за буџетот и го поддржуваме донесувањето на буџетот вака како што е предложен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали може да се договориме да притискаме копчиња за реплика и она што ќе се појави овде на екранот да го сметаме за реплика. Навистина е многу чудно да видам шума од раце, за реплика.

Реплика има господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас би сакал да му реплицирам на господинот Шапуриќ. Тој спомна за ваше и наше време, ги спомна тутунските комбинати и тн.

Господине Шапуриќ да беше Владата на ВМРО-ДПМНЕ денес на власт, сигурно овие проблеми што сега ги има во тутунските комбинати, немаше да ги има, а зошто, сега ќе илустрирам.

Во наше време, кога беше Владата на ВМРО-ДПМНЕ, да ве потсетам, просечната цена на тутунот се движеше околу 140 денари. Во наше време господине Шапуриќ постоеја субвенции во земјоделието каде што на производителите на тутун им се даде по 30 денари премија. Во наше време господине Шапуриќ сите вработени во тутунските комбинати, можам да ти кажам дека во Прилеп земаа плата редовно, па и девиденда, што е прв пат во историјата.

Во ваше време, господине Шапуриќ не се знае дали ќе почне откупот на тутунот. Во ваше време господине Шапуриќ цената на откупениот тутун е 50 денари од колограм. Во

ваше време господине Шапуриќ, поточно со вашиот министер од вашата партија се носи закон за тутун со кој дефинитивно се откажуваме од домашните тутунски комбинати и во ваше време господине Шапуриќ ќе биде уништено тутунопроизводството и домашните комбинати и во ваше време ви се случуваат штрајкови како што ви се случуваат и во ваше време тутунот изгледа нема да биде повеќе жолто злато и во ваше време госпдине Шапуриќ државата дефинитивно се откажува од тутунот како општествено добро. Што да ви редам уште за во вашето време. Во вашето време г.Шапуриќ народот во РМ не бил никогаш посиромашен и во ваше враме г.Шапуриќ бројката на невработеност била, оваа година највисока во досегашната историја. Меѓутоа, едно е добро, во вашето време, за што ве бива најмногу. Најмногу ве бива, кога и да сте вие на власт, заедно со СДСМ имате само еден пораст а тоа е континуирано бројката на невработеност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Шапуриќ имате реплика една минута.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Бидејќи колегата Караџоски започна со делби на наше и ваше време, верувам мислите на наше време како коалција, не на мое некое време, бидејќи не сум бил во извршна власт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Караџоски не објасни кое време, до 1998 или сега, после 2002 година.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

И мене не ми е јасно, меѓутоа само ќе му кажам, бидејќи го спомнуваше претходниот период, би кажал, во ваше време, со тој стил да продолжам господине Караџоски, за време на 4-годишното владеење на вашата влада, вашата влада ја задолжи државата преку Фондот за земјоделие за некаде околу 580 милиони денари и зема кредити за откуп на тутун и дека сега во ова време, кое вие го нарекувате наше, а јас незнам зошто вие го делите времето на ваше и наше, овие кредити мора да ги враќа оваа Влада, а ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Шапуриќ. Времето ви измина.

Реплика има господинот Блаже Стојаноски.

Повелете имате 3 минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине Шапуриќ вие зборувавте за некакви приоритетни задачи. Јас незнам дали знаете што е приоритет во ваква тешка ситуација во РМ, затоа што поприоритетно од оние последици што ги чувствува народот од владеењето на СДСМ и ДУИ, заедно со вас, нема досега доживеано.

Меѓутоа, јас сакам да зборувам за еден друг аспект, за почитувањето на претставниците на одредени интересни групи кои треба да бидат внесни во овој буџет и кои треба да бидат почиувани, во однос на нивните барања.

Имено, ние како пратеници и јас како пратеник имаме добиено допис од Асоцијацијата на печатени медиуми на Македонија во која членуваат 15 приватни дневни весници и неделници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Стојаноски, по кој дел од излагањето на господинот Шапуриќ, реплицирате.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

По однос на приоритетите кои ги кажуваше дека биле почитувани во однос на буџетот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Значи, приоритетот кој треба да биде почитуван е приоритетот кој ќе произлезе од оние состојби кои се презентирани од страна на оние кои ги претставуваат одредени групации или интересни групи во РМ, кои директно се финансирани од буџетот на РМ.

Асоцијацијата на печатени медиуми на Македонија во која членуваат 15 приватни дневни весници и неделници, во соработка со Асоцијацијата на локалните и регионалните весници во РМ, во која членуваат девет весници, со поддршка и на други дневни и неделни весници во Македонија, дадоа заеднички предлог, тука заедно до сите нас и до

Министерството за финансии и до Владата на РМ и во него наведуваат дека со Предлог-буџетот за 2004 година не е предвидено издвојување на средства за субвенции за печатените медиуми. Тоа е направено целосно без консултации со печатените медиуми во РМ и нивните претставници. Значи со ваквата одлука се запознаа дури откако беше објавен Педлогот на буџетот за 2004 година и укинувањето на овие субвенции за печатените медиуми, и тие наведуваат, а тоа е факт дека негативно ќе влијае врз финансиската и економската положба, речиси на сите печатени медиуми во Македонија, која и без тоа е многу тешка. Последица од тоа ќе биде отпуштање на новинари од работа па и гаснење на некои од печатените медиуми, а тоа директно ќе влијае и врз квалитетот и врз содржината на јавното информирање, како основа за развој на демократијата и на демократските односи во Македонија. Затоа тие предлагаат во Буџетот на РМ, како преодно решение да биде внесена ставка за субвенција за печатените медиуми во ист обем како и во 2003 година. Значи го укинувате она што оваа година беше внесено.

Исто така, овие печатени медиуми потсетуваат дека нема држава во Европа каде печатените медиуми не добиваат директни субвенции од државата, според механизми кои заеднички се утврдени или пак имаат други даночни олеснувања или намалувања на директните трошоци. Во прилог имате доставено, како пратеник, преглед на сите бенифиции кои ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојаноски.

Реплика има господинот Марјан Ѓорчев.

Во кој дел, само кажете.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Во делот на работењето на поранешната влада во однос на тутунското производство во РМ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете 3 минути имате.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Се работи за апсолутно непознавање на проблематиката, особено во делот на тоа како се работи по европските принципи и стандарди за надминување на проблемите во реалниот сектор, посебно во земјоделството.

Фондот за земјоделство е институција која вашата влада, г.Шапуриќ, ќе ја бара, дали 2004, 2005, 2006, затоа што тој е институционален облик кој единствено може да разговара со претставниците на ЕУ, како македонската влада ќе добие право да ги користи средствата од структурните и компензационите фондови на ЕУ. Без да постои таква институција, сигурно претставниците на ЕУ односно претставниците на Европската комисија за земјоделство, нема да преговара со Владата на РМ и со Министерството. Ќе разговара со институционален облик, а тој институционален облик секаде во Европа се вика Фонд за земјоделство.

Второ, средставата кои се земени фо Фондот, не се кредит и задолжување од страна на некакви странски банки што сега вашата влада го зголеми долгот за 200 милиони долари. На 31.12. 2002 година, долгот на Македонија кон странство беше 1.490.000.000, сега е 1.690.000.000, за 200 милиони долари е поголем надворешниот долг, туку на база на она што минсртерот Поповски сега го бара, а тоа е од стабилизациониот фонд на Владата на РМ во Народна банка, беше гаранција за 400 милиони денари земен кредит, да се помогнат македонските земјоделци, затоа што приходите кои се земаат од македонските земјоделци односно од земјоделието во целина, во Македонија се 4 милијарди денари почитуван пратеник Шапуриќ и од тие како приход од буџетот редно е да им се врати на земјоделците во РМ, а им се вратија 400 милиони денари авансирано, со мерки што владата во 2003 година и можеше да ги отпише тие 400 милиони денари од стабилизационот фонд и да ги употреби, како што е редно, како што долкува на земја која што во потпишаната Спогодба за стабилизација и асоцијација со ЕУ, во Глава 2, во најголем дел ги прифати мерките за поддршка на агроиндустрискиот комплекс. На таков начин, морате да признаете дека и во делот на вашата дискусија за европските интеграции. За ваша несреќа господине Шапуриќ Спогодбата за асоцијација и стабилизација е потпишана на 9 април 2001 година, значи во

време кога вие, дали од 1994 до 1998 година, бевте во Парламентот тука, или сега сте. За ваша несреќа, фактите се тука, тогаш е потпишан. Што да правиме сега. Тогаш Македонија се доближи до европската интеграција и сега ќе треба вие тој пат да го следите. Значи, потпишана е во време кога некоја друга влада од некој друг политички облик, го направила тоа и тоа морате вие, сакале или не, да го признаете.

(Со седницата продолжи да раководи Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на РМ).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитувана потпретседателке, почитуван колега Ѓорчев, не е несреќа туку е среќа за РМ, камо среќа и уште порано да беше потпишана Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ.

Меѓутоа, она што сакам да ви го кажам во една минута е дека вие како ресорен министер за земјоделие, имавте можност во 4 години да го решите проблемот со тутунот. Напротив, вие само оставивте долгови. А дали се тие кредити од Фонд за земјоделие и кредити за тутун од претходната влада, времето кога бевте министер, од домашни или странски банки, тоа не е битно. Меѓутоа, сепак анализата ќе покаже дека има и задолжување во странство. Меѓутоа, и тоа не е најбитно. Иако толку веќе сте можеле да го решите проблемот, цел на секоја држава е да извезува производ со што повисок степен на обработка. Значи, целта ми беше да влезе во тие тутунски комбинати некоја силна странска компанија. Зошто не сте го тоа направиле во изминатите 4 години? Ако влезеше, Филип Морис, да речеме како што сега влезе во некои соседни земји, само во еден тутунски комбинат, ако го купеше или ако го организираше производството и проблемот со производството и проблемот со откупот ќе беше решен. Меѓутоа, вие тоа не сте го направиле, ниту сте преземале некои конкретни мерки.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следен за реплика е пратеничката Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас, почитуван колега Шапуриќ, значи ви го знам презимето, за разлика од вас. Моето е Којзеклиска. Ќе ве опоменам исто како претседателот на Собранието, затоа што ме спомнавте. Тоа е во првиот дел.

Во вториот дел, не може ни една дискусија, од сегашната позиција да мине, а да не се направи споредба со времето на ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека тоа е некоја посебна храна која мора да ја поседуваат пратениците од позицијата, со оглед на тешката финансиска состојба во која секој ден ние се пвоеќе влегуваме, иако господинот Шапуриќ, не убедуваше дека буџетот е многу добар. Меѓутоа споредбите, очигледно одат само во правец да се анулира се она што е постигнато во претходната влада. Ве молам да заборавите дека ВМРО-ДПМНЕ, не да заборавите, да запамтите дека ВМРО-ДПМНЕ не е на власт, дека од 1 ноември 2002 година, на власт е Коалцијата СДСМ, ЛДП и ДУИ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Шапуриќ повторно имате реплика.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Благодарам колешке, за да не ви го згрешам презимето.

Јас би ви кажал, природно е секоја опозиција да ја критикува власта и тоа е сосема нормално во сите парламентарни демократи и добро е заради владата да биде секогаш будна, да не се олабави. Јас тоа го сваќам како сосема нормална придобивка на парламентарна демократија.

Меѓутоа, она што беше, од овие дискусии што ги кажавте, јас не видов некој конкретни алтернативи. Видовме само критики и критики, или немавте, можеби, како што велите колешке време за.. па затоа ги користите овие реплики, меѓутоа искористете ги репликите па кажете некоја конкретна алтернатива, бидејќи во оние десет минути искажавте доста критики.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Еве конкретни бројки од премиерот Бранко Црвенковски. Рекорд во неискористување на средствата за реализација на проектите одсликува Министерството за земјоделство, кој од расположивите 210 милиони денари искористило само 35

милиони, или 17%. Министерствата не трошеле вадејќи се дека штедат, но всушност или не знаеле или не сакале да направат нешто паметно со парите. Тоа е изјава на владини структури. Ова е вашиот буџет за 2003 година кој што е реализиран од 42% до најмногу 70%, значи тоа е господа, имавте пари, но не знаевте да ги потрошите, или не знаете каде да ги трошите и оние црни дупки ве отепаа. Почнавте со дупки, завршивте со дупки. Сега директно за господинот Шапуриќ почнува да кажува нешто за Чешка, за Татра, са Сименс, за Рено, а заборава дека тоа се случуваше во Чешка за време на транзицијата за времето на приватизацијата. Ние за времето на приватизацијата 90% од општествениот капитал го продадовме за бедни 50 милиони долари странски инвестиции. Тогаш се јави и Ауди за да го имаме господине Шапуриќ иако заборавивте да биде во Македонија, но некој го избрка. Го избрка премиерот Црвенковски. За вас неспособноста беше во Окта која работеше 18%, а сега е еден од најуспешните комбинати во државата. ТЕЛЕКОМ најуспешната приватизација прогласена во Југоисточна Европа и тоа за вас не чини, ФЕНИ Кавадарци исто. Од ТЕЛЕКОМ сеуште барате пари во буџетот. Тутунарите ќе ги решите ако почне тутунот воопшто да не се произведува во Република Македонија, само тогаш ќе имате решение. А страските директни инвестиции кои се мерат со милијарди во нашите соседи ние стигнавме до една фантастична бројка од 15 и 20 милиони евра, со што ние изградивме и Агенција која што ќе ги привлекува тие странски директни инвестиции и многу брзо ќе никнат незнам какви комбинати кои што ќе ги вработат овие 200 илјади луѓе кои што ги предвидовте да бидат вработени. И поголемиот пораст кој што го предвидува овој буџет од 4%, ќе ни обезбеди наредните 100 години ако соседна Грција престане да се развива да можеме да се доближиме барем до некаде до нивните средства и нивниот начин на работа кој што тие го имаат. Ова е господине Шапуриќ она што сакате да го слушнете како бројка. Ако ги слушнавте бројките, ако не да ви повторам уште еднаш. Значи вашиот степен на искористеност е 17%, она што вие кажавте дека ќе ги решите тутунарите, дали тоа ќе биде Филипс или Тобако кој таму го предвидувавте за да биде, значи 17%, а вкупно земјоделството реализирало 59,74%. А другите министерства, тоа да биде и наук за

министерот поради тоа што не знаат како да ги трошат парите тие министри барем од премиерот беа променети. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Шапуриќ повелете.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Јас би ви кажал дека приватизацијата на ОКТА и приватизацијата на ТЕЛЕКОМ не се црни дупки на транзицијата и на приватизацијата туку тие последици ги чувствуваме и ќе ги чувствуваме сеуште. Последиците од лошиот договор за продажба на ТЕЛЕКОМ на секој граѓанин во Република Македонија му се јасни. Тој монопол, бидејќи е и јавен монопол, е уште полош приватен монопол. Резултат на таа приватизација на ТЕЛЕКОМ е енормно покачување на цени кое што се случува неколку месеци, а еве гледаме повторно се најавува. Резултат на таквата продажба на ТЕЛЕКОМ и таквиот договор каде што се дадени неограничени овластувања се фиктивни сметки и одлив на странскиот капитал, а сето тоа врз грбот на граѓаните, бидејќи сите ние се повикуваме нон стоп во своите дискусии на граѓаните, така да незнам од каде ви е таквата смелост и таквата храброст да кажете дека ТЕЛЕКОМ е најуспешна приватизација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се пријави господинто Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Господине Шапуриќ во своите напливи за бранење на Буџетот и концептот на цврст курс и ниска инфлација искажа работи кои воопшто по дефиниција  не ја одредуваат ниската инфлација со висината на каматите. Тие две работи немаат никаква заедничка врска. Во Македонија нема капитал, тој е основниот проблем на нашето стопанство и затоа е висока стапката на каматите. А она што е заштедено посебно во цврста валута тоа од нашите банки е извадено надвор и по релативно ниски камати всушност, се

финансира некое друго стопанство во Германија, Австрија, Грција и тн. Според тоа, проблемот е токму во ниската инфлација која вештачки се држи и која оневозможува реален сектор да биде конкурентен во настојувањето да биде извозно ориентиран, бидејќи како мал пазар не можеме тоа да го постигнеме и нема во тоа аргентинско сценарио ако вака продолжи ќе има грузиско сценарио.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, господине  Шапуриќ повелете.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Господинот Крстевски изгледа има амнезија па заборава дека беше вице премиер додека беше и претходната влада, беше ваква политика на стабилен курс на денарот и на ниската инфлација, што е во основа позитивно. Меѓутоа, сега замина во опозиција и одеднаш прави едно нагло салто мортале и посакува  една несреќа за Република Македонија, посакува некакви си аргентински сценарија што никој кога бевме во опозиција не го посакувавме бидејќи интересот треба да ни биде пред се државата, а не некаква смена на власта. Стрпете се има и локални и претседателски избори, можеби повторно ќе имате кандидат на овие избори, ќе има и парламентарни избори во 2006 година, така да ако толку имате силна желба да се вратите на власт после само година дена имате локални избори, преземете ја локалната власт ако народот ви верува,  се разбира тоа е нивно легитимно право да се изјаснат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Иван Анастасовски дали е авен за реплика или за дискусија. Никола Апостоловски дали е за дискусија. Тогаше е на ред за реплика Илија Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитувана претседателке. Сакам да го запрашам господинот Шапуриќ дали е исто цена на тутун на сув лист исплата од 60 до 70 денари килограм и дали е иста

цена исплатена од минатата влада 170 денари по килограм од тутун. Сега што станува. Да разобличиме тука. Ако едно четворочлено семејство произведува тутун да речеме од 500 до 800 кгр. по хектар, или ако чини тоа 70 денари за тие 800 килограми, едно четворочлено семејство ќе работи за една година за 56 илјади денари. А додека ако чини цената 200 денари дали е исто платена таа работа. Нека ми објасни тука дали е тоа исто и што значи тоа. Некаде околу 34% е намалено производството на тутунот. 13 илјади хектари се засадени оваа година. Дали е исто со 23 илјади хектари. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со реплики, господинот Чедо Краљевски се јави за реплика.

ЧЕДО КРАЉЕВСКИ:

Благодарам потпретседателке, сакам само да му обрнам внимание на колегата Шапуриќ дека зголемувањето на цените на услугите од страна на ТЕЛЕКОМ се должи на неспособноста на сегашната Влада да ги брани интересите на граѓаните на Република Македонија и на вработените во ТЕЛЕКОМ.

Имено, само 53% од капиталот на ТЕЛЕКОМ се приватиирани. Додека останатите 47% се во сопственост на државата, односно на Република Македонија. Владата на Република Македонија, актуелната Влада на Република Македонија управува со тие 47% преку своите претставници во бордот на директорите на телеком и нивната неспособност како Влада и преку своите претставници како борд на нивната неспособност на работењето и управувањето е резултат зголемувањето на цените на услугите од ТЕЛЕКОМ и на претстојното подготвување на отпуштање на вработени во ТЕЛЕКОМ, што е на повидок. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, господине Шапуриќ една минута повелете.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Господине Краљевски тој фамозен договор за продажба на ТЕЛЕКОМ кој што беше држен долго време во тајност, а се знае од кои причини беше тајна и за членовите на тогашната влада, а камо ли за граѓаните, предвидува такви клаузули кои што овозможуваа безгранично дивеење, односно монополско дивеење на АД Македонски

телекомуникации. Иако добро следите ЛДП врши постојана пресија врз сите надлежни институции во државата, со цел да се намалат штетните последици од договорот што го склучивте вие, односно претходната влада, не конкретно вие..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. За реплика се јавува господинот Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Господине Шапуриќ ќе ве молам да престанете со наше време, ваше време, наша влада, ваша влада, затоа што ЛДП на два пати беше во наше време член на нашата влада. Така да немојте овие работи многу затоа што ќе излезе дека ја браните нашата влада и како што сите факти зборуваат. И во 1999 година и во 2001 година кога бевте вие членови на нашата влада. Зошто сега да напаѓате наше време или ваше време. Ќе ве молам престанете.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Има една минута господинот Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Колега Балковски, вашиот колега Жарко Караџоски почна со наше време ваше време. Јас воопшто немав намера. Инаку да знаете ЛДП беше за време на кризата во Владата и потоа ја напушти Владата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги вака, тука пријавени се, меѓутоа имам впечаток дека ова добива несериозен тон, на дневен ред е точката за буџет. Не е на дневен ред тутунопроизводството. Очигледно дека има многу стручњаци за тутунопроизводство во Парламентот. Јас верувам дека и друг пат ќе имаме прилика да се произнесеме. Јас би ве молела ако може сепак и репликите и дискусиите во духот на она што е денеска точка на дневен ред.

Процедурално се јавува госпоѓа Ганка Самоилова Цветановска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Почитувана потпретседателке, во излагањето на членовите на позицијата, односно на владеачкото мнозинство имаше многу политички квалификации, односно

дисквалификации за опозицијата во периодот додека ние бевме владеачка гарнитура. Затоа наша должност и обврска е да одговориме на оној начин, што сметаме дека треба да одговориме. Доколку сметате дека не треба во таа насока да продолжи дискусијата, тогаш треба и пратениците од позицијата да престанат со политички дисквалификации на опозицијата. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Имено, мојата интервенција беше токму во тој дух. Значи и за репликите и за дискусиите и затоа ги спомнав и двата елемента. Јас сите пратеници ги замолувам да бидеме ефикасни, тоа е во интерес на сите нас, во интерес на тоа што е повисока државна политика. Ние треба да носиме буџет, така што навистина да не ја користиме говорницата за потсетување на минатото, туку да се сконцентрираме на она што е буџет сега.

Процедурално се јави господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке, јас само сакам да искажам едно чудење или една дилема во однос на самата поставеност на овие работи. Го слушнавме господинот Шапуриќ кога излезе да дискутира по ова прашање дека зборува како овластен претставник на пратеничката група на ЛДП и затоа претседателот на Собранието му побара писмено полномошно. Меѓутоа, тој продолжи да дискутира. Ние навистина не знаеме дали тој дискутира во име на пратеничката група на ЛДП затоа што ако дискутираше така тоа ќе беше 15 минути, а тој дискутираше 10 минути. Или пак зборува во лично име и сите овие дискусии се однесуваат во лично име, а не во името на пратеничката група на ЛДП.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Стојановски штом пратеничката група на ЛДП нема реакција, значи дека господинот Шапуриќ го кажал она зад што стојат и неговите колеги и мислам дека треба

повеќе да си веруваме меѓу себе и да се почитуваме, така што зборот е збор, а овде сме сепак пратеници. Инаку колегата говореше овдека 10 минути, така што тоа не би требало да ве буни, тој не беше привелегиран, иако јас лично мислам дека во име на пратеничка група кога зборува дека би требало да му следуваат и 15 минути. Меѓутоа, тоа е работа за дискусија. Ова е нов дел од нив кој што за прв пат го применуваме и во разни точки доаѓаме прв пат во ситуација  некои ситуации да ги толкуваме. Верувам дека со текот на времето многу нејаснотии ќе се разјаснат. А сега дали остануваат сите пријавени репликанти, понатаму дали инсистираат.

Процедурално госпоѓа Роза Топузовска Каровска.

РОЗА ТОПУЗОВСКА КАРОВСКА:

Иако дадовте едно опширно објаснување госпоѓо потпретседателке, јас сепак чувствувам  должност да кажам дека пратеникот Зоран Шапуриќ зборуваше од името на ЛДП и незнам зошто толкава недоверба се искажува како од колегите пратеници, така и во еден момент од претседателот. Мислам дека треба малку повеќе да си веруваме и да го чуваме дигнитетот на Собранието. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, значи продолжуваме со репликите. За реплика се јавува господинот Љубе Бошковски.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Јас само сакам да сочувствувам со господинот Шапуриќ и да го искажам сочувствувањето со ЛДП, бидејќи ова што го слушнавме во изминативе неколку минути и она што го искажа како вие уметнички ги нарековте репликанти во македонскиот Парламент, зборува дека ЛДП нема изградено став и дека ако е ова став и ако вие на итна седница не се оградите од ова што го искажа господинот Шапуриќ и напротив, долевате масло на веќе загреаната тема во макеоднскиот Парламент, ќе сфатам дека се

работи за една политичка партија која навистина нема место во македонскиот Парламент, бидејќи господинот Шапуриќ се што искажа досега нема ништо со вистината.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас би молела без навреди за политички субјекти. Господине Шапуриќ имате збор.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Постои намера да се повтори сценарио за опструкција од страна на опозицијата и сега со реплики. Јас би кажал дека ние пратеничката група на ЛДП, верувам и другите коалициони партнери имаат подготвеност и имаат одговорност и нема да дозволат буџетот да не биде донесен до 31 декември, како што е согласно законските прописи. Не смеете и вие како опозиција тоа да го дозволите. Инаку пратеничката група на ЛДП има јасен став, кажавме неколку пати дека ќе гасаме за буџетот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Роза Топузова -Каревска.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:

Почитувана потпретседателке, ве молам, дискутираме за буџетот. На дневен ред не е Либерално демократската партија. Кога ќе дојде на дневен ред ЛДП, нејзините политичките ставови, тогаш можеме да говориме. А тоа, дали и е местото овде или не, тоа не го одлучувате вие почитувани господа од ДПМНЕ, тоа го одлучува народот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам. Продолжуваме.

Колеги, јас ве молам за малку мир, јас разбирам дека сме сите уморни, доцна е, меѓутоа, да не го губиме дигнитетот, народот не гледа, мислам дека треба да водиме сметка како се однесуваме.

Госпоѓа Ганка Самоиловска-Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Почитувана колешке, не ДПМНЕ, ВМРО-ДПМНЕ. (Аплауз)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, господин Ѓорѓи Оровчанец за реплика сте јавени. Повелете.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам, ве молам тишина.

Слушајќи го внимателно господинот Шапуриќ, ова Ќ на македонски може да биде Шапуриќ, но тој треба да се изјасни како ќе се презива.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ве молам без алузии кои би имале непријатни импликации. Ве молам.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Бевме сведоци практично на една какафонија на мисли од кои единствено за тие 10 минути што успеав да разберам е дека ЛДП ќе гласа за буџетот. Зошто, како, што, образложението ништо не ми беше јасно, јас молам или до вас да го добијам стенограмот посебно во сегментот на здравството каде се искажа или тој лично писмено да ми достави што е тоа размислување, затоа што едноставно не можам да сфатам ни за што се работи, ни како, со кои условно последични мерки и тн., единствено дека се зборува нешто за самото здравство.

Би молел или стенограмот да го добијам да можам да го анализирам, или господинот Шапуриќ писмено да ме обавести, па заедно да седнеме и да размислиме за таа работа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Шапуриќ, за реплика?

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Ако не можете да го сфатите тоа што го кажав, тоа е ваш проблем, погледајте го стенограмот, само незнам од каде го измисливте тоа здравство, бидејќи јас

не го спомнав во мојата дискусија, само во репликата беше, очигледна ви е намерата да го опструирате буџетот. Меѓутоа, нема да успеете во тоа, ќе го донесеме буџетот, ви повторувам повторно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следна за реплика е јавена госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Би сакала да му реплицирам на господинот Шапуриќ за две работи:

Прво, господинот Шапуриќ спомна дека овде се вршело опструкција при донесување на буџетот, меѓутоа, да го потсетам дека овде е опструирана опозицијата, затоа што цело време со одлуките што вие ги носите користејќи го мнозинството кое го имате, нашите дискусии ги сведовте на минорни 10 минути за проблематика како што е буџетот.

Друго, спомна господинот Шапуриќ дека некој доживеал амнеза и заборавил некоја работа. Јас би го потсетила ценетиот колега на експозето за буџетот од минатата година каде што нивниот доскорешен министер истакна дека се користи фиксен курс затоа што треба тој буџет да биде стабилизирачки, а од наредната година веќе ќе поминеме на контролиран флуктуирачки курс.

Јас незнам како сега наеднаш ги изменија ставовите, своите политички ставови како либерал-демократи и се прашувам познавајќи разни типови на либера - демократи, либера - социјалисти и незнам какви уште не, дали можеби господинот ценет колега поминал во некоја варијанта на либерал - комунисти (опомена од претседавачот) затоа што неговите политички ставови одат во тој правец.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам да престанеме со навреди, ова беше навистина една серија многу невкусни алузии на етничко потекло, на партиска припадност и мислам дека е недолично.

Мислам дека никој не добива рејтинг на ваков начин. Јас би ве молела за достоинствен израз.

Процедурално господинот Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Ќе ве молам колеги,

Пратениците на ЛДП нема да се спуштат на нивото на дискусии кои доаѓаат од страна на опозицијата особено од ВМРО-ДПМНЕ. Ние повеќе нема да одговараме на вашите реплики, бидејќи тие навистина го нарушија дигнитетот на ова Собрание.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално госпоѓа Ганка Самоиловска - Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Само да ве потсетам дека токму дискусијата на либерал - демократот предизвика вакви реакции од страна на опозицијата. Доколку сакате да го зачувате дигнитетот на Собранието во иднина контролирајте ги дискусиите на вашите членови.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Талат Џафери дали е пријавен за реплика, или за дискусија?

На ред за дискусија е госпоѓа Силвана Бонева.

(Пратеник бара процедурално)

Не може на процедурално изразување ..

Процедурално повелете.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Се извинувам, еве имавме реакција од координаторот на ЛДП, меѓутоа, јас морам да реагирам процедурално, еве забелешката ќе биде точно на вас госпоѓо

потпретседателке, затоа што точно од нивна страна госпоѓата до него прво неосновано на што реагираше Ганка Самоилова не нарече ДПМНЕ. Спрема тоа, некој рече либерал социјалисти, либерал комунисти, значи си го заслужија. Спрема тоа, ако важи забелешката (Реакција од потпреседателката) ако вашите забелешки госпоѓо потпретседателке важат, да важат подеднакво за сите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Моите забелешки важат подеднакво за сите и мислам дека бев многу јасна, тоа може да се провери во стенограмот. Јас кажав и на дискусиите и на репликите да водиме сметка што говориме. Сосема сум јасна.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Затоа почнаа препукувањата затоа што не се реагираше благовремено.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се разбравме, јас не ја водев во тој момент седницата, незнам што беше кажано. (Пратениците бараат пауза)

Госпоѓа Силвана Бонева има збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана госпоѓо потпретседател, почитувани дами и господа, претставници на Владата на Република Македонија,

На самиот почеток од моето ограничено обраќање сакам да го искажам мојот личен протест за тоа што власта ни го ограничи правото на говор на 10 минути и со тоа не замолча не само нас пратениците, туку и гласот на граѓаните кои ги претставуваме во Парламентот, а кои што и те како сакаат да знаат како ќе се трошат нивните пари и што ќе добијат тие за возврат од страна на државата.

Како што ни тргнаа работите овие два дена воопшто нема да ме зачуди за идните суштествени прашања кои треба да се дискутираат во нашиот Парламент, 20

пратеници од власта да побараат и затворена седница на овој Парламент за да си изгласаат се што сакаат без да бидат изложени на судот на јавноста.

Сега ќе се навратам на буџетот, бидејќи секундите ми течат за кои во овој краток временски период кој го имавме од завршетокот на претходната седница до денес за да ги разгледаме овие две огромни книги кои ги имаме едната во која е буџетот и анексот едната е 200 страници, другата е 250 страници, со илјадници ставки и потставки, за кои можевме да говориме само 10 минути, можам да заклучам само дека Владата многу несериозно ваков огромен материјал ни дава кој е од суштествено значење за граѓаните на државата, бидејќи внатре се наведени како се трошат нивните пари, да се доставува на разгледување пред пратениците за толку краток временски период, бидејќи знаете материјалот ни пристигна токму тогаш кога расправавме за тетовскиот универзитет. Со таквиот пристап Владата на Република Македонија покажува дека не сака секој пратеник да може студиозно да го разгледа материјалот и да се обиде да најде во него се што го интересира, да има време да ги консултира граѓаните и институциите од територијата од каде што доаѓа. Згора на тоа, не можеме да го кажеме тоа што го мислиме.

Се на се, ваквата брза постапка и замолчувањето на опозицијата е заради потребата на власта набрзина да ги со донесе буџетот полесно онака како што сака. Во овој буџет незнам дали некој, некоја реална потреба на граѓаните од некое населено место или институција ќе можат да ја најдат внатре јасно и гласно напишана односно да знае дали во наредната година државата има предвидено средства за нејзина реализација.

Мојот впечаток од овој предложен буџет за 2004 година е дека Владата сака нетранспарентно и дискреционо да ги троши народните пари. Во прилог ќе кажам само неколку аргументи, бидејќи немаме многу време, ќе дадам само неколку примери.

Во буџетот кај Министерството за финансии во функција на државата предвидено е надомест по основ на реформа на јавната администрација 922.092.000 денари и во образложението кон буџетот на Република Македонија не е презентирана воопшто пресметка на трошоците за реформи (Во 17,55 часот со седицата продолжи да

раководи претседателот Љупчо Јордановски) на јавната администрација од која ќе можеме да видиме во кој буџетски корисник колку лица ќе бидат отпуштени од работа и со која динамика.

Понатаму, во образложението на буџетот на Република Македонија нема податоци за бројот на вработени за кои се однесува алоцираниот трошок за плати со месечна динамика по буџетски корисници.

Ваквата нетранспарентност наведува на заклучокот дека рационализацијата на јавната администрација ќе се искористи за менување на нејзината структура според етничка и партиска припадност ни малку при тоа водејќи сметка дали со тоа уште повеќе ќе се влоши квалитетот на услугите што ги дава јавната администрација. Зарем не треба да знаеме за колкав број на лица, за каква структура и во кои институции ќе биде одобрено трошењето на овие пари за плати.

Понатаму, во функција на државата се алоцирани во потставка 471117, 204.200.000 денари за некакви трансфери за поттикнување на инвестициите. Меѓутоа, и овде на нетранспарентен начин вака направен не се дава на кој начин како ќе се регилира трошењето на овие средства и незнам што се сака со тоа да се постигне, можеби овие и другите нетранспарентни трошоци и ставки ќе се користат за наредните општински избори, па не ни се даваат конкретни податоци за тоа.

Понатаму, во буџетот на резделот каде што е Владата се зголемуваат парите од 146 на 308 милиони денари, бидејќи се воведува нова програма за подршка на стратешки приоритети што е вредно 141 милион денари. Сега се прашувам дали ние не треба да знаеме за какви приоритети Владата ќе потроши 141 милион денари. Значи, повторно голема нетранспарентност.

Не би редела понатаму по ставки и потставки, бидејќи навистина немаме време, сега сакам накратко да се осврнам за земјоделието за кое многу беше зборувано, меѓутоа, бидејќи директен приход од земјоделието како дејност е скоро 3 милијарди и 900 милиони денари дали, имајќи ја во предвид тешката финансиска положба во која се наоѓаат земјоделците во државата, Владата размислувала дека е потребно да се корегираат даночните зафаќања односно да ги намалите или целосно да ги ослободите

земјоделците од одредени давачки кон државата. За тоа сум овластена од многумина граѓани, почитувани претставници на Владата, кои се земјоделци од мојот крај и кои кажаа тоа да го прашам, бидејќи годинава дури и земјоделците од регионите кои важат за богати како што е на пример Струмичкиот, Валандовскиот, Гевгелискиот регион поради катастрофално лошите можности за пласман на земјоделските култури и ниските откупни цени немаат добивка исто како и земјоделците од ридско-планинските подрачја.

Пролетните култури беа со слаби цени, да не зборуваме за давачките какви беа благодарение на данокот на додадена вредност со кој се качија трошоците на репроматеријалите, од летнината не зедоа ништо, зимската зелка им беше последната надеж, тоа посебно ми го порачаа да ви го кажам, граѓаните односно земјоделците од село Удово и тие мислеа дека барем со неа ќе си ги платат сметките за струја и телефон и сите други заостанати давачки и затоа сакам да прашам дали го имавте сето тоа во предвид при проектирањето на новиот буџет од каде ќе ја наполните буџетската каса кога луѓето буквално немаат што да јадат, а камоли да можат да си ги платат овие обврски кон државата.

Понатаму, не можев да видам во буџето дали предвидовте средства за исплата на разлика од откупната до загарантиранат цена на тутунот од родот во 2002 година за што ненавременото исплаќање на тутунот, па и пченицата и шеќерната репка и грозјето ги осиромашија и демотивираа земјоделските производители и тоа направи да се намали земјоделското производство на штета на сите нас во државата.

Ако се намалува тутунското производство, (опомена од претседател дека се изминати 10 минути) ако се намалува производството на месо, на млеко и млечни продукти, ако се намалува производството на пченица, на шеќерна репка и други земјоделски култури поради деструктивната политика на Владата на Република Македонија во областа на земјоделието, како ќе има прилив на средства во буџетот, се прашувам, и сметам дека ќе остане празна почитувани дами и господа и државната каса во тој дел, а ќе расте сиромаштијата и бројот на невработените.

Бидејќи директниот приход од земјоделието во буџетот е скоро 4 милиони, сметам дека земјоделците заслужуват неопходна потреба од страна на државата, ако

сакаме да заживее земјоделието и да има позитивен повратен ефект врз буџетот на државата.

Понатаму, не можев да видам дали во буџетот планиравте средства за исплата на утврдените штети во градинарството, овоштарството и лозарството што се направија од невремето во 2003 година. Чекаат за тоа одговор сите граѓани во Република Македонија кои се засегнати, па и граѓаните од струмичкиот регион.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам госпоѓо Бонева ви истекоа 10 минути.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Сигурно сте грешка господине претседателе, не е можно.

Господине претседателе, ве молам, сигурно не се поминати 10 минути, дозволете да завршам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Поминати се 10 минути.

Има збор заменик министерот за финансии.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Јас само крако сакам да укажам на госпоѓа Силвана Бонева, бидејќи искажа доста невистини, само накратко.

Владата не е ниту несериозна, ниту нетранспарентна, ниту неодговорна, туку според сите законски процедури изработи низ целиот буџетски процес почнат од април откако го донесовме буџетот за 2003 година до денешниот ден постапивме онака како што налага законот.

Според законските норми, според законот за буџетот, особено според законот за извршување на буџетот, никој нема дискрециони права да троши пари. Тоа ќе го види госпоѓата пратеник и во Законот кога за тоа ќе расправаме.

Она што е стратешки приоритет и во воведното излагање на министерот Поповски и по сите комисии на кои расправавме објаснивме кои се стратешките приоритети. Наш стратешки приоритет се евроинтеграциите, членство во НАТО, фискалната децентрализација и тн. Ниту пак во буџетот да не се труди да бара дека оваа Влада некаде сместила пари за финансирање на локалните избори. Тие пари ги има, јавни се и тие пари одат според законската процедура.

Јас ве молам, кога зборуваме за некои работи да бидеме прецизни и да бидеме одговорни за она што овој документ го бара. Буџетот има процедура, буџетот е работен според методологија како што сите современи држави го прават, дали е обемен или не, тој е. Но, според процедура имаше време и да се погледне и да се анализира и да се дадат забелешки, барем има доволно амандмани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам господине Кокароски, ви измина времето.

(Пратеникот Стојаноски бара реплика)

На кого реплика.?

(Пратеникот Стојановски вели дека бара реплика на господинот Кокароски)

Не може, тој имаше реплика на госпоѓа Боева.

Ве молам, госпоѓа Боева ќе го искористите своето минутно право на контрареплика?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван господине Кокровски, ако ние како претставници на граѓаните кои овде треба да ги пренесуваме нивните барања, не знаеме и немаме податоци како ќе се трошат народните пари и по коикритериуми. Значи, Владата работи не транспарентно. Не ни дава податоци. А, токму заради тоа што приоритетно е влегувањето во Европската унија, не може да ги намалите средствата во Министерството за надворешни работи, туку ќе овозможите да има повеќе средства за да може норамлно да работат нашите амбасади, бидејќи сите ние овде, пратениците, видовме во какви услови работат амбасадорите и нашите амбасади во моемнт кога треба Република Македонија да ја преставуваме во светот и да бараме влегување на државата во Европската унија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Пратеникот Иван Анастасовски има реплика.

Три минути, повелете.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Ми стана како традиција да реплицирам на колешката Бонева, меѓутоа можеби ова требаше порано да го направам, да реплицирам на некој од претходните дискутанти, но гледам дека се исцрпеа пратениците од опозицијата.

Воведите на повеќето горои што беа од страна на опозицијата почнуваа исто.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да ве прашам, по кој став реплицирате?

ИВАН АНАСТАСТОВСКИ:

На водедот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Што точно во воведот.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

На дискусијата на колешката Бонева и на поголем дел од пратениците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, по Деловникот треба да се реплицира по став или да се исправи неточен став односно информација.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Епа тоа, да исправам. Да исправам тоа претседателе.

Можам да продолжам?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете, имате плуст 5 секунди.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Симтоматично е тоа што воведите беа идентични на повеќето пратеници - позицијата сака да ја замолчи опозицијата со ограничување на времето на говорот од 10 минути; ја уништуваме демократијата и т.н. Меѓутоа, да не заборавиме тоа е сепак Деловничка обврска, а Деловникот го донесе претходното мнозинство што беше од 1998 до 2002 година. Ние само тоа го применивме.

И, само уште во еден дел сакам да и кажам на колешката Бонева, таа истакна - народот треба да знае како се трошат неговите пари.

Како ќе ги трошиме парите на граѓаните, незнам дали народот ќе знае, тоа ќе се увериме во наредниот период, меѓутоа, народот добро знае како претходно се трошеа парите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сакате да го искористите правото на 1 минута на контра реплика госпоѓо Бонева?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Нормално е почитуван колега сите пратеници на опозицијата да почнуваат со ист вовед, бидејќи тукму на опозицијата и е одземено првото да зборува толку што треба да зборува, за толку значјана материја. А, токму оваа Деловничка одредба, што рековте дека ја има, деловничко право да се ограничува говорењето на пратениците треба да се користи во специфични моменти а не тогаш кога вие сакате да ја замолчете опозицијата и токму за трошењето на народните пари.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Арсовски Славе.

(Пратеникот Блаже Стојановски бара збор за реплика).

На кого сакате реплика?

Не давам збор за реплика на Силвана Бонева.

(Пратеникот Блаже Стојановски се повикува на Деловникот).

По кој став, кажетеми барате реплика.

Ве молам, вклучетего пратеникот по кој став бара релика да ја исправи госпоѓа Силвана Бонева.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Претседателе, според членот 85 од Деловникот на ова Собрание имам право да дообјаснам наводи на дискутантот. Јас барам да дообјаснам наводи на претходниот дискутант, согласно член 85 од Деловникот на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, се извинувам повелете имате право по челн 85, да дообјасните се за 3 минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам.

Ми треба многу пократко време, за 30 секунди ќе го кажам сето тоа, само сакам да искажам една работа.

Пратеничката Силвана Бонева зборуваше дека овој буџет треба да биде основан за поттикнување на Евроинтеграционите процеси на Република Македонија. Тоа беше потврдено и од страна на заменик министерот дека Евроинтеграциите и членството во НАТО структурите и фискалната децентрализација преставуваат приоритети на ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски, успеавте во ова време малку мене да ме збуните. Овој член значи лично дообјаснување. Тоа значи претеникот кој што зборувал, ..

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Не може на себеси да се дава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прочитајтего членот што значи.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ

Ама не може самиот на себеси да си дава реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

"На пратеникот кој побарал збор да исправи неточно пренесен навод или навод што предизвикал недоразбирање или потреба од лично дообјаснување", а вие немавте збор за да се лично дообјасните после тоа и тоа се вика реплика и контра реплика.

БЛАЖО СТОЈАНОВСКИ:

Не може самата на себеси да си  дава реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, сега ако го ...

(Пратеникот Заев бара збор за реплика).

Вие барате реплика на кого?

Повелете.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Благодарам претседателе.

Сакам на мојата колешка сограѓанка да и реплицирам на две работи:

Првото е во неточно изнесените ставови дека буџетот е временски доставен, кога се дискутираше за третиот универзитет, предлогот од Владата. Тоа не е точно, затоа што и според Законот за буџети дваесет дена пред седницата се доставува буџетот. Значи, беше некаде околу први додставен.

Второ, сакам да реплицирам во врска со дискусијата за земјоделието, посебно Струмичко, каде што мојата колешка е посебно загрижена за земјоделието, а само пред неполна година и некој месец во Струмица на улиците се фрлаа доматите и бостанот, тогаш никој не излезе од нивната партија да се загрижи зошто е таква состојбата во земјоделието. А сега, договарајќи се со претседателот на Здружението на земјоделци, господинот Тантаров, не увидоа барем тие од Струмица, пратениците, дека нема ниту една ставка во нивното барање за доминатните производи во струмичкиот регион.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓо Бонева повелете на контра реплика 1 минута.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван колега, вие треба да се грижите сега, во ваше време што прави вашата Влада за да го подобри животот на граѓаните на сите, па и во струмичкиот регион, бидејќи вие многу ветувавте, а зборувавте за тоа дека во наше време луѓето ги фрлале и бостанот и доматите. Меѓутоа, токму во наше време, кога имаше хипер продукција на бостан, цело време се откупуваше бостанот, го плаќање претходната Влада и по 2 денари, а сега воопшто нема, на луѓето им стојат земјоделските производи непродадени, а доматите за 8 денари. Вие треба да поведете сега сметка барем да се приближите толку да водите сметка барем толку колку што претходната Влада за граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева правото од 1 минута заврши.

Госпоѓа Костадинова бара реплика.

Повелете госпоѓо Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам претсеателе.

И јас сакам да и реплицирам на колешката во делот каде што навистина се залагаше сите стапки да бидат транспарентни и да граѓаните знаат како се трошат народните пари. Јас би ја упатила колешката да го прочита конечниот Извештај од извршената ревизија за трошење на средствата на Владата за 2002 годинае и да види таму како навистина се трошеле народните пари за купување на парфеми, вратоврски, ташни, очила за сонце, потоа нарачки за рачно сликање на марами и да не набојувам уште што не.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута, повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Зошто почитуваната колешка не се врати да зборува за Извештајот од ревизијата од 1997 година? Така белким ќе беше подобро.

Ние сме тука, почитувана колешке да зборуваме за тоа што ќе направи овој буџет, дали ќе овозможи развој на Република Македонија , дали ќе овозможи да почуствуваат граѓаните нешто подобро, односно да живееат подобро отколку досега.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Славе Арсовски, а нека се подготви господинот Аднан Ќахил.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, колеги пратеници,

Добро, нема да почнам со зелките, со тутуните и т.н. иако си има свое место. Денеска, ние пратениците сепак расправаме за еден многу важен документ, а тоа е фактички буџетот за 2004 година. Документ што треба да го донесеме во нормални рамки до 31 декември се разбира и секое доцнење носи свои реперкусии. Минатата година го донесовме во март и имаше соодветни реперкусии врз целокупните состојби. Од овој документ, од овој буџет во овој нареден период ќе зависат многубројни состојби како ќе се одвиваат, многубројни работи. Се разбира, дали на економски, социјален, безбедносен, политички, како сакате истакнете, но тоа е вистината.

Веднаш на почетокот да истакнам дека немам намера да навлегувам во детали од бројчан аспект, како што правеа некои мој колеги, зошто некое министерство има повеќе пари, зошто помалку, зошто на оваа ставка има помалку, па има помалку за детски додаток или повеќе за студенскиот стандард. Или, како што вчера некој истакна нема средства за студенскиот стандард. Нормално, за политички маркетинг и ќе поверуваат луѓето. Затоа да се види тој документ, да се видат тија бројки.

За мене е многу побитно прашањето дали проектираните глобални цели што се предвидени ќе се остварат во идната година, успешно ќе се реализираат или поконретно,

дали мако-економските остварувања во 2003 година изразени преку порастот на БДП, фискалната консолидација, ниската инфлација, монетарната политика, намалување на каматните стапки во 2004 година како такви ќе продолжат, што ќе доведе до макро-економска стабилност во нашата земја и создавање услови за зголемена инвестициона активност, како домашна така и странска, зголемување на домашното штедење, интензивирање на структурните реформи, јакнење на конкуретноста на приватниот сектор, заокружување на институционалната рамка за функционирање на пазарнат економија и, се разбира, постепено остварување на овие цели да се дојде до решавање и до најголемите според мене, а веројатно и според сите вас проблеми што ги тишат сите граѓани во нашата земја, а тоа е намалување на невработеноста и сиромаштијата.

Нормално, секогаш опозицијата најмногу го експлоатира овој проблем. Имате право, се разбира е проблем и секој треба да се загрижиме. Но, тука би сакал да истакнам дека овој проблем не е изум на оваа Влада. Туку истиот, за жал, се провлекува неколку години наназад и треба да бидеме свесни дека преку ноќ ваквите проблеми не се решаваат. Како такви, сигурно и во наредниот период и за оваа Влада и за наредните ќе биде проблем од првостепено значење бидејќи се однесува за граѓаните на Република Македонија

Според тоа, како што е истакнато дека во наредната година се очекува пораст на БДП за некаде 1% во однос на 2003 година, секој и од економска ќе рече дека таа стапка не е доволна. Факт е не е доволна, но и овој буџет често пати треба да го сфатиме како причинско - последичен буџет, буџет што произлегува од едни состојби од минатиот период. Колку и да сакаме да констатираме дека било идеално, најдобро, како среќа во 2002 година да имавме пораст на БДП од 6%, па сега да имавме 7 и 8% ќе беше многу подобро за сите нас. Но, факт е дека тогаш стапката на БДП беше под 2%, па 3%,. па 4%, а можеби за нашава земја и стапка на пораст на БДП во моментов да е и над 8% прашање е дали проблемите што претходно ги истакнав ќе можат да се решат. Но, постепено се оди во една позивна насока.

Предвидената стапка на инфлација од околу 2,8% спроед мене реално ќе се оствари, се разбира со една зголемена координација меѓу фискалната и монетарната,

како и ограничувањата што и во наредната година ќе ги има во јавната потрошувачка и мора да ги има.

Битно е прашањето на дефицитот. Мислам дека предвидувањата со стапка 0,9% може да биде доста ниска како таква. Многу е побитно прашање за овој дефицит што се обезбедени извори за негово пукирање. На јавноста се презентира дека нема средства, како ќе биде и тн. битно, е за пукирање на овој буџетски дефицит 0,9% или некаде 2 милијарди денари, важно обезбедни се изворите и тоа е добро. Како таков истиот да се прифати.

Мора да го свртиме вниманието кон фискалната политика, да се води така што ќе овозможи релаксирање на монетарната политика. Од друга страна тоа ќе овозможи намалување на каматните стапки кај банките. Сведоци сте, можеби во еден подолг минат период првпат кај нас каматните стапки се намалени а некаде се и едноцифрени, под 10%. Не е случајно. Не само каматни стапки на кредитни линии од стрнство туку и комерцијалните банки кај нас, се разбира што се приватни, што се АД, веќе тие каматни стапки ги намалуваат под 10%. Тоа е добра претпоставка за успешен пласман на банкарските средства и потпомагање на стопанските субјекти шт од вакви банкарски кредити имаат и те како потреба за нивно успешно функционирање.

Во однос на прашање на вкупните приходи и расходи предвидени во предложениот Предлог-Буџет, накратно би истакнал неколку глобални работи. Поединечните, како ставки, сепак има втор амандмански дел, ќе се поднесуваат амандмани и со прелевање од една ставка во друга, може некои ќе се прифатат а некои не, затоа не сакам да навлегувам. Смеам дека изборните приходи оваа година ќе се остварат, по основ на даночните, персоналниот данок, ДДВ или неданочните приходи и тука мое мислење е дека има простор тие даночни приходи и да се натфрлат. Сепак сме сведоци дека сеуште постои и царува сивата економија. Затоа велам во тој правец треба Владата и во наредната година, во тој дел мора да има финансиска дисциплина на даночните обврзници, да ги плаќаат своите обврски кон државата и тоа ќе створи услов, не како буџет во апсолутен износ да се зголеми, како цифрен дел да се зголеми, може во наредниот период да се намалат даночните стапки на одредени производи. Сивата

економија е зло за секоја држава а камоли кај нас. Во тој дел институциите на системот мораат добор да функционираат и овие даночни стапки треба редовно даночните обврзници да ги плаќаат.

Посебно би истакнал, во јавноста тоа провејува, гледав и телевизија пред некој ден, беше гостин господинот Никола Груевски и денес така се истакна дека приходите по основ на царините, како приход на буџетот во апсолутен износ се намалени и веднаш се префрла на фактот дека тоа е резултат на лошо работење на Царинската управа. Сепак, треба да се каже вистина зошто е дојдено до тоа. Тоа е дојдено дека сме влезени во СТО, имаме доста договори за слободна трговија, посебно со земјите соседи, што во суштина тие просечни стапки за разлика од 2002 година драстично се намалени. Тој приход е по тој основ. Лично сметам, дека Царинската управа во овој период успешно работи.

Во однос на расходниот дел, вие самите гледате а и министерот го истакна тоа дека како структура, како буџет и во трошењето на тие приходни средства не е добар, за жал, не е добар затоа што поголемиот дел..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Арсоски, поминаа точно 10 минути. За расходниот дел за следниот буџет.

Ве молам димензионирајте се во 10 минути може се да се каже. Денеска научивме дека 10 минути се навистина многу.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе сакам да прашам до кога ќе работиме, за да можеме да го планираме времето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи има доста дискутанти, ќе направиме пауза од еден час по дискусијата на господинот Аднан Ќахил, а потоа ќе продолжиме. Нема да работиме повеќе од 22 часот.

Реплика има господинот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе, јас се согласувам со дел од дискусијата на претходниот дискутант каде што наведува дека проектираните глобални цели ќе се реализираат во наредната година доколку се создадат услови за инвестициона активност и за решавање на најголемите проблеми кои што пред се претставува намалување на невработеноста и сиромаштијата. Меѓутоа поставувам прашање, затоа што ние пред некое време слушаме дека треба народот и граѓаните да слушаат некои добри вести, меѓутоа тоа не може да се очекува доколку во државава имаме смешно ниво на странски директни инвестиции, не може да се очекува кога не постојат никакви субвенции во областа на земјоделието и земјоделските производители се наоѓаат навистина на една бездна од каде што не можат да излезат затоа што не чувствуваат и немаат никаква поддршка од државата за земјоделското производство. А истовремено не можат да се очекуваат вакви директни инвестиции, или намалување на невработеноста и сиромаштијата со непочитување на приватната сопственост особено кога се работи за фирмите каде што се поддржуваат некакви самоуправни бунтови во тие фирми кои што се директно подржани од власта, а на тој начин се губи целосната надеж на граѓаните затоа што факт е едно, факт е дека се зголемува со рапидна брзина бројот на невработени во Република Македонија, факт е дека сиромаштијата е доведена на едно неиздржливо ниво за граѓаните на Република Македонија и факт е дека мал дел од граѓаните ги користат сите привилегии на власта, а сите други успеваат само да вегетираат во оваа држава. А од друга страна немаме никакви развојни компоненти во буџетот и факт е дека ние ја имаме оставено Република Македонија да диши буквално на шкрги, затоа што на овој начин не можеме само да зборуваме и да очекуваме нешто што не е возможно да се очекува на ваков начин кога се поставуваат работите.

СЛАВЕ АРСОСКИ:

Во врска со земјоделието и не спомна нешто, бидејќи го постави прашањето, а и министерот истакна дека не е баш така дека никакви субвенции, односно не се доделени

соодветни средства оваа година во буџетот, скоро над 900.000.000 колку што знам, во буџет постојат 900.000.000 кои што се наменети баш за земјоделието, што сметам дека како бројка не е мала и како таква треба да се респектира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуваниот колега добро почна, кажа дека ќе говориме за буџет, но тие 10 минути не му стигнаа и покрај тоа што не спомна ниедна бројка. Мислам дека бројките се многу битни. Слушнавме за многу ситуации каде што министерот кажува дека се шират пропаганди, а исто и господинот пратеник дека се шират пропаганди и дека не е тоа точно дека средствата за студентски стандард се тие што ќе бидат и ќе бидат повеќе. Господине Арсоски, тука имаме дека средното образование е намалено за 50.000.000 денари под раздел 13 ученичкиот стандард ставка 441 511, 5.000.000 намалена и студентскиот стандард за цели 10.000.000. Тоа се бројки, ако вие знаете нешто што ние не знаеме, тогаш е друга работа. Како што викате земјоделски фонд имало средства некои други одделени. Тука говоревме една цела недела каде што кажувавме дека има оделени средства за универзитетот во Тетово. Сега тие средства велите дека во буџетот не се планирани. Што ако ние претходната недела го донесовме и го изгласавте законот за тетовскиот универзитет. Каде ќе беа тие пари во буџетот и дали воопшто ќе постоеја. И плус тоа упорно кажувате дека опозицијата сака да го опструира донесувањето на буџетот. Не е точно. Меѓународниот монетарен фонд дојде во Република Македонија и немаше со кого да разговара. Владата на Република Македонија немаше министер, немаше свој претставник и тие заминаа. Сега вие упорно инсистирате и кажувате нешто што не држи. Ние тука можеме да расправаме со денови, ние сме да се донесе буџетот, но да кажеме она што не е во ред. И сега ако вие сите знаете некои работи што ние не ги знаеме, тогаш не можеме вака да дискутираме. Сме биле на комисии, мислам дека некои работи требаше да бидат разјаснети и вас не ви се разјаснети за жал и почнавте со

зелките и зелките се составен дел од буџетот. И тие земјодлеци 170.000 семејства кои што живеат во Република Македонија живеат од тие земјоделски производи. И тие се ставени во овој буџет кој што многу лесно, едноставно ги отфрламе луѓето. Затоа да бидеме коректни и ако сакаме да говориме, да говориме за буџет. Затоа кажувам, оваа дискусија можеше да трае многу пократко, ќе изнесевме многу бројки и факти, ќе добиевме објаснување од министерот и можеби се ќе беше поинаку. На овој начин зборуваме само политика, буџет многу малку.

СЛАВЕ АРСОСКИ:

Колега Мавровски веројатно треба да го читате буџетот и го имате прочитано, ама изгледа го немате прочитано. Ставката Министерство за образование во глобала е малку поголема од минатогодишното ниво. Видете во буџетот и ќе утврдите, а не поединечни ставки.

Второ, јас спомнав за студентските стипендии и кредити, бидејќи вчера од ваш пратеник беше истакнато дека оваа година нема доделени средства за стипендии и кредити, што не е точно. Но, врви во јавноста, нема студентски кредити, нема стипендии итн. Како ставки постојат. Но, вчера рековте дека нема. И затоа Министерството за образование како ставка за разлика од минатата година има нешто поголем износ отколку што било.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, господин заменик министер, да бидам доследен и да кажам дека господинот Иван Анастасовски кој реплицираше дека сите, или други што рекоа дека сме да не кажам униформни и да кажам дека и јас протестирам што на еден начин е ограничена можноста да се каже многу повеќе за ваквата проблематика и за буџетот кој што јас се потрудив низ бројки, низ ставки, низ она што се вели егзактност да се најде и да се предложат соодветни решенија. Но, очигледно за 10 минути тоа не може да се направи, а господинот заменик министер ако сака и би било добро, тука се напишани сите тие препораки кои потоа дел од нив ќе ги цитирам кои

се поважни, а другите се дадени тука се со цел да се донесе, да се направи еден добар буџет. И јас пред да дискутирам во врска со ова би кажал неколку работи кои се во врска со остварување на буџетот, или проекциите во буџетот, а тоа се фактите што оваа година имаме плафон на задолженост кон странство од 1,64 милијарди долари. Тоа е повеќе за 225.000.000 долари повеќе во однос на 2002 година со тоа што јас кога го разгледував буџетот не успеав да најдам приходни и расходни страни на кој начин ќе се калкулира оваа работа. Но, можеби тоа времето ќе покаже што е од тоа точно, на кој начин тоа ќе се направи. Сепак, велам и правото и одговорноста е на Владата и на предлагачот на буџетот за таа работа.

Би кажал следна работа што рекоа за Фондот за здравство, дека повеќе имаме пари во Фондот за здравство. Тоа е точно. Ама се заборави една работа, дека импутот во Фондот за здравство влегува и расходната страна и повеќе и ДДВ-то. Во однос на претходната година кога се донесе ДДВ од 5 на 18 % за лекови и за услуги, сигурно и сега расходната страна ќе биде поголема за 18% и затоа тој баланс, влез, излез каде што е калкулиран за лекови 18% не треба да создаде привид дека повеќе е дадено. Помалку е дадено ако се калкулира, ако се извади тој дел, сигурно повеќе, затоа што 10% зголемување во однос на Фондот, а во однос на ДДВ-то е зголемено за 13%. Треба да се види тука точната математика која е.

Друго, зборуваме за каматните стапки, дека каматните стапки се помали и под 10%. Тоа е точно и дека банките даваат соодветни кредити кои се добри. Да, банките даваат кредити со помали камати, ама одете да добиете кредити, ќе видите колку се јалови кредитиве и никаде како што е во последно време во Европа немаат добиено кредити каде што се бара хипотека 2: 1, 3:1, 4:1 и не се даваат на пример кредити врз основа на проекти итн. Добивањето на кредити е многу тешко. И она што е најважно треба да се каже дека Владата очигледно нема во предвид во приходната страна и тој баланс како ќе се направи што се однесува до сивата економија. Од оваа говорница кога имаше ребаланс господинот Гошев кажа дека сивата економија во Македонија е 45,1 %. А јас сега ви тврдам, многу повеќе имаме сива економија. И заради фактот што во последно време се зголемија даноците . Ќе ви кажам само еден пример, пример со детергентите и

хемикалиите од кои се произведуваат детергенти. Од 5 на 18% скокнаа тие давачки. И сивата економија барем во овој дел е многу поголема во однос на поранешниот период. И сигурно би требало да се имаат тие во предвид при проекциите на буџетот, при собирање на пари, како да собираат пари, ако се повеќе и повеќе имаме сива економија. Остварувањето на основната цел во наши парламентарни услови во врска со буџетот е скоро невозможна. Ова од причини што кај нас се гласа партиски, пратениците од позицијата се подредени на Владата и гласаат како што ќе им се наложи, а не по сопствено убедување, или логика.

Главниот аргумент е дека буџетот е усогласен со ММФ. Иако ММФ не се многу заинтересирани за целогодишниот буџет, туку само за првиот квартал од 2004 година, односно додека трае Стенд бај аранжманот, заради што и гледано е и низ прсти за оваа работа. Затоа ќе бидам фокусиран на три групи аргументи кои во врска со овој временски цајтнот може барем приближно да дадат преглед за лошо компониран буџет.

Трошковните буџетски алокации не се реално и целосно опфатени, туку се свесно наштимани за да се задоволи барањето за дефицит од 0,9 % од БДП како основна макроекономска карактеристика на предложениот буџет. Со ова пратениците се ставаат во улога на нем слушател и озаконувач на желбите на извршната власт. Се создава илузија дека е обезбедено финансирање на јавните расходи, постабилна макроекономска рамка. А се мами ММФ дека е изготвен буџет со дефицит од 0,9 % од БДП.

Второ, начинот на кој е припремен целиот пакет на закони сврзани со буџетот за 2004 година недвосмислено укажува на опасноста дека се предлага нетранспарентно, дискреционо, дискриминаторско трошење на јавните ресурси од страна на извршната власт. Спротивно на јавно прокламираните заложби за сузбивање на митото, корупцијата, криминалот и непотизмот, а Собранието треба тоа да го озакони. Тоа мислам дека не е во ред.

Трето, предложениот пакет содржи незаконски, можеби противуставни одредби, спротивно на јавно прокламираните заложби на извршната власт за промовирање на владеењето на правото и правната држава.

Јас само би се задржал на неколку точки во анализата. Пред се би почнал од судскиот буџет за судството. Имаше задоволство што се кажа дека оваа година се усвои, иако претседателот на Врховниот суд кажа дека тоа е само 13% зголемување, дека тие бараат определени проценти за судскиот буџет, тоа не се овозможи, но дека и платите понатаму ќе останат исти. Впрочем ние зборуваме за плаќање на судии да не бидат корумпирани, да не бидат на тој начин ставени во ситуација да мора да примаат мито и корупција. Ако тука не се направи, а не се направи ништо во тој случај незнам што е целта. Ако се применува законот за судови, тогаш буџетската алокација за инвестиции во судството треба да изнесува најмалку 250.000.000 денари наместо предложените 130.000.000 денари, 52.000.000 денари во раздел 070 01 министерот за правда потставка 46119, изградба на објекти во правосудството и 77.000.000 денари во раздел 290 10 судски буџет група 46. Ова е причина што според овој Закон 50 % од планираните приходи од судските такси мора да бидат наменети за инвестиции во судството. Во предлог буџетот за 2004 година на име на приходи од судски такси е планирано 500.000.000 денари потставка 7222 во делот на приходите. Дали се расходите реално прикажани, тоа е сосема логично прашање кое се наметнува.

Во образложението кон буџетот на Република Македонија не е презентирана пресметката на трошоците за реформи на јавната администрација од кој ќе можеме да видиме во кој буџетски корисник колку лица ќе бидат отпуштени од работа и со која динамика раздел 090.02 министер за финансии, функции на државата потставка 443114 надомест по основ на реформа на јавната администрација на износ од 922092 милиони денари, или околу 15.000.000 евра. Дали пратениците знаат зошто ќе го озаконат трошењето на оваа буџетска алокација, или Владата и тука се уште нема план и концепција па со предложениот буџет сака да се обезбеди право да троши како што сака и колку што сака, или се плаши да го објави тоа на транспарентен начин, затоа што 2004 година е изборна година.

Со ставот 5 во член 7 предложениот закон за извршување на буџетот на Република Македонија за 2004 година пратениците и Собранието на Република Македонија треба да ја овластат Владата кога сака и колку сака да зафаќа од било која друга буџетска алокација за да пренамени во алокациите за структурни административни реформи. Ставот не објаснува ниту од каде, ниту колку ни зошто ни како Владата смее и може да зафаќа и да врши реалокации и со тоа да ја менува структурата на буџетот, по видови на

трошоци и по корисници. Дали ваква законска одредба обезбедување на транспарентно трошење на народните пари која е улогата на Собранието како доносител на буџетот, само да и даде дозвола на Владата да располага со јавните ресурси како што сака. Тоа ли е идејата? Очигледно не би требало да биде така.

И на крај од овие мои сугестии што многу повеќе ги има тука, патните и дневните трошоци во буџетот од 2004 година се планирани во износ од 456.000.000 денари што е за 15,4 % повеќе во однос на 2003 година кога изнесуваше 395.000.000 денари. Образложение за зголемените потреби за патување нема, а до вчера слушавме фалби за намалување на овој вид трошок. Јас пак ќе повторам, овде имате во ставки се господине министре, јасно зацртано што е, што не е. Но, тоа е ваше право дали тоа ќе го прифатите, или не. Јас би сакал да се навратам на еден многу важен сегмент, а тоа е во делот на образование и наука. Господине министре и господа пратеници, минатата година исто така имавме проблеми во овој дел каде што се вели наука. Ќе се задржам во тој дел каде што имаше буквално секцирање на парите во однос на 2002 година каде што за наука беа предвидени 140.000.000 денари за трансфер во научно истражувачки проекти, или за наука во тој период..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Аднан, 10 минути истекоа.

Госпоѓа Елеонора Петрова Митевска има реплика.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Благодарам господине претседателе, мојата реплика се однесува не само на излагањето на господинот Аднан Ќахил, туку на сите претставници на опозицијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само на излагањето на господинот Аднан Ќахил.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Во ред, на неговиот воведен дел, еве веднаш да кажам на што се однесуваа. Сите се повикуваат на членот 83 и за неможноста да го изразат своето право по значајна точка на дневниот ред како што е буџетот да зборуваат повеќе од десетина минути и притоа никој не пропушта да се изрази дека декларативно опозицијата е многу за приближувањето кон ЕУ, бидејќи тоа е наша заедничка цел. Морам да кажам сигурно знаат и претставниците на опозицијата, дека ниеден парламент во ЕУ нема неограничено право на говорниците да излагаат во Парламентот, ниту пак повеќе пати..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Елеонора, по кој став на господинот Аднан Ќахил полемизирате.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

По воведот. Дозволете ми да се изразам. Ниту пак да се јавуваат неограничено број пати. Таков парламент во ЕУ не постои. Затоа можам да набројам голем број парламенти од ЕУ каде што времето на излагање е ограничено на три минути како во Шведска, на четири минути како во парламентот на Советот на Европа, на пет минути како во парламентите на Германија и Франција и на 10 минути како во повеќе парламенти во Европа. Затоа мислам дека доколку сакаме побрзо да се приближиме кон Европа, ова ќе биде исто така прилог и чекор повеќе, ако навистина и во иднина дискусиите по било која точка од дневниот ред ги скратиме на нормално време за дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Аднан Ќахил контра реплика 1 минута.

АДНАН ЌАХИЛ:

Мислам дека оваа реплика беше непримерна бидејќи не се однесува на она што јас дискутирав. Јас само начелно кажав, имам право како пратеник да протестирам во однос на ограничувањето на времето. Впрочем ако ние сакаме да одиме во Европска Унија треба да се запазат и тие стандарди. Сигурно во Европска Унија постојат и такви и такви опции. Но, со оглед на тоа што тука ограничување на времето е донесено после определени консултации на партиско ниво, а не со консултации на ниво на Парламентот, мислам дека тоа е непримерно да се дискутира во тој правец, а да се избегнуваат сите тие дискусии кои се во врска со буџетот, впрочем така и вие дискутиравте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза од половина час.
(пауза од 18.45 часот)

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 19,25 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

За реплика се јави г-ѓа Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Господине Ќахил не можам да се согласам со дел од вашата дискусија каде што тврдите дека платите на судиите мора да бидат повисоки со цел тие да не мора да примаат мито.

Сакам да укажам на следното. Секој од нас со самото тоа што е вработен на некое работно место ги прифаќа условите под кои е вработен. Доколку некој не е задоволен од своето работно место може да се вработи на место кое што одговара на неговите критериуми. Неприфаќам никаков изговор, нема никакво оправдување, за примање мито и мислам дека тоа воопшто не е решение што ви го предлагате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-динот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Очигледно е пракса да се одработи, или да се сватат погрешно кажаните работи. Јас не тврдам дека судиите или некој ќе земе мито. Во минатото се створи таква фама, впрочем тоа се изјави на тие луѓе кои работат. Значи, тие велеа своевремено дека судиите не се доволно платени и затоа се подлежни на корупција. Исто така, г-динот што е претставник на судската власт на комисијата кажа дека платите остануваат исти и ако

таа фама се има во јавнота дека поради тоа што судиите се малку платени и се подложни на мито, во тој правец беше мојот предлог би требало тие да имаат и поголеми плати, барем тој сегмент да не бидат подложни на таквиот начин на комуницирање со нив. Инаку, и јас сметам дека секој што се вработува во една јавна институција треба да има одговорност и да прима онолку колку што треба да прима или нека напушти работа. Но тоа е друга работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Аднан.

За реплика се јави г-динот Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Благодарам претседателе.

Г-дине Ќахил ќе реплицирам на вашиот вовед од вашето излагање каде што постојано се жалите и тврдите дека некој ви го одзема правото на збор и дека ја заќутува опозицијата и дека тоа не е демокртски. не може да биде нешто недемократски ако е предвидено во деловникот а доследната примена на Деловникот значи ефикасна работа на Собранието. Граѓаните на Република Македонија тоа го очекуваат од сите нас пратениците без разлика дали припаѓаме на опозицијата или позицијата и затоа овде не плаќаат. Тоа е исто така демокртски да се примени исто ако што беше демократски и легитимно опозицијата да го искористи своето право што и припаѓа по Деловникот да зборува неограничено, меѓутоа сметаме дека тоа е непродуктивно и недемократски да се троши времето и средствата на граѓаните. Затоа мислам дека треба да престанат ваквите дневни политички обвинувања од страна на опозицијата со цел опозицијата да се прикаже како жртва во Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Една минута г-дине Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Претседателе незнам како да сватам клика со тоа што јас и вие го користиме легитимното право како пратеник да го кажам своето мислење. Вие требаше дискусијата на г-дин Кондарко да биде усмерена кон мојата дискусија, а не кон искажување на она

што јас кажав во врска ограничувањето. Впрочем, не е тоа само мое размислување. Мое легититимно право е да си го кажам моето мислење во однос на ограничувањата, а легитимно право е на секој пратеник да размислува како што сака бидејќи сите ние сме пратеници на граѓаните на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Ќахил не сте во право, бидејќи можете цел говор да ви биде само размислување па никој да не ви реплицира, да нема право да ви реплицира. Вие тоа го кажавте во вашиот легитимен дел од вашиот настап каде што може некој да ви реплицира.

Повелете г-дин Слободан Чашуле, имате три минути реплика.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Г-дине Ќахил, не се согласувам со вас кога велите дека Деловникот е недемократски. Недемократски е начинот на кој тој се применува на едно прашање кое ги засега сите граѓани. Во светот не постои држава каде што расправата за употребата на заедничките пари е ограничена. Напротив, има држави каде што нема гласање за доверба на Владата, туку владите паѓаат заради тоа што буџетот не им се усвоил. Оттаму, мислам дека кога веќе го оценуваме начинот на кој деловникот се применува треба да бидеме прецизни. Деловникот е тој што е, кон него треба принципиелно да се држиме, но треба да бидеме доволно мудри, не да ја казнуваме опозицијата со неговата примена, туку да ги казниме граѓаните кои нема да добијат доволно аргументи за тоа како ќе им бидат потрошени парите и ги казнуваме граѓаните на кои им го одземаме правото да чујат што ќе биде со нивните пари. Никој не може да ме убеди дека нашата добронамерност е помала од онаа на позицијата и дека ние нема да најдеме начин како сето тоа да заврши хармонично.

Кога веќе дојдовме до ЕУ, не е точно дека по буџетот се ограничуваат парламентите и ако правиме сега некоја трагикомична аналогија овде, ако во Шведска се зборува три минути нас ќе ни дадете три секунди, со оглед на разликата во развојот.

На крајот би сакал да кажам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не го спомна г-динот Ќахил.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам, се извинувам, ми излета.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам само да не ви се случува почесто така.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Прв пат ми се случува, не почесто.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ама, реков дека ви излета.

Повелете г-дин Ќахил една минута.

АДНАН ЌАХИЛ:

Му благодарам на г-динот Чашуле. Се согласувам со дискусијата. Токму и во мојата дискусија беше тоа процедурално напоменато дека јас како пратеник протестирам во однос на ограничувањето, а како што велите вие секаде во светот, и онаму каде што се повикуваме - Европа, дискусиите во однос на вака важните сегменти не се ограничуваат. Дали ќе зема за право да ограничува или некој ќе си зема за право да каже јас така не мислам или недозволувам, тоа е очигледно негово право и недемокртски пристап кон овие проблеми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во секој случај се сложивме дека изнесеното мислење и изнесен став во дискусијата е подложно на реплика.

Повелете г-ѓо Елеонора Петрова - Митевска, имате процедурално.

ЕЛЕОНОРА МИТРЕВА ПЕТРЕВСКА:

Г-дине претседателе ве молам во иднина да водите сметка дека никогаш на реплика на еден пратеник не би требало да одговара друг пратеник со цел да му помогне да се разјаснат одредени проблеми.

Одговорот на г-динот Чашуле не се однесуваше на она што го кажа г-динот Аднан Ќахил, туку на она што јас го кажав и ми се чини дека тоа воопшто не стои.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас во секој случај ја почитувам процедурата и го опоменав г-динот Чашуле.

Повелете деловнички г-дине Чашуле. Ова е прв пат некој да каже Деловнички, се процедурално, а правилно е Деловнички.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Г-дине претседателе, нека чуе и госпоѓата.

Кажете ми каде во деловникот пишува дека на едни пратеници можат да им реплицираат а на други не можат. Ако ми го објасните тоа јас јавно ќе кажам дека сум згрешил, меѓутоа во Деловникот јасно стои дека секој пратеник може да му постави на секој пратеник реплика во која ќе бара дообјаснување.

Јас сметам дека г-динот Ќахил беше премногу благ и кога се осврна на Деловникот немаше право. Деловникот ни е исправен, неговата примена овде е недомократска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

г-динот Ќахил не спомна никаде ЕУ, три минути, три секунди, Шведска. Тоа го спомна во реплика г-ѓа Елеонора Петрова, а Деловнички нема реплика на реплика, особено не од оној кој што не дал реплика.

Ве молам продолжуваме со расправата.

Никој нема повеќе реплика.

Господинот Ружди Матоши има збор.

10 минути повелете.

Г-динот Блаже Стојановски бара збор процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе, јас ќе бидам многу краток.

Сакам ист аршин да имаат пратениците и на опозицијата и на позицијата кога зборуваат за деловнички прашања. Претходната дискутантка два пати се јавува за деловнички работи а кажува што требало и што нетребало да кажат пратениците од опозицијата, или зошто тоа ограничување од 10 минути било добро или зошто било лошо. Ако сите почнеме да зборуваме на тој начин по основ на деловнички пријавувања мислам дека оваа дискусија ќе не одведе многу далеку и затоа апелирам да се дискутира за

Буџетот на Република Македонија , а не за она што претставува замолчување во опозицијата, затоа што ограничувањето од десет минути фактички е тоа. За 10 минути не може да се зборува за буџет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега ќе ја послушам вашата сугестија.

Повелете г-дине Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Благодарам, г-дине пртседател.

Почитувани присутни,

Вие г-дине претседател оваа постапка која е ставена за да се разговара само 10 минути во однос на буџетот јас констатирам дека треба добро да го разгледаме ова поради една причина дека треба да инсталираме други методи за тие кои се трудат да се злоупотреби некоја седница. Јас констатирам дека на неправилен начин ни се одзема правото да дискутираме по опширно за теми кои се од интерес за граѓаните а кои имаат посебно значење.

Што се однесува до Буџетот почитувани присутни ова е втор буџет кој се изготвува од оваа коалиција, од СДСМ, ДУИ и ЛДП на Македонија. Значи првиот буџет кој го поминавме беше буџетот од 2003 година додека сега ни се сервира буџетот од 2004 година и увидуваме дека Владата има инсталилрано многу слични илустрации што значи дека нема да го подобри животот на граѓаните. Значи 2004 година ќе биде многу слична што се однесува до квалитетот како 2003 година.

Суштествена карактеристика на овој буџет предложена за 2004 година дека недостасува развојната компонента, буџетот од 2004 година нема развојна компонента и како што најави самиот министер Поповски во пишуваните медиуми рече дека Буџетот од 2004 година ќе има лоша структура, како што ги имаше Македонија претходните буџети. Значи неефикасна развојна структура.

За нас албанците е многу значајна карактеристика на овој буџет дека од Буџетот во 2004 година никаде не е вклучен објективот кој ја става во движење имплементацијата на

Рамковниот договор што ќе влијаеше во подобрувањето на актуелната состојба на албанците во сите области (образованието, вработувањето, културата и друго).

Кај претседателот на државата имаме разговори на лидери каде на првата средба имавме недоразбирање бидејќи таму беа и експерти и со една мала интервенција се направи една исправка, бидејќи кога станува збор за политички лидери се разговара за политички теми. Се отстранија стручњаците, експертите, сега продолжуваат овие средби и токму Буџетот треба да биде во духот на овие средби, во духот на имплементацијата на Рамковниот договор. Значи, во духот на петте столба кои јас сум ги карактеризирал како душа на Рамковниот договор (Употребата на двојазичноста, соодветната застапеност во институциите на системот, законите кои произлегуваат од локалната власт, образованието, амнестијата итн.).

Еден ден со внимание слушнав едно официјално лице на ДУИ кое декларираше за пишаните медиуми дека ДУИ условно е оддана за делот на албанскиот дел на буџетот кој се однесува на зголемувањето на албанците вработени. Предвидувањето на средствата за образование а и посебно за високото образование. Вака продолжува официјалното лице на ДУИ понатаму, ако е вистина дека во буџетот не се предвидуваат средства за капитални инвестиции во делот населен со албанци ќе се ангажираме за подобрувањето на оваа грешка. Изјава која ми се допадна, но работите укажуваат нешто поинаку од ова што е изјавено, поради една причина дека самиот буџето од 2003 година се покажа сегрегаторски врз албанците додека компонентата од 2004 година, воопшто не е различна од буџетот од 2003 година.

Јас ќе се потрудам со факти и со аргументи да зборувам за начинот како се потроши буџетот од 2003 година, каде дуи беше учесник во Владата што значи дека за 2004 година буџетот со исти методи ќе се троши, што значи дека ќе се заобиколи албанското население.

Уште од старт на трошоците од Буџетот од 2004 година се виде јасно дека социјалната компонента, каде од Министерството за труд и социјална политика се погодија над 26 илјади семејства кои го изгубија правото за користење социјална помош, каде воглавно се албански семејства. Како можеме да зборуваме за вработување кога

Владата никогаш не изјавува точни бројки и никаде не утврдува бројки колку албанци се вработени во текот на 2003 година и колку е зголемена застапеноста на албанците во институциите на системот. Напротив во оваа насока имаме регрес, имаме отстранување од работа, имаме реваншизам, разни реваншизми што значи дека не кажуваат показателите ништо позитивно.

Здравствената компонента е жалосна, бедна состојба и не гледам дека овој буџет ќе ја подобри состојбата во оваа област.

Болниците како таа во Гостивар продолжуваат со такво третирање. Тие нема да изгледаат како болници поради тоа што воопшто не се интервенира за да се подобри нивната состојба. Значи, средствата од Фондот за здравство не се делат на пропорционален начин . Имаме многу села во кои нема ниту амбуланти, ниту лекари. Селаните неможат да ги искористат добрата од Фондот за здравство. Исто така, и меѓу пациентите кои треба да одат надвор од земјата на лекување се симболично застапени албанците, значи на симболичен начин го користат ова право.

Ако се концетрираме на компонентата образование, која е основа на развојот, состојбата е катастрофална, како во основното образование така и во средното образование. Во инвестициониот дел за основно и средно образование ќе се осврнам само на некои училишта кои останаа како монструми, како чудовишта. Еве измина една година и влегуваме во втората откако дојде оваа Влада, што сега ни го прикажува буџетот за 2004 година, но не се гледа дека ќе интервенира во овие училишта. Јас ќе го спомнам училиштето во Боговиње, Јажинце во кои училишта Владата и Министерството за образование не предвиделе средства во буџетот за 2003 година, не се обиделе да стават ниту една лопата во овие училишта..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Заврšија вашите 10 минути.

Има збор пратеникот Исмет Рамадани, а нека се подготви пратеникот Талат Џафери.

Пред тоа, пратеникот Талат Џафери има реплика, повелете три минути.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги, ќе застанам кај делот на колегата Ружди што се однесува на инвестициите за изградба на школски објекти, посебно тие што ги спомена сега. Зборува за училиштето во Јажинце, а треба да знае ако бил таму во последно време дека школото веќе е во програмата во 2003 година и веќе се привршува. Кога се зборува за оваа состојба на објектите, што ги нарече школи монструми - точно е, школи монструми, но во име на тие три училишта сте ги добиле претходните три избори, токму советувањето за нивна изградба. Бидејќи беше спомнато сето тоа во текот на дебатата што се водеше за универзитетот во Тетово, со претходни реплики сте ме споменале, меѓутоа, ќе нагласам дека “Зеф Љуш Марку” , “Никола Штејн” во Тетово, “Кузман Јосифовски Питу” во Кичево, училиштата во околината на Гостивар и во Гостивар- не треба повеќе да се каже освен тоа дека населението или електоратот во овие места што ги споменав знаат многу јасно, но да не зборувам и за училиштето во Добреш и др. кои со години по ред остануваат такви какви што се. Јас ќе речам да, се училишта монструми, меѓутоа, датираат од злоупотребата на средствата во времето кога имале можност овие училишта да ги направат како школски објекти каде што ќе може да учи и да се аплицира наставно-образовниот процес на лицата албанци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Ружди Матоши една минута.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас г-дине претседател имам многу да зборувам, но со ова ограничување на времето човек неможе да ја заврши дискусијата.

Јас г. Талат ќе го замолам на јасен начин да ми каже каде се парите, оние 11 милиони марки од” Зеф Љуш Марку” и од “Никола Штејн”, што нашата Влада ги подели од “Телеком”. Г-дине Талат каде се парите, дали имаат способност да ги чуваат или каде се парите. Поповски на некој начин ги пренамени тие пари. Зошто овие не знаат да ги заштитат парите кои ние на некој начин сме ги издвоиле за албанските училишта. Но

бараат разни провизии и други парифетлаци за изградбата на албанските училишта. Како што слушаме во последно време, Талат секој ден е во Тетово, но дали нешто е изградено, во училиштето “Никола Штејн”, еве 365 дена ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, времето измина.

Има реплика министерот за финансии, повелете три минути.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека ова прашање неколку пати се покренува, минатиот пат по повод расправата за Законот за нов државен универзитет, го слушнав и тогашниот претседател на тогашната Влада дискутираше за истото прашање, ќе дадам многу конкретен и прецизен одговор.

Каде се парите г. Матоши - се работи 90 милиони денари или три милиони марки, ќе ги прашате премиерот и надлежните двајца министри за финансии и образование во тоа време, кои извршиле претплата, дале 90 милиони денари повеќе на тој што треба да ги изведе работите одколку што ги извел работите до овој момент. Значи, парите се во таа фирма, која спротивно на законот за јавни набавки ги добила тендерите и парите ги добила, а не ги завршила работите за кои се наменети тие работи. Каде отишле парите, кажав кого да прашате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Матоши, реплика една минута.

РУЖДИ МАТОШИ::

Ова не е причина, г. министер, еве една година помина а да не се стави ниту една цигла. Во излагањето што го даде самиот министер тој вели дека од 11 милиони марки, 4 милиони марки се потрошија за војната, кога министер за одбрана беше Бучковски. Со тие пари купивте хеликоптери во Украина.

Второ, во мојата дискусија требаше да ги објаснам работите во врска со ДДВ, дека само во Тетово 10% од ДДВ е на ниво на Македонија. Прашајте ги вашите стручњаци што ги имате, тие знаат многу подобро од тебе. И ова треба да го знаеш, колку се користи "Мобимак" само од Гостивар и Тетово, потоа фактот што иселениците албанци овде носат марки и долари 50 години, тоа никогаш не го земате предвид дека албанците го полнат буџетот на редовен начин во Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-динот Јусуф Арифи има реплика.

ЈУСУФ АРИФИ:

Г-динот Матоши често пати ја спомнува Боговиња и училиштето во Боговиња. И добро е што го повторува ова, за еднаш за секогаш на колегите и на граѓаните да им се објасни дека еден дел од старото училиште во Боговиње е разрушено додека беа во Владата тие. Населението од Боговиња го излажаа и учениците ги оставија во една многу тешка состојба. Почнаа да градат еден објект кој од тогаш остана во прва фаза и јас во мојата дискусија по повод интерпелацијата спомнав дека средствата поделени за тоа училиште отидоа за едно друго училиште, во кое имало еден мал број ученици.

Исто така се спомна дека средствата поделени од "Телеком" се искористени за вооружување, значи додека беа тие на власт. Затоа, треба да внимаваат кога сакаат да зборуваат како доброчинители и тоа со нивни грешки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута реплика г. Матоши .

РУЖДИ МАТОШИ:

Колку сме направиле, сме направиле. Направивме еден кат или ги направивме подрумите, столбовите, но вие што сте направиле господине? Еве, една година помина, поминаа 400 дена во мир и ништо не успеавте да направите, што се однесува до училиштето во Боговиње. Вие треба да ја оправдате вашата работа што правите и каков пристап имате, што се однесува до буџетот. Што се однесува до вооружувањето, многу

добро се знае кој ги донесе хеликоптерите, кој се бореше со хеликоптерите и кој пукаше со хеликоптерите. Само толку, ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Исмет Рамадани, а нека се подготви пратеникот Талат Џафери.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги, почитуван министер,

Бидејќи минутите се ограничени, да ви кажам право во врска со делот на Министерството за економија, во рамките на партијата имам околуб седум страници текст со многу конкретни интервенции, со ставки, раздели, кои незнам ни како ги читаат економистите. Затоа, ќе видите и вие дека претставниците на ПДП немаат ниту амандмани за овој буџет заради фактот што сведоци сме веќе 12 години и 12 години на активен начин сум учествувал во дискусиите и воедно сум се убедил дека секогаш овде сме имале сиромашен буџет. Ова треба да го признаеме како вистина, нема што да се фалиме, затоа што сите тие што биле носители на владините коалиции на некој начин денес announcement неможат да констатираат дека тогаш биле подобри или овие денес се подобри, или некој некогаш бил подобар заради самиот факт што денес податоците покажуваат дека имаме 400 илјади невработени, податоците покажуваат дека министерот колку и да се обидува да направи еден буџет, на крајот мора да каже не ми се допаѓа структурата на саимот буџет како е изложена и неможе да даде некоја поголема надеж во однос на тоа што кажано со економски речник е ЈДП, затоа што предвидувањата се гледаат дека не се многу надлежни.

Затоа, од старт треба да признаеме дека изгледа во оваа држава, почнувајќи од лидери, премиери и од нас пратениците, сите не сме се одолжиле ниту со одговорност, но изгледа и со знаење заради самиот факт што и денес имаме многу рестриктивен буџет за многу прашања што го прават животот подобар и го зголемуваат животниот стандард.

Затоа, забелешките што се чисто професионални и стручни ќе ги дадам на министерот за финансии и ако тој види дека таму може нешто да измени или да направи

нешто, нека го направи тој самиот со интервенции и со амандмани кои можат да бидат дел од овој буџет или овој закон за буџет.

Во минутите што ми остануваат за дискусија не ми останува ништо друго освен да кажам дека ќе беше добро да се предвидеше во неколку министерства - посебно нагласувам оние со кои во текот на овие години не работеле министри албанци - застапувањето на албанците или на другите национални заедници на начин кој би бил барем за 5% поглем. Слободно ќе му се обратам на министерот за финансии, тоа треба прво да го направи во своето министерство.

Исто така, не е добро да даваме дефетистички прогнози до крај, затоа што ако се направи тоа - еве слушаме неокја изјава 60 или 100 години, и ова не е добро, затоа што и да сакаме и да не сакаме предвидувањата зборуваат дека динамиката во поглед на правичната застапеност на албанците во институциите на администрацијата, јавната администрација не е колку што треба и како што треба, а овој буџет тоа го покажува. Често пати сум размислувал дали оваа Македонија се одржува со овој буџет што овде го презентираме, или како што споменаа неколку дискутанти да нема некој друг буџет со црни фондови или можеби тие буџети повеќе не одржуваат како држава отколку овој буџет.

Во делот за образоваине и наука дека се предвидени нешто повеќе од 9 милијарди за образование. Значи никогаш не биле доволни или не се распределиле како што треба тие средства. Основното образование, средните училишта, студентскиот стандард се заникаде во споредба со многу други држави, а и со соседните. Затоа, секогаш сум предвидувал да се земат средства наменети  за декорирање на канцелариите, и нашите и на министрите, како и на многу други институции. А ние скршениот стол и клупа му ја даваме на користење на детето кое има 7,8 или 9 години, додека ние сме ги регулирале фотељите многу добро не само овде, туку во многу институции, што значи не се искористиле средствата или не се распределиле. Нема послаб стандард во градење и регулирање на училиштето одколку што има кај нас. Кога ги гледаме училиштата и од надвор и од внатре, тие се заникаде, посебно во руралните места.

Што се однесува на тетовскиот универзитето и законот што беше на дискусија , кој треба повторно да се дискутира, таму се спомнува износ од 2 милиони. Сега од приоритетните програми произлегува, како и од тие стратешките дека не се ниту тие 2 милиони евра. Сега се појавува износ од 86 милиони денари, кои не се 2 милиони евра.

Затоа мислам, односно ние мислиме дека треба да се земе од салтанатите, како што велат албанците и турците, кои се предвидени да бидат во буџет. Значи, подобро е да се стават таму каде што треба, односно да се земат тие средства и да се стават во делот што значи финансирање на стандардите и за регулирање на прашањата кои се катастрофални во училиштата и во образованието, меѓутоа, во оваа прилика и за универзитетот кој што треба да се основа.

Средствата од продажбата на “Телекомот” не фигурираат на ниедно место, средства кои ни се земени од водоводот на Арачиново, што не се малку туку 200 илјади евра. Земени се во 2001 година за купување оружје, а ни недостигаат. Сега не можеме до крај да ја реализираме програмата, а пред некој ден поставив прашање , се работи за програмата КАРДС, 500 илјади евра , неможеме да ја реализираме затоа што ги немаме и овие 200 илјади евра за да го финализираме тој проект, што значи повторно не се тука. Забележав дека тие средства ги нема во ребалансот, кои се наменети за водоводот во Арачиново и оваа работа се одолжи затоа што Владата многу помалку дава средства со години во буџетот, отколку невладините организации и странските организации што го помагаат ова.

Кризниот регион, како што велиме ние, општината Липково, Арачиново и многу други делови - не гледам инвестиции, не гледам многу средства во буџетот, според она колку сум знаел да го прочитам а сум консултирал и економисти, кои даваат надеж дека ќе имаме брза ревитализација во поглед на вработување или комплетно ревитализација на тој дел. Секогаш се потпираме саом на помошта што треба да дојде, средствата од конференцијата на донаторите во Брисел. Значи тие средства повеќе одат за регулирање на финансиските прашања во рамките на државата, така што сме во ситуација да нема многу надеж или воопшто нема надеж овој буџет како што е конципиран и како што се претставува. Нема надеж да се направи нешто повеќе во оваа

насока. Јас не велам дека не се предвиден средства за тоа, меѓутоа, како што се предвидени износите по министерства и како потоа се распределуваат, тоа не дава многу надеж.

Затоа, јас мислам дека сме изгубиле сега во Македонија, сме го изгубиле тој елемент и компонента на познавање на Македонија. Задолжително треба да имаме стратегија за развој на нешто во Македонија, нешто по кое би не познал нас некој, затоа што овде имаше добри дискусии за ситуацијата која ја имаме во земјоделството и друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Рамадани, завршивте со вашата дискусија.

Г-динот Блаже Стојановски има реплика три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Се надевам дека пратеникот ме слуша бидејќи дискутирав со заменик министерот.

Во неговото излагање јасно беше кажано дека тој има учествувано во донесувањето на 12 буџети, и тоа активно.

Истото тоа учество беше и во донесувањето на минатогодишниот буџет кој, како што знаеме сите, беше рстриктивен, годинава ист таков, а што може да се очеквуа за наредните години, не можам да претпсотавам затоа што ако тргнеме по таа инерција мислам само полошо може да не снајде. Зошто, се прашувам тогаш биле сите оние изборни лаги на владините коалициони партнери, а оваа година, според искажувањето на претходниот пратеник немало предвиденодоволно средства за албанците, за нивно ангажирање во министерствата. Дали со тоа мислите дека ќе се подобри економската положба на албанците и ме интересира дали тоа што со овој Предлог-буџет нема никаква поддршка за економијата, не се однесува и на албанците и на сите  етнички заедници во Република Македонија  , како што се однесува тоа на македонците. Затоа напоменувам дека невработеноста, сиромаштијата, економската депресија не можете да ја делите по етничка основа и ве молам, кога зборуваме за буџетот, немојте и во буџетот да делите

колку пари ќе се потрошат за која етничка заедница, затоа што на тој начин процентите во буџетот разделите, позициите, ќе биде многу тешко да се формираат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Рамадани, вие вашето право на една минута реплика ќе го искористите?

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Бонева, имате реплика?

СИЛВАНА БОНЕВА:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, имате три минути.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Сакам сосема на кратко да дообјаснам за состојбите во кои се наоѓа нашето образование, кој ги допре колегата Рамадани.

Сакам да кажам, она што го декларира Владата дека во образованието се залага за рационално трошење на средства, колку тие се трошат, дали се предвидуваат средства за нови столчиња од кои децата нема да добиваат скулијоза, дали ќе има соодветна опрема или пристапни рампи за децата во основното и средното образование, за да можат и децата со хендикеп односно со посебни потреби да влезат во училиштата, дали ќе има средства за достоинствена плата за наставниот кадар, за да не штрајкуваат. Оваа Влада, место сето тоа, народните пари ги троши на тој начин што ги дуплира работните места во образованието. Имаме дупли подрачни претставници во повеќе места во државата, еве ќе ги спомнам Кичево, Дебар, Гази Баба. Исто така има и дупли наставници, неангажирани наставници. Значи наместо рационално да се трошат средствата од Буџетот...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Бонева полимизирајте со ставовите на г-динот Рамадани.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Имам право да дообјаснам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немате право неговата дискусија да ја дообјаснувате. Само ако нешто погрешно кажал, полемизирајте.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Така не стои во Деловникот, г-дине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, завршете. Имате уште една минута.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Сакав да кажам дека Владата народните пари ги троши за дуплирање на вработените во образованието за да може потоа, оние што не се политички истомисленици со оваа власт, да можат да бидат најлесно отстранети како технолошки вишок.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има реплика од една минута г-динот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Назнам како да реплицирам. Јас со колешката не сум се договорил како ќе дискутирам јас, така што сега тоа што го кажува навистина е неразбирливо. Јас не разбирам дали е тоа реплика, дали дообјаснвуање. Навистина јас не ја авторизирав.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е само доказ дека треба сериозно да поработиме на Деловникот, да го исчистиме од вакви работи.

Госпоѓице Славица Грковска имате реплика?

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Да, реплика на госпоѓа Бонева.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не можете. Немате право.

Повелете г-дине Талат Џафери, имате збор.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам г-дине претседателе.

На самиот почеток сакам да нагласам дека моето согледување околу Предлог-буџетот за 2004 година не се однесува на анализа на бројките.

Ние во работата на матичната комисија ги кажавме нашите ставови околу проект буџетот за 2004 година. Во работата на комисиите предложивме и конкретни навлегувања, со кои, до колку овде мнозинството ги изгласа амандманите, непосредно ќе влијае врз подобрување на финансиската состојба на семејниот буџет на вработените албанци во соодветните минситерства, за кои се ронат солзи тука веќе два дена. Нашето третирање на ова прашање е практично решавање на проблемите кои излегуваат на површина.

Пошироко би сакал да се задржам на Буџетот на Министерството за одбрана и Буџетот на МВР и на крајот околу проектот на средствата од Телеком и нешто околу областа на образованието.

За граѓаните на Република Македонија не е добро да се спомнуваат бројки кои и не можат да ги паметат, но основно е да се каже што треба да се направи или што е нарпавено.

На пример во Министерството за одбрана кое за 2004 година, во проекцијата односно позиција има околу 6.700.000.000 денари, сума од која 70% се предвидуваат за потребите на Армијата на Република Македонија во рамките на кои, конкретно и практично е во фаза на завршување, завршување на професионалниот тренинг на над 200 албанци за подофицери и другите структури кои своите работни места ќе ги најдат во

соодветното минситерство. Јас не сакам да се задржам на процедурата од конкурирање до последната фаза за нивното вработување, толку колку што ми дава времето но и толку колку што е потребно за граѓаните. За ова најмногу зборуваат оние кои ги минаа сите претходни процедури, во текот на 2003 година, нормално, како процес и резултат на завршување на нивното увежбување, во 2004 година тие треба да започнат со работа. За нас не е толку значајно дали пишува дека средства има за нив или нема, но значајно е дали тие се вклучени во процесот на едукација и нивното професионално оспособување за работите кои ќе ги извршуваат во текто на 2004 година и натаму во Министерството за одбрана. Јас повторно ќе речам,не сакам да ги спомнувам бројките. Во многу случаеви сме зборуваел за тие бројки.

Она што исто така мора да се нагласив о тој правец, треба да се земе предвид Воената болница, со 390 милиони денари, во споредба со претходнит егодини, што има зголемвуање од над 100 милиони денари, каде што , повторно велам , тие што се ангажирани во Воената болница, во текто на 2002 година и натаму, подобро ќе може да зборуваат пред електоратот, што се случува и што е направено во текот на 2003 година.

Конкретни бројки во врска со ова прашање се:

Во Годишниот извештај за работата на ДУИ за 2003 година во сит еобласти ќе бидат дадени конкретни работи, што може да се искористи пред нашиот електорат.

Што се однесвуа до Министерството за внатрешни рбаоти, исто така и за тоа Министерство во вкупната бројка на Буџетот за 2004 година се предвидени над 6 милијарди денари да има во својот фонд, што исто така 5,5 милијарди денари се предвидени за професионалниот дел односно универмираниот дел во ова Министерство. Моментално колку што е познато, и последниот конкурс, освен претходните ангажирања направени во текот на 2002 и 2003 година, исто како што е направено и во Министерството за одбрана, едукативно за наставната процедура има време, направено е и моментално се даваат документи за 330 идни кандидати кои ќе бидат ангажирани во МВР односно во униформираниот дел.

Јас, во тој правец не сакам да продолжам, да ги анализирам сите позиции и раздели за опрема и други работи, ќе се задржам на делот од проектот, средства од

Телекомот, за што беше речено претходно односно беа спомнати неколку работи. Но, заради јавноста треба да кажам дека со оваа програма се вратени проектите на 79 училишта, проекти на 2 средни училишта, со над 20 милиони марки тогашни или сега 10 милиони евра. Или друг пример, Министерството за локална самоуправа, од 12 предвидени проекти, 5 проекти се предвидени за инвестиции во населени места со албанци. Јас само накратко ќе ги кажам. Тоа се: Прочистителна станица во Гостивар, водовод во Делогожда, фекалната канализација во Љубине-Општина Сарај, водовод во Рогле- Општина Желино, санирање на водоводна мрежа во Велешта-Струга.

Јас сакам да спомнам и некои работи кои се актуелни, во областа на образованието. Имено над 50 училишта кои 10 години се започнати со изградба, значи некои пред 10 години се започнат со изградба и останати така, продолжија нивните проекти. Ние знаеме што требало да се направи за да може да се решат само импликациите кои произлегуваат од спогодбите што се постигнати тогаш, за злоупотребите што човек не може да ги замисли. Не сакам повторно да зборувам ниту за еден конкретен проект. Електоратот тие кои најмногу го чувствуваат тоа, тие најдобро го знаат тоа и во овој правец. Ние во оваа сала тука, и како институција, и како избраници од народот, не им одговараме на опозицијата. Ние за нашиата работа за нашето ангажирање одговараме пред нашиот  електорат, оние кои гласаа за нас и кои не донесоа тука. Затоа , само пред нив се чувствуваме одговорни, а за другите работи, било каде , овде и на друго место ние можеме да разговараме со било кого.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Деловничка интервенција има госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас сакам да го прашам г-динот Талат Џафери, што му беше ова, реплика, процедурално или збор, затоа што пред тоа на говорниц аимаше некој настап. Незнам што му беше тоа на г-динот Џафери,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Џафери прв пат се јавува за дискусија. Значи ова му е дискусија.

Вие ако имате реплика, повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас затоа сакав да прашам дали му е збор, дали му е процедурално, или му е реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тој се јави за збор и не ги искористи своите 10 минути, колку што гледа.

Реплика има г-динот Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Сакам да му реплицирам на г-динот Талат и да му кажам дека бројките се многу значајни да ги знаеме и треба да ги спомнеме бидејки токму со бројките се манипулира. Малку претоа и г-динот минситер Поповски се обиде да манипулира, констатирајки дека албанците не го збогатуваат Буџетот, колку што земаат од уџетот. Затоа јас би го посоветувал добро да ги види бројките да види колку албанците го збогатуваат Буџетот, затоа што многу компоненти кажуваат дека албанците се големи создаватели на Буџетот. На тоа го упатуваат и елемнтите од ДДВ, тоа го кажуваат и други компоненти.

Практичен извор. Јас незнам кои можат да бидат практични извори што тој ги споменвуа, г-динот Талат. Конкретно ако се задржиме во образованието или во поделбата на Буџетот за високото образование, а ние никаде не гледаме дека има пари за високото образованеи, што значи дека тој манипулира со овој сегмент. Тој треба да биде многу практичен јасен, колку ќе одвои Буџетот за 2004 година за високото образование и зошто се манипулира, зошто високото образование за албанците е од секундарен карактер. Ако државата интервенирала да го имплементира Рамковниот договор и точката каде што се вели, граѓаните кои се над 20% во Република Македонија , државата гарантира високо образование. Затоа ние не сме за ваков вид на интервенции, со тековни позиции од Буџетот за високото образование на албанците, затоа што секогаш ќе има манипулации а и продолжуваат манипулациите во тој правец.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика од една минута за г-динот талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Ќе ја искористам минутата, г-дине претседателе и ќе одговорам само на едно прашање.

Каде се 500 иљади германски марки предвидени од Телекомот за водоводот во Чегране, предвидени 1.250.000 марки за 2001 година. Вие во 2002 година пуштивте многу малку средства. Каде се 250.000 германски марки од проектот за 79 училишта, за Основното училиште “Прпарими” во Форино, кои средства за 2002 година заминаа на друго место. Каде се средствата за водоводот во Тетово и т.н . Бројките ги знаат многу добро, ги знаат и прашањата. Јас ги знам навистина . Вака бројките како што се дадени не зборуваат ништо. Говорат проектите на соодветните минситерства, за она што е проектирано за 2004 година.

Благодарам.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитувани пратеници, Талат Џафери, наместо да се занимава со буџетот што е на дневен ред, тој се занимава со еден маркетинг. Ќе го потсетам што рече. Има многу пари во Министерството за одбрана, што е вистина. Значи тие пари треба да се дадат дека Македонија не треба да има јака војска. А се виде каква војска имаше во 2001 година. Но тие пари се даваат таму за да се пензионираат со Законот што го донесовме пред извесно време значи над илјада воени старешени предвремено да се пензионираат и знаат дека треба пари тие да се пензионираат и да им се плати стажот, под услов и да се намали бројот на воените старешини во Армијата.

Ја спомна Воената болница. Воената болница го носи ова име од бивша Југославија кога во Македонија, на Косово и во јужна Македонија многу војници се лекувале меѓутоа, оваа болница е исто како и Градската болница, како Кумановската болница и е под ингеренциите на Фондот, бидејќи од таму ги земаа средствата. Доколку тие сакаат да направат воена болница, тогаш нека не се мешаат во здравствениот фонд.

Исто така, тој рече дека во Министерството за одбрана има многу пари, што е вистина дека има многу пари, со цел Македонија да биде полициска држава, да се окружи општина Липково за да произведува многу деца и болни деца од психозите и траумите што ги врши полицијата односно македонската полиција. Еве веќе 4 месеци ова место е опколено. Тие знаеме дека земат големи плати затоа што се специјални единици. Ниедна работа тие единици не вршат. Најдобро е Талат Џафери да го намали буџетот во полицијата и војската, тој буџет да се намени во здравството, во социјалната свера, но и во образованието. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Талат Џафери имате една минута.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Како прво сакам да му кажам на колегата Фатмир, тој е лекар и да се занимава со статусот на медицината и слободно можам да му кажам дека нема никаква врска со статусот на воената болница. Тоа е институција во ингеренции на Министерството за одбрана тоа е едно, како прво. Во тој контекст зборувам за Воената болница колку луѓе се ангажирани албанци таму.

За другиот дел за кој што зборуваше околу полицијата и војската Фатмир ќе беше подобро да почне од Склупчане од каде што доаѓа да ги праша своите сограѓани за моето ангажирање и на ДУИ во областа на интегрирањето на албанците од таа страна и пошироко во структурите на армијата според мене, јас го користам тоа право како професионалец. Најдобра контрола е присуството.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Талат Џафери.

Реплика има господинот Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Благодарам господине претседател, жалам што и покрај овие недостатоци кој ги има овој буџет господинот Џафери една забелешка не му направи на самиот буџет но зборуваше на афирмативен начин на истиот кога првенствено што се однесува до

вработувањето многу добро се знаат вработувањата и акциониот план за вработувањето на оваа Влада дека за 2003 година треба да се вработат 2400 албанци. Колку се реализира овој план. Значи за буџетот од 2004 година треба да се предвиди вработувањето на овие 2400 албанци. Плус 2400 албанци за 2004 година. Бидејќи само на овој начин за 4 години колку што трае мандатот, така си земале за должност дека за еден мандат ќе се постигне бројката од 23%, која е сега 25% но во оваа насока нема никакви унапредувања, ниту се предвидени средства да се исполнат овие работни места со албанци според Рамковниот договор и уставните измени кои се извршија.

Што се однесува до двете средни училишта во Скопје и во Тетово е факт дека еве една година откога оваа гарнитура дојде на власт не е ставена ниту една цигла. Доколку некој манипулирал, органите нека се занимаваат со тоа, а не во име на тоа тие ученици или студенти, тие професори и понатаму да работат и да ги едуцираат учениците во многу тешки услови во основните училишта со три или четири смени. Но еден е фактот и беше јавен овие денови дека некој од Министерството или Владата или градителите на овие објекти ги има условено со разни провизии. Јас не знам колку е ова точно, но ова е една материја за Антикорупциската комисија и другите органи нека ја следат оваа работа, а работите околу изградбата на овие два објекти треба да продолжа и што побрзо да се изградат овие два објекта. Каде отишле парите во текот околу потребите на канализацијата и водоводот во 2002 година многу добро знаеме. Тие пари отидоа во војната. А кој е виновен за војната и што донесе војната многу добро знаеме и ова го знаат сите граѓани и нема потреба за понатамошен коментар за оваа работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Талат.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Многу кратко ќе одговорам. За прашањето на 2400 вработени на 25 имавме прашае до Владата и требаше да се постави тоа прашање за наводно незабелешките во однос на буџетот, мислам дека оваа работа Талат Џафери и пратениците од ДУИ ги направија тие забелешки во работата на комисиите и факт е дека во соодветните комисии, односно во

Комисијата за одбрана и безбедност два амандмана кои што ги поставивме ние како пратеници од ДУИ се прифатени како амандмани на Комисијата и што се однесува до училиштата господине Илјаз вие знаете добро дека за Никола Штејн над 500 илјади марки се дадени односно се пуштени на жиро сметката на фирмата која што ја презела работата, а за правните процедури кој што следат околу расчистување на оваа работа, мислам дека Парламентот не е мериторен за тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Никола Апостоловски. Нека се приготви г. Хисни Шаќири.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, почитуван заменик министер почитувани колеги. На денешната седница на Собранието на Република Македонија како точка на дневен ред го имаме еден од најважните документи за разгледување, кој со право предизвикува голем интерес како кај буџетските корисници, така и во пошироката јавност. Како ќе биде составен државниот буџет за наредната година, зависи од многу моменти и истиот треба да задоволи повеќе политички цели, а пред се, макроекономската, фискалната, развојната, социјалната и стабилизационата политика. Треба да ги задоволи и апетитите на одделни буџетски корисници кои секогаш се поголеми од реалните можности. Сега треба да се биде претпазлив и да се излезе во пресрет на барањата и потребите на буџетските корисници, со цел да не се нарушат нивните основни функции, а од друга страна да се исполнат условите што ги бараат строгите правила поставени од страна на ММФ и Светската банка, се со цел во иднина да можеме да ја добиеме нивната финансиска поддршка која и те како ни е потребна. Но да не должам, ќе бидам краток и јасен, односно ќе ја пренесам заложбата и загриженоста на граѓаните од регионот од кој доаѓам, а тоа е општината Делчево. Проблемот е во финансирањето односно завршување на браната, објект за водоснабдување на 80% од граѓаните на општина Делчево, а тоа не е мал број на граѓани, се работи за 16 илјади жители. СО завршување на овој објект се обезбедува вода за пиење на овие граѓани во наредните 25 години и се

прекинуваат сите редукции водоснабдувањето со вода кој веќе десетина години изнесуваат и по 8 месеци во годината. Само за потсетување почитувани колеги браната Рошана почна да се гради пред 5 години со финансиски средства обезбедени како донација од Република Кина - Тајван, па по прекинувањето на соработката со земјата донатор, Министерството за транспорт и врски ја презеде обврската и од октомври 2002 година склучи анекс кон договорите и ја презеде обврската за исплаќање на средствата за градба. Во 2003 година на браната ништо не се работеше, односно Министерството за транспорт и врски исплати средства на изведувачот во износ од милион и 200 илјади американски долари за работи кои беа извршени во 2001 година. Но за конкретно завршување на објектот се потребни уште 770 илјади долари и 40 милиони денари.

На моето пратеничко прашање, кое го поставив до Министерството за транспорт и врски во март оваа година бев изненаден од одговорот дека браната е завршена со градба и пуштена во употреба во август 2002 година. Точно е дека браната е свечено пуштена во употреба во август 2002 година и тоа од страна на тогашниот министер за транспор и врски, сега колегата Балковски и тогашниот министер за внатрешни работи и носител на листата за пратеници во изборната единица број 3 од ВМРО-ДПМНЕ почитуваниот колега Бошковски. Нормално браната свечено беше пуштена за политички цели како дела од нивната изборна кампања.

Почитувани колеги, морбидната сцена од свеченото пуштање на браната без капка вода...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за законите ве молам.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Што имаа можност да ја гледаат на државната и локалната телевизија граѓаните на Делчево сеуште ја паметат и истите сонуваат за вода за пиење и се прашуваат до кога политичарите безобзирно ќе ги лажат за да си ги остварат нивните цели. Нормално граѓаните од општината Делчево не дозволија да бидат излажани.

Почитувани колеги, дека ја зборувам вистината може да потврди оваа видео касета.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Апостоловски ве молам за буџетот да зборувате. Најдете ги парите каде што не се потрошени за таа примена.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Ова се фотографиите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе ви го земам зборот господине Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Затоа почитуван министер за финансии сакам да им одговорите на граѓаните на општина Делчево дали во 2004 година конечно ќе бидат обезбедени овие 40 милиона денари и браната Лошана ќе биде завршена со градбата, а граѓаните ќе пијат чиста и квалитетна вода и ќе немаат осум месечни редукции секоја година.

На моето дополнително пратеничко прашање добив ветување дека во 2004 година во буџетот ќе бидат обезбедени пари. Ова го барам од причини што многу од нас граѓаните го очекуваат.

Почитувани колеги, ако може претходната Влада, Владата на Љубчо Георгиевски само за 9 месеци во 2002 година да потроши 40 иљади евра за репрезентација, мислам дека оваа Влада може да обезбеди 40 милиона денари да се заврши браната.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

За буџетот зборувате или за браната зборувате.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Јас имам и амандман поднесено. На крајот сакам да се осврнам и на дискусиите на опозицијата околу Фондот за земјоделие за затворање на некои дупки и можам веднаш да им понудам решение. Како да имаме најбогат фонд за земјоделие, еве го решението.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Апостоловски ви го земам зборот. Ве молам напуштете ја говорницата.

За реплика се јавува господинот Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Господине Апостоловски браната Лошана е изградена и таа треба да биде гордост како што е и на граѓаните од Делчево и на цела Република, затоа што е најмодерно изградена брана, што ја изгради градежното претпријатие Гранит. Бидејќи сте вие од Делчево, таа треба да претставува и ваша гордост.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута имате контра реплика.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Има документ за се. Пратеничко прашае поставено на 27.03.2003 година. Браната е заваршена со градба и пуштена во август 2002 година. Одговор на Министерството за транспорт и врски. Нема вода луѓе. Вода нема. А браната е пуштена.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се јавува за збор госпоѓа Теута Арифи, процедурално.

ТЕУТА АРИФИ:

Почитуван претседателе, парламентарната група на ДУИ има барање до Вас. Ние бараме половина час пауза за внатрешни партиски консултации. Затоа бараме од вас 30 минути пауза да ни дадете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза од половина час.

(Пауза од 20,40 часот).

(Пауза од 20,45 до 21,25 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам да влезете во салата, продолжуваме со работа.

За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Колегата Апостолов во својата дискусија меѓу другото кажа до кога политичарите ќе ги лажат граѓаните на Делчево дека ќе имаат вода. Би сакала да го потсетам колегата дека и тој е политичар и тоа политичар од коалицијата што е на власт повеќе од една

година, па тој требало да се потруди во рамките на неговата коалиција да направи се граѓаните на Делчево да добијат вода, бидејќи претходната власт направила услови, направила брана, а тој најдобро треба да знае што уште недостасува за тие да добијат квалитетна вода. Наместо тоа тој постојано, како многу пати до сега, само се занимава со претходната власт наместо да се погледне што тој самиот како власт им понудил на граѓаните на Делчево односно кои нивни проблеми тој решил.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Никола Апостоловски, една минута.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Како прво на колешката да и укажам дека сум Апостоловски, а не Апостолов.

Втора работа, јас се борам, избран сум од граѓаните на Делчево да ги застапувам нивните интереси и ги застапувам. Затоа се борам да ги обезбедам 770 иљади долари или 40 милиони денари од Буџетот да се заврши браната.

Ја повикувам ценетата колешка да ја види таа морбидна касета како се пушта брана без капка вода. Исто така, можам да ја поканам, а се наближуваат Водици, па да се избањаат во браната.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во што е прекршена процедурата?

(Пратеникот Љупчо Балковски бурно реагира, сакајќи да му одговори на пратеникот Апостоловски).

Се извинувам, тоа можете надвор заедно да поразговарате.

Повелете господине Хисни Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници, господине министер и заменик министер, бидејќи дебатираме за едно многу значајно прашање од кое зависи развојот на државата.

Јас мислам дека имаме навистина многу сериозна одговорност со самиот факт дека буџетот е основа од каде стартува секој развој на оваа држава. Сега, од професионален аспект беше кажано се, пратениците дадоа неколку забелешки, но имам впечаток на самиот почеток дека многу повеќе е дискутирано од аспект горе долу непрофесионален од самиот факт дека најголем број на оние кои учествуваа во дебатата не дадоа некоја јасна визија за сето она што се случува околу економскиот развој на оваа држава.

Сакале или не треба да се задржиме на развојната политика и кога ја имаме предвид развојната политика која зависи од Буџетот, колку и да е, основата ќе ја има токму во Предлог-буџетот. На оваа точка требаше да излеземе со конкретни предлози. Ние сме свесни дека буџетот како маса која се однесува до средства, со трошоците во текот на годината го контролира ММФ и Светската банка. Тоа е факт кој сите го знаеме, но дискусиите кои се однесуваат на ова прашање повеќе беа од друг карактер, но немаше расплoжение во рамките на Владата, не станува збор со никаква реалност. Јас гледам дека многу малку имаме разлики кои се однесуваат до масата на паричните средства во однос на буџетите од минатите години.

Со самиот факт дека нашата економија е таа што е и кога го знаеме фактот дека извозот е основниот факт, колку имаме извоз во оваа држава, знаеме дека се соочуваме со сериозни проблеми во оваа насока, ни се јавуваат проблеми околу технолошкиот вишок што и самата влада како влада и ние како граѓани на оваа држава не го посакуваме тоа, но ситуацијата е таа што ни се импонира.

Јас ќе се задржам повеќе кај развојната политика и ќе кажам неколку збора особено за земјоделието што е основа на развојот на оваа држава, основа на секое стопанство, на секоја економија. Треба да се задржиме сите во оваа насока и сите капацитети што ги имаме, поседуваме експерти, но треба и да се движиме во рамките на нашите можности и да се задржиме таму каде можеме да направиме некое движење барем малку. Го имам предвид фактот дека земјоделието како дел од стопанството треба да го има своето мериторно место, бидејќи ние сме држава во моменто сиромашна и не поседуваме големи сили да инвестираме во индустријата и да имаме претензии во краток период да го постигнеме тоа што го постигнале другите држави и во оваа насока можеме да имаме конкретни чекори, Владата тоа треба да го има во предвид и со силите што ги поседуваме да направиме барем мал чекор за раздвижување во земјоделието, бидејќи тука инвестициите се најмали и мислам дека чекорите што треба да ги преземеме токму во овој дел од економијата, стопанството.

Што се однесува до другите инвестиции кои треба да се направат, добро е повторно Владата да има предвид инвестиции во малиот бизнис. Тука гледаме еден посебен сектор што не бара толку големи инвстиции како што бараат дилгорочни проекти од развојната политика.

Друго прашање што е приоритетно во Република Македонија е развојот на инфраструктурата услов за странски инвестиции. Ова е едно прашање кое привлекува внимание и покажува сериозност на нашата развојна политика доколку се држиме на овие прашања кои се многу значајни и по сето она што можеме да се приближиме кон подобра иднина.

Сите сме свесни дека Владата во овој период покажа рационализација што се однесува до трошоците. Тоа значи дека во оваа насока сите сме сведоци на ова време и направена е голема рационализација на средства што се предвидени за трошоци, но тоа не е доволно за да се соочиме со кризата што ја имаме во државата. Треба да преземеме конкретни чекори и да се задржиме на либерализацијата на царинската политика, тоа е прашање кое има товар кај странскиот фактор кој привлекува внимание и имаме поголем број на инвестиции.

Сакам да кажам дека Владата во иднина треба да има појасен приод да одиме со конкретни проекти, имаме акционен план кој предвидува во рамките на развојната политика многу прашања, но треба да се вклучат и овие проблеми кои ги тангираат интересите на населението во Македонија.

Да не должам многу беа спомнати многу прашања, но имам впечаток дека без да се знаат околностите, бидејќи самата маса на буџетот е еден круг каде ние бездруго треба да ги направиме нашите чекори и излегувањето од овој круг не е можно во овие услови. Ова е пракса во секоја држава и во нашата и не приморува да се придржуваме кон овие принципи и во овие услови сите ние во иднина да ги покренеме овие прашања за кои мислиме дека се проблеми од кои треба да стартуваме и да изградиме развојна стратегија на државата со сите сили и тие од опозицијата и тие од позицијата, тоа е општ интерес. Ви благодарам и мислам дека во оваа насока треба да се движиме и да ги

водиме нашите дебати кои за мене се дебати кои ќе придонесат во разрешување на проблемите.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Како последен дискутант, се надевам, е господинот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, претставници на Владата,

Во мојата куса дискусија решив да се определам да зборувам за буџетот како ќе се одрази врз финансирањето на културата како значаен сегмент од нашиот општествен развој.

Цивилизациска обврска на секоја држава е да го дефинира својот творечки простор. Уште поважно е институциите што ќе бидат израз на таа дефиниција да можат нормално да функционираат во државата.

Сведоци сме дека во културата реформите во нашата земја одат забавено. Меѓутоа, по донесувањето на Законот за култура, а и по стратегијата за култура поточно националната програма за култура, која се наоѓа во финална фаза на расправа потемелно ќе бидат дефинирани темелните вредности од културата. Се разбира предизвик е за предлагачот на буџетот да ги има овие сознанија и да може квалитетно да ги покрие дејностите од сферата на културата.

Она што може да се констатира во моментот е дека под капата на Министерството за култура или под буџетот се наоѓаат вкупно 115 институции. Националната програма за култура како стратегија во културата најавува рационализација поточно децентрализација во сферата на културата со што од 2400 вработени во културата 600 ќе останат да се финансираат од Министерството за култура, а другите ќе отидат на финансирање под локалната самоуправа со тоа што државата не се откажува се додека не биде остварена трансформацијата што значи културните работници не треба да стравуваат за тоа дека нема да бидат финансирани институциите за култура кои ќе поминат под локално ниво затоа што ќе има еден преоден период.

Буџетот за култура годинава е позициониран на 1милијарда и 300 милиони денари што значи за 2% благо зголемување на средствата за култура за потребите на културата во однос на минатогодишен буџет.

Иако може да се претпостави дека е ова рестриктивен буџет сепак еден благ пораст од 2% со најавена рационализација може да одржи еден одржлив развој на културата во Република Македонија и да може слободно да функционираат институциите во културата и субјектите во културата.

Во ставките од културата, а тоа беше критикувано од опозицијата, има едн мало намалување на средства кај библиотекарството и кај други дејности, меѓутоа, има квалитетно зголемување на средства за сценско-музичката дејност, ликовната и музејската дејност со забелешка дека заштитата на спомениците на културата во претходните години беше издигната над другите дејности во сферата на финансирањето.

Она што заслужува внимание што ставката која ја воведовме минатата година, за финансирање на млади таленти останува и оваа година со истата вредност што значи оваа држава покажува интерес за младите таленти, а тоа прв пат го направивме минатата година.

Навидум, намалувањето на ставките во сферата на културата е само привидно затоа што се извлекува квалитетно нова позиција, а тоа е организација од областа на културата односно невладини организации кои за прв пат добиваат од функционирањето на оваа држава 10 милиони денари што значи невладините организации стануваат партнер на Владата. Знаејќи го нивниот потенцијал институциите за културата добиваат конкуретнт и значаен субјект, што значи позитивно ќе се одрази врз квалитетот на културното живеење во Република Македонија.

Ако се има во предвид дека во буџетот се смета и на самофинансирачки активности, финансирање од приходи на други органи, културата добива многу повеќе, тоа е 1.546.000.000 денари, што не е мал.

Она што посебно сакам да го потенцирам оваа држава за прв пат во последните години прави конкретни чекори. Тоа го кажав во реплика вчерашниот ден, сега сакам да го повторам што градот Велес кој ја задолжи македонската култура, македонската

духовна и културна архитектоника добива заслужен културен центар кој ќе го гради државата оваа година, се завршува еден амбициозен проект, а тоа е кровниот дел на МНТ и значајниот проект Драмски театар конечно се завршува оваа година. Тоа не е малку, што значи одвојуваме капитални средства во културата и плус 18 милиони денари за реконструкција на објектите на културата.

Она што посебно сакам да го кажам, а не го гледам овде во буџетот тоа е фолклорот. Фолклорот е израз на нашата културна традиција, израз на нашата цивилизациска обврска за дефинирање на сопствениот творечки простор, автентична културна легитимација на нашата земја и во фолклорните ансамбли се опфатени повеќе од 2500 членови.

Замолувам Министерството за култура особено оние ансамбли кои се во прва категорија аматерск ансамбли дотолку повеќе што фолклорот е издигнат на ниво на државна должност во соседните земји да му се обрне поголемо внимание на фолклорот за да може фолклорната традиција да ја сочуваме што значи не барам посебна позиција на средства, туку Министерството за култура преку проекти да им даде шанса на фолклорните ансамбли да можат да ја остваруваат својата дејност, а знаеме што значи во оваа ситуација кога немаме конкретна програма за ангажирање на младите што значи 2500 млади луѓе да можат да ги изразуваат своите креативни способности.

Уште еден значаен сегмент, сакам да кажам дека имаше едно отворено прашање поставено на Комисијата за култура, а тоа е како буџетот ќе кореспондира со новата национална програма за култура.

Мислам дека одговорот е позитивен затоа што од аспект на тоа дека нема поголеми фискални поместувања во институциите на културата овој однос ќе се остварува на задоволително ниво што значи буџетот ќе кореспондира со новата национална програма за култура.

За да се остварат програмските активности во сферата на културата е потребно одговорно и рационално трошење на средства. Тоа веќе го реков.

Значаен сегмент на Предлог-националната програма за култура е културниот туризам кој кореспондира со културната традиција и нејзината афирмација ни отвора и можности во повеќе сфери апсолвирајќи го прашањето за интегрална грижа на Министерството за култура, потоа Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и екологија и локалните

самоуправа. Затоа што културниот туризам, барем според дефиниција, треба да биде шанса за локалниот економски развој.

Мислам дека овие министерства во рамките на своите можности во Буџетот, треба да предвидат средства, за да може оваа определба да заживее и конкретно во стварноста, со оглед на тоа дека имавме и неколку пилот општини, кои веќе работеа на оваа програма.

Позитивните европски искуства културниот европски туризам го потврдуваат како значаен сегмент во развојот на локалната економија и искуства и ние треба да ги прифатиме.

На крајот, сакам да кажам, кога сето ќе се резимира, нормално е ние од Комисијата за култура да побараме повеќе средства, особено за значајните настани, а тоа е шест години од македонската државност, за што се зложивме и во опозицијата на Комисијата за култура и очекуваме тој амандман да биде позитивно третиран од Владата.

Што се однесува до квантумот на средства што ќе ги добива културата, мислам дека културата е пред нов предизвик и понатаму да ги користи и другите можности, кои не смеат да се заборавaат, а тоа треба да ги поттикнува и министерството, тоа е спонзорството, фондациите, странските фондации, кои штедро инвестираат особено во културниот туризам. Сето тоа кога ќе се собере со овие средства, мислам дека имаме одржлив културен развој во 2004 година. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Силвана Бонева има реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Се надевам дека колегата како член на Комисијата за култура ќе се согласи со мене, бидејќи кажа дека треба да побараме повеќе пари од Министерството за култура, јас се согласувам со тоа и мислам дека тој ќе се согласи дека намалувањето на средствата во издавачката дејност не одат во прилог на поддршката на значајни

издавачки проекти во државата, како што се голем број наслови од светската класа, од современата светска и домашна култура, мултимедијални проекти и електронското издаваштво. Меѓутоа, исто така сметам дека треба да има повеќе пари, не да се намалува, туку да се зголемат средствата во издавачката дејност, заради стимулирање и на издавачката дејност на лицата односно издавачка дејност соодветна на потребите на лицата со посебни потреби, значи, на лицата со хендикеп. Исто, би кажала дека и во библиотечната дејност, наместо да се намалат, би требало да се зголемат средствата, бидејќи зголемувањето на библиотечниот материјал и заштитата на книжниот фонд, понатаму до опремувањето на библиотеките, посебно на Народната универзитетска библиотека и градењето на еден интегрален автоматизиран библиотечно информациски систем е навистина нужно да се спроведе во Република Македонија. Овде, повторно би спомнала, да се создаде библиотечен фонд соодветен на потребите на лицата со хендикеп.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Почитувани пратеници сега е 21,47 минути, значи пред 22 часот завршивме. Продолжуваме со амандманската расправа утре во 12 часот, а во 11 часот ги молам сите координатори или нивните заменици, ако не се координаторите присутни во Охридската сала да имаме координација.

Повелете господине Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, ако може за утре да ни се достави списокот на амандмани и тоа пред седницата, кој што треба тука да се прочита, за да би го имале ние, да не губиме време при читање, како што секогаш се прави кога имаме амандмани. Бидејќи, се многу мислам дека час и повеќе ќе изгубиме додека се прочитаат сите тие.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, би ве замолил, бидејќи повеќето пратеници ќе останат вечерва овде, ако може седницата да почне во 11 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Утре во 11 часот, во нормално време ќе започне седницата,  а во 10 часот имаме координација со претседателството, со координаторите на пратеничките групи.

Седницата прекина со работа во 21,50 минути).